**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“- СКОПЈЕ**

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

**ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР**

ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ОД ОБЛАСТА НА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ

МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ТЕМА:

# ГЕОПОЛИТИЧКИ ИМПЛИКАЦИИ ОД АРАПСКАТА ПРОЛЕТ ВРЗ ЕГИПЕТ

Кандидат Ментор

Константин Бешлиовски, број на индекс 5027/16 Проф. д-р Тони Милески

Скопје, 2020 година

## Апстракт

Дестабилизацијата на општеството и придобивањето држави и народи под своја закрила и за свој личен интерес се можеби несвојствени работи за европскиот континент и се за некого чудни. Но, во светот од другата страна на Медитеранот ова е секојдневие. Демократијата е дискутабилна, а не се ни стреми кон неа. Во жешките екваторски предели, каде што доминираат пустини, голем дел од населението нема основни услови за живеење. Дел од причинителите се лошите владеења, а друг дел е геополитичката положба на земјите од тој регион.

Тука се издвојува Египет како земја со многу поразлична местоположба, многу поголем потенцијал, многу поголеми димензии на светската карта од своето соседство и пошироко опкружување, со можност да стане значајна алка во политичкиот свет, гледано од страна на нејзината геополитичка положба и демографски карактеристики.

Посебноста се покажува во решителноста на народот да направи промени и да ја крене свеста на повисок степен и да се внесе во борба против „вечните“ претседатели и нивните недемократски избрани наследници.

Како главни протагонисти, граѓаните на Египет во Арапската пролет, која зеде замав во цел овој регион, покажаа и докажаа дека има надеж за демократијата во регионот и дека сите богатства кои ги поседуваат можат да ги претворат од изолирано општество во нов потенцијален геополитички лидер на Африка.

Заканите и последиците од нова дестабилизација можат да влијаат негативно на поширокиот регион, а ниту Балканот нема да остане заобиколен од бегалските рути предизвикани од потенцијални нови немири. Затоа во интерес на сите е стабилен Египет кој цели кон демократско општество и користење на бенефитот од своите физичко-географски карактеристики.


Клучни зборови: геополитичка положба, физичко-географски карактеристики, Арапска пролет, демографски карактеристики, бегалска криза.

# СОДРЖИНА:

**ВОВЕД.........................................................................................................................5**
1. Дефинирање на проблемот и основните поими.......................................................................7
2.Релевантни истражувања..........................................................................................................8
3.Предмет на истражување.........................................................................................................10
4.Цел и карактер на истражувањето..........................................................................................12
5.Задачи на истражувањето........................................................................................................13
6.Истражувачки прашања ..........................................................................................................14
7. Методи,техники и инструменти на истражување..................................................................15
8. Анализа и интерпретација на податоците..............................................................................15
9.Организација и тек на истражувањето....................................................................................15

**ГЛАВА I :Поставеност на Египет во рамки на регионалниот контекст...........................................16**
1.1 Формално име и општи карактеристики.................................................................................16
1.2 Локација.....................................................................................................................................17
1.3 Површина и население.............................................................................................................18
1.4 Административната поделба на Египет..................................................................................20
1.5 Демографски трендови и капацитет на Египет.......................................................................21
1.6 Економија (буџет, индустрија)..................................................................................................23
1.7 Еколошки фактори....................................................................................................................27
1.8 Членство во сојузи.....................................................................................................................29

**ГЛАВА II: Геополитички комплекс.........................................................................................................31**
2.1 Геополитички силни страни, можности, ограничувања и ранливост на Египет...........................31
2.2 Силни страни...............................................................................................................................31
2.3 Ранливости и ограничувања.......................................................................................................33
2.4 Можности и предизвици.............................................................................................................35
2.5 Односите на Египет со блиското опкружување – Судан ...........................................................36
    2.5.1 Договорот за реката Нил.......................................................................................................37
    2.5.2 Историја на меѓусебните односи..........................................................................................39
    2.5.3 Територијален спор...............................................................................................................43
2.6 Односите на Египет со блиското опкружување - Израел............................................................43
2.7 Односот на Египет со Хамас и Појасот Газа.................................................................................47
    2.7.1 Историја на меѓусебните односи..........................................................................................49
    2.7.2 Хамас и Египет по падот на Мубарак....................................................................................52
2.8 Односот на Египет со блиското опкружување - Либија................................................................55

**ГЛАВА III : Египет за време на Арапската пролет................................................................................58**
3.1 Почетокот на Арапска пролет........................................................................................................58
3.2 Почетокот на Арапската пролет во Египет....................................................................................59
3.3 Улогата на социјалните мрежи во процесот на Арапска пролет..................................................61
3.4 Улогата на војската во Египет.........................................................................................................62
3.5 Периодот на владеење на Врховниот совет на вооружени сили SCAF..........................................64
    3.5.1 Геополитички импликации од владеењето на SCAF..................................................................68
3.6 Првите демократски претседателски избори во Египет...................................................................75
3.7 Египет за време на владеењето на Мохамед Морси (МБ)................................................................76
    3.7.1 Муслиманско братство................................................................................................................80

3.7.2 Муслиманско братство за време на Арапска пролет......82
3.7.3 Геополитички импликации од владеењето на Морси......85
3.8 Крај на египетската криза - Ел Сиси......89
3.8.1 Геополитички импликации - периодот по Арапската пролет......92
3.9 Анализа на мигрантските текови предизвикани од Арапската пролет......100
3.9.1.Египет во услови на криза и влијанието во дијаспората......100
3.9.2.Реакција на соседството кон мигрантскиот потенцијал......106

**ЗАКЛУЧОК......108**
**БИБЛИОГРАФИЈА......111**

# Вовед

Воспоставувањето нормален систем за функционирање на општеството е вистински предизвик за одредени региони од светот. Здрави темели на демократијата, кои се засноваат на почитување на законите и владеење на правото, почитување на човековите права и уставот, како највисок правен акт, се почеток и најважна компонента за напредок на државите.

Диктатурата, режимот и угнетувањето на народот се сè уште (или барем беа) својствена ситуација и секојдневие за многу земји од арапскиот и азискиот предел, каде монархиските владетели сè уште умеат да се осмелат и да воспостават неограничени овластувања – за себе.

Арапската пролет, како вид на демонстрации со различен интензитет во различни држави и со различен карактер, успеа да направи мали поместувања и да прати порака до раководствата на државите дека не можат да ја злоупотребуваат државата во свои цели и дека треба да ги остават граѓаните лично да изберат кој ќе биде лидер. Таа порака беше особено изразена во Египет, кој претставува пример за успешност на демонстрациите со смена на два претседатела: еден по три децении владеење - Мубарак, додека Морси - првиот демократски избран претседател, беше сменет по една година.

Самата демографска поставеност на регионот на Африка и Азија го прави мошне интересен и тежок за владеење и важи за регион кој има потреба од развиток и напредок за да се доведат државите до стабилен политички систем како гарант за подобар живот во овој дел од светот.

Кризата со која се соочи Египет остави последици и сега доаѓа делот во кој следува поправање на состојбите, но со себе донесе и надеж за успешно воспоставување на демократскиот процес. Со големиот геополитички потенцијал кој го поседува, прашањето е какви геополитички импликации донесе Арапската пролет за Египет?

Во овој труд ќе бидат опфатени сите карактеристики кои Египет ги поседува од гледиште на геополитичка положба, демографски и физичко-географски

карактеристики, начинот на кој тие можат да влијаат и потенцијалот кој го носат со себе.

Тука е и регионалната воспоставеност и поглед на соседството кое го носи со себе односот Израел - Хамас, односот со Саудиска Арабија како главен актер во непосредниот регион, погледите на Америка, Русија за Египет и пречките кои ги прават радикалните политички организации предводени од Муслиманското братство.

Геополитичките карактеристики се мошне важни како за самата држава така и за регионот и стабилноста на државите во тој регион, за растот и развојот на државата, како и за блиската околина. Иако навидум е далеку, за европскиот континент е важна стабилноста на арапско-азискиот регион и геополитичката поставеност на државите, бидејќи е на постојан удар од тамошните кризни состојби. Дестабилизација на Египет би можела да биде причинител за нова бегалска криза со која би бил опфатен Балканскиот Полуостров и Р. Македонија.

## 1. Дефинирање на проблемот и основните поими

Истражувањето на геополитичките импликации од Арапската пролет врз Египет се состои од неколку клучни поими. Како основни поими ги означуваме: геополитика, физичко-географски карактеристики, Арапска пролет, демонстрации, демократизација, геополитички импликации, бегалска криза. Геополитиката и геополитичката положба на државите во светот се едни од најважните компоненти кои треба да ги осознаат една за друга. Геополитиката ги проучува општествените, економските, политичките и демографските карактеристики на една држава. Како таква е мошне важен елемент во стратешките цели на државите. Главна дефиниција на геополитиката, која доминирала подолго време, е дека таа претставува концепција која ја објаснува политиката на државата преку природно-географските услови, географската положба и расните разлики на населението. Важен сегмент на истражувањето ќе биде утврдување, испитување и идентификација на поврзаноста на одредени политички појави и процеси во релација со физичко-географските карактеристики. Предметот на проучување на геополитиката се состои од три тематски содржини и тоа: државата и нејзините структурни елементи; населението од аспект на демографска, расна, етничка, социјална и професионална структура; територијата или физичкиот простор пополнет со природни и антропогени појави (настанати под влијание на човекот). Тука треба да се спомене дека е многу тесна поврзаноста на геополитиката и геостратегијата, која како продолжеток ги користи анализите од геополитичките фактори со цел воена контрола на просторот.

Како најзначајни физичко-географски карактеристики тука ќе се споменат водениот капацитет на Египет преку реката Нил, северната граница со Средоземното Море, простирањето на Синајскиот Полустров, контролата на Суецкиот Канал, источната граница со Израел и Газа и близината на земјите од Заливот, пред сѐ Саудиска Арабија. Демографската и религиозната поставеност на Египет и опкружувањето преку разликите и сличностите со соседството, поради релациите и односите во текот на Арапската пролет и по нејзиното завршување, како и поради присуството на Муслиманското братство кое дејствува политички и

е застапено во повеќе држави и е потенцијален извор на конфликт поради својата радикална природа. Борбата со тероризмот, како и во останатиот дел од светот, е важна и за Египет и затоа го споменуваме опкружувањето.

Арапска пролет е низа на демонстрации и протести со различен интензитет во дел од арапските земји како Тунис, Египет, Алжир, Јемен и Јордан. Како што напоменав, поради различниот пристап и интензитет, во некои држави протестите се претвораат во востанија и револуции и се карактеризираат со нереди, граѓанска непослушност и саможртвување. Почетоците се на крајот на 2010 година, поточно на 18 декември во Тунис. Целта на Арапската пролет или „будење на арапскиот народ" е иста во сите државите во кои се одвива, а тоа е револт кон тоталитарните владари кои владеат со децении, борба за почитување на човековите права и демократизација на државата. Под демократизација подразбираме владеење на правото, слободни и праведни избори, владеење на мнозинството, сувереност на народот, гаранција за основни човекови права, уставни ограничувања на власта, политички плурализам и почитување на правата на малцинствата. Во случајот на Египет, Арапската пролет се карактеризира со големи општествени промени преку национални протести и востанија, над 300 жртви, смена на два претседатела - Хисни Мубарак и Мохамед Морси, кој е воедно и прв демократски избран претседател во историјата.

Времетраењето на Арапската пролет во Египет е од 25 јануари 2011 г., почетокот на првите демонстрации, до преземањето на власта на сегашниот претседател Абедел Фатах ел Сиси на 8 јуни 2014 година, преку вторите демократски избори во историјата на Египет. Во овој период на египетската криза се случуваат сите оние процеси и дејства кои ќе бидат обработени во трудот, како и последиците по нивното завршување и геополитичките импликации коишто ги носат за денешен Египет.

## 2. Релевантни истражувања

Како релевантни истражувања ги земаме текстовите од неколку автори, како и новинарски публикувани текстови поврзани со Арапската пролет, кои се објавени директно од светски познатите агенции и медиуми како The Guardian,

New York Times, Al Jazeera, Reuters, чии репортери преку слики и текстови се главни известувачи за кризата и за Арапската пролет во Египет од каде се воочуваат секојдневните промени и дејства на населението. Махмуд Карем е забележителен политичар и амбасадор на Египет во повеќе држави, како и претставник на Египет во повеќе меѓународни организации, последно како претставник во НАТО до 2010 година и е еден од релевантните фактори кој има и многу свои пишани текстови. Тој во својот дел во книгата издадена од НАТО фондацијата Defense College, насловена Arab geopolitics in turmoil (Арапската геополитика и превирањата) детално го објаснува процесот и последиците на Арапската пролет во Египет, зборува за проблемите со Муслиманското братство како сопирачка во развојот на државата, како и за погледите на меѓународниот фактор кон реформите во Египет и помошта која е неопходна. Во делот насловен како „Градење политички консензус и социјален развој - Египет" споменува неколку чекори за повторно воспоставување стабилен систем. Тоа е конституирање на парламентот, гледано од страна на демократскиот процес, справување со политичкиот ислам и можност да се развие активност во политичкиот живот во Египет, потоа пишува за новата празна табла за пишување на демократијата во регионот, што произлегува како можност од Арапската пролет, борбата против тероризмот на сите фронтови, како и потребите од меѓународниот фактор во Египет. Во делот за Арапската пролет, дел од истражувањата се преземени од Stratfor, каде се објаснува процесот на премин на Египет од стабилност до превирања. Во International Crisis Group Египет е споменат во врска со потребата од помош од страна на Европската Унија во економската реформа на државата по завршувањето на Арапската пролет и стратегијата за поставување на разурнатиот политички систем во државата.

Во делот на геополитиката и физичко-географските карактеристики и капацитети на Египет се користат истражувања од OCP Policy Center, кој е директно во соработка со Светска банка и Меѓународен монетарен фонд, каде Abdelhak Bassouko, кој е експерт во полето на геополитика и меѓународни односи, ги претставува силните страни, можностите, ограничувањата и ранливоста на геополитичката положба на Египет. Истражувањата и пишувањата на Кисинџер

поврзани со Суецката криза, како дел од историски значајните геополитички настани за египетската држава исто така ги вклучуваме во истражувањето. Тука е и делот во кој Египет е претставен како клуч во новата регионална политика во книгата на Шпанскиот институт за стратегиски студии од Министерството за одбрана на Шпанија со наслов „Геополитички преглед на конфликти 2015“. Тука се зборува за периодот на пост-конфликтот во Египет, улогата на Муслиманско братство како константен извор на конфликти, историјата и улогата на Гамал Абдел Насер, неговото значење за денешен Египет и геополитичките фактори, улогата на војската во општеството, тероризмот во Египет, особено на делот на Синајскиот Полуостров, како и за вниманието на светските велесили и регионалното опкружување на Египет. Во истражувањето се користат и речници од познати универзитети како Cambridge со цел јасно дефинирање на одредени поими, како и користење на дела од домашни автори поврзани со геополитиката, „Политичка географија“ од професор Д-р Тони Милески и „Нарушување на националната безбедност“ од професор Д-р Митко Котовчевски.

### 3. Предмет на истражување

Како предмет на истражување во овој труд ќе се земе состојбата на Египет по периодот на силни превирања и последиците или геополитичките импликации од тие превирања претставени преку Арапската пролет. Под геополитички импликации подразбираме процеси и дејства кои се резултат на Револуцијата и Арапската пролет и влијаат врз геополитичките фактори на Египет, на тоа какви се погледите на меѓународната заедница, светските сили на опкружувањето и соседството по Револуцијата и кои се потенцијалите на Египет за воспоставување мир на својата територија. Како важен сегмент за поширокиот регион, вклучувајќи го и Балканскиот Полуостров, можни се влијанија од дестабилизација во регионот на Египет. Можноста од нова бегалска криза со мигранти кои пребегуваат преку Средоземното Море и ја користат рутата преку Балканскиот Полуостров се потенцијална закана по безбедноста на овој регион и затоа е во интерес стабилизација на состојбата.

*Дефинирање на клучни поими:*

**Геополитика** е наука од редот на општествените научни дисциплини која се занимава со проучување на општествените, економските, демографските и политички процеси на државите, како единки зависни и распоредени во единствениот географски простор. Главна дефиниција на геополитиката е дека таа претставува концепција која ја објаснува политиката на државата преку природно-географските услови, географската положба и расните разлики на населението.

**Геополитичка положба** претставува збир на физичко-географски и општествено-географски карактеристики на една држава во кои е вклучено и влијанието на државата кое го има во регионот и светот, поврзано со економскиот, воениот и политичкиот капацитет кој таа го поседува. Со збир на сите фактори може да се одреди каква е геополитичката положба на одредена држава во светот или регионот во кој се наоѓа.

**Арапска пролет:** серија на антивладини демонстрации, протести, востанија и вооружени бунтови кои се шират низ Блискиот Исток на почетокот на 2011 година. Терминот „Арапска пролет" произлегува од популаризацијата на западните медиуими уште на самиот почеток на првото успешно востание во Тунис и брзо станува препознатлив во литературата.

**Демонстрации:** чин на прикажување на некој како прави нешто или како нешто функционира. Може да бидат мирни и насилни и претставуваат начин на искажување на мислењето во демократијата, често  и како предизвикувач на одредени општествени промени.

**Демократизација:** транзиција кон подемократски политички режим и се однесува на суштинските политички промени во едно општество кои се движат во демократска насока. Демократизацијата е под влијание на различни фактори, како економскиот развој, историјата и граѓанското општество. Една од главните детерминанти за тоа дали е постигнат резултат при демократизација е загарантираното право на глас на луѓето во својот политички систем.

**Геополитички импликации**: термин кој се однесува на геополитичките фактори и нивните промени кои се продукт на одредени превирања во државата

**Бегалска криза:** се карактеризира со миграциски движења на одредена група бегалци, мигранти или внатрешно раселени лица преку бегалски рути. Иницијатор за бегалска криза се разни инциденти, општествени нарушувања во земјата на потекло, по што се бара решение надвор од својата држава и пристигнување во безбедна држава која може да обезбеди азил. Претставува безбедносна закана по мирот, особено во неразвиените земји. Во последната деценија е карактеристична за Арапската пролет, како последица од целиот процес, со влијание застапено на повеќе континенти.

**Муслиманско братство:** сунитска исламистичка организација, основана во Египет од исламскиот научник и учител Хасан ал Бана во 1928 година. Организацијата се здобива со голем број приврзаници во арапскиот свет заради моделот на политички активизам во комбинација со исламска хуманитарна работа и влијае на други исламистички групи, како Хамас. Во Египет самото муслиманско братство зеде учество во Арапската пролет и преку партијата За слобода и правда (FJP) и Мохамед Морси доаѓа на власт во 2012 година, но владеењето трае кратко и голем дел од власта е осуден на долги затворски казни. Голем број држави поради идеологијата, начинот на делување и јавното поддржување на исламистички бунтовници, Муслиманското братство го поврзуваат со радикален ислам и тероризам. На листа на терористички организации Русија го наведува во 2003 година, Египет и Сирија во 2013 година, Саудиска Арабија, Бахреин, Канада и Обединетите Арапски Емирати во 2014 година. Претставува константна безбедносна закана по стабилноста на Египет и за властите е вистински предизвик ограничувањето на неговото делување.

## 4. Цел и карактер на истражувањето

**Општа цел:**

- Да се проучат и истражат геополитичките импликации од Арапската пролет врз Египет.

**Посебни цели:**

- Анализа и проучување на физичко-географските карактеристики на Египет.
- Истражување и анализа на односите на Египет со непосредното соседство.
- Истражување и проучување на погледите кон Египет од страна на меѓународните организации и светските сили.
- Анализа на мигрантските текови како резултат на Арапската пролет и египетската криза.
- Детектирање и истражување на заканата од тероризам на територијата на Египет и блиското соседство.
- Анализа на успешноста на демонстрациите од Арапската пролет врз денешен Египет.
- Воочување на позитивните карактеристики при демократизација на општеството произлезени од египетската криза.

**Карактер**

Магистерскиот труд претставува студија на случај која според својот карактер е квалитативно истражување со интердисциплинарен карактер. Воедно, трудот има дескриптивен и прогностички карактер.

**5. Задачи на истражувањето**

- Да се објасни геополитичко значење на долината на реката Нил, делтата која се влева во Средоземното Море, распространетост на Синајскиот Полуостров, контролата на Суецкиот Канал и демографскиот капацитет на Египет.
- Да се анализираат односите со Израел, Хамас и појасот Газа, како и односот со Саудиска Арабија и заливските земји.
- Да се воочи опкружувањето и местоположбата на Египет во регионот на Африка.
- Да се истражи местото и улогата на САД, Русија и Европската Унија во процесот на Арапската пролет.

- Да се детерминира опасноста која со себе ја носи Муслиманското братство и проблемите со радикалниот ислам.
- Анализа на мигрантскиот потенцијал на Египет и балканските мигрантски рути.
- Да се истражи успешноста на Арапската пролет во Египет.

## 6. Истражувачки прашања

Централно истражувачко прашање :

- Какви се геополитичките импликации од Арапската пролет врз Египет?

Придружни истражувачки прашања :

- Какво е влијанието на физичко-географските карактеристики на Египет врз неговата геополитичка положба?
- На кој начин состојбите на соседството влијаат врз Египет и врз општественото уредување ?
- На кој начин меѓународните организации и светските сили го имаат Египет на својата агенда?
- Каква е можноста за дестабилизација на Балканот при мигрантска криза од Египет?
- Колкав е потенцијалот за развој што го поседува Египет врз основа на својата геополитичка положба во регионот?
- На кој начин Муслиманското братство претставува постојана опасност за безбедноста на Египет?
- Какво место зазема војската кај населението во Египет и каква е религиозната поставеност?
- Какви се релациите на Египет со соседите ?
- Каква е демографската поставеност на населението на Египет?

## 7. Методи, техники и инструменти на истражување

Истражувањето се базира на студија на случај, мултиваријантна анализа, анализа на содржина, индукција и дедукција и спецификација на теоретските постулати.

Студијата на случај ќе овозможи да се опишат сите причински релации воочени при формулацијата на проблемот на истражувањето и дефинирањето на предметот на истражување, а потоа преку процесот на логичко поврзување, индукција и прикажување на реалните состојби ќе се развијат заклучоци и нови сознанија за геополитичките импликации од Арапската пролет врз Египет. Од користените техники најмногу е застапена анализа на содржината, првенствено на стратегиски документи, наоди, теории, како и дефиниции во пишана форма. Основната цел е преку овие применети техники за обработка на податоците да се дојде до потребните податоци за геополитичките импликации од Арапската пролет врз Египет.

## 8. Анализа и интерпретација на податоците

Анализата и интерпретацијата на податоците ќе биде извршена во одредени етапи. Притоа ќе се направи организација и систематизација на податоците, внесување белешки од анализираните стратегиски документи и воочување на основните карактеристики на геополитичките импликации од Арапската пролет. Одвивањето на анализата ќе биде првично преку запознавање со документите, определување тематска рамка за работа, групирање, индексирање, категоризирање и завршна интерпретација. Извори на податоци се: универзитетски библиотеки, Министерства за надворешни работи и одбрана, официјални интернет страници на истражувачки центри, интернет библиотеки и списанија со отворен пристап.

## 9. Организација и тек на истражувањето

Материјално-техничките средства се однесуваат на искористување на работни простории, библиотека, компјутер, интернет пристап, хартија и сл.

Времетраењето на истражувањето е планирано да биде шест месеци.

# ГЛАВА I : Поставеност на Египет во рамки на регионалниот контекст

## 1.1 Формално име и општи карактеристики

- Арапска Република Египет (египетски арапски: مَصر, Маср)
- Кратка форма: Египет
- Демоним: Египќани
- Службен јазик: арапски
- Уредување: претседателска република
- Валута: египетска фунта
- Главен град: Каиро (20,485,000 жители)

Во основа, можеме да испитаме три групи имиња што се однесуваат на Египет. Во раниот период на Египет, за време на Старото Кралство, Египет се нарекувал Кемет (Кермит) или едноставно Кмт, што значи црна земја. Самите се нарекле „ремит Кермет“, што значи „луѓе на црната земја“. Терминот се однесува на богатата почва пронајдена во долината на Нил. Но, понекогаш се нарекувале и Дешрет, или dshrt, што се однесува на „црвената земја“ или пустините во кои во најголем дел се простира Египет.

Подоцна Египќаните ја нарекувале својата земја „Хвт-ка-Птах“ (Хт-ка-Птах, или Хаут-ак Птах), што значи „храм за Ка на Птах“ или поточно „дом на Ка на Птах (Птах е еден од најраните богови во Египет).

Египет, како што многу луѓе во светот денес ја нарекуваат државата, е дериват на ова античко име. Дури и денес, луѓето што зборуваат на еден јазик, честопати го менуваат правописот на зборовите на друг јазик заради тешкотијата што може да ја имаат при изговарањето на некои гласови од тој странски јазик. Оттука, во изговарањето на Хвт-ка-Птах, Грците го смениле овој свет во Египет (Агиптос), што го користеле во својата литература како име на египетски крал, река Нил и за самата земја. Зборот што го користи Хомер го наоѓаме во неговата познатата „Одисеја“.[1]

[1]Ancient Egypthttps://www.ancient.eu/egypt/(посетен на 16.01.2020)

Денес зборот што Египќаните често го користат за својата земја е Миср. Миср е арапско име што значи „земја“, а дел од традицијата на овој термин како име за Египет потекнува од исламскиот Куран. Терминот може да значи и „тврдина“ или „кастелирана“, што се однесува на природните заштитни граници на Египет кои ја штитиле земјата од напаѓачите.

### 1.2 Локација

Египет се наоѓа во североисточниот дел на Африка и југозападна Азија, граничи со Средоземното Море на север, Либија на запад, Судан на југ, Појасот Газа, односно Израел и Палестина на североисток, на исток граничи со Црвено Море и Акапски Залив. Преку Средоземното Море е сосед со Грција, Турција и Кипар, преку Црвено Море со Саудиска Арабија, а преку Акапскиот Залив со Јордан.

Територијата на која се простира Египет изнесува 995.450 квадратни километри земја и 6.000 квадратни километри вода, што го прави 30-та најголема нација во светот, со вкупна површина од 1.001.450 квадратни километри. Иако важи за територијално голема држава, сепак населеното подрачје достигнува 55367 km², што претставува 5,5% од вкупната површина.

Во топографијата на Египет доминира реката Нил. Во северниот тек реката поминува низ чиста пустина и прави разбивање на едноликиот пустински предел на околу 1200km од своето течение. Во пределот од езерото Насер во јужен Египет па сè до Каиро на север, изобилува со рововска долина ограничена со карпи кои се губат во пределот кај Каиро. Потоа течението завршува и Нил навлегува во делтата.

Реката Нил и делтата на реката Нил го формираат првиот физичко-географски регион во Египет. Источната Пустина, Западната Пустина и Синајскиот Полуостров се останатите три.

Нил ја дели пустинската висорамнина преку која тече на два нееднакви дела - Западната Пустина, помеѓу реката и либиската граница и Источната Пустина, што се протега до Суецкиот Канал, Заливот на Суез и Црвеното Море.

Секоја од двете има посебен карактер, како и третата и најмалата од египетските пустини, Синајската.

Египет не е, како што честопати се верува, целосно рамна земја. Покрај планините покрај Црвеното Море, планинските области се протегаат на крајниот југозапад од Западната Пустина и во јужниот дел на полуостровот Синај. Високиот терен на југозапад е поврзан со планинската маса „Увејнт“, којашто лежи надвор од египетската територија.

Крајбрежните региони на Египет, со исклучок на делтата, секаде се карактеризираат или со пустини или со планини, кои се суви, со многу ограничена плодност. Крајбрежната рамнина и на север и на исток е тесна; ретко надминува широчина од 48 км. Со исклучок на градовите Александрија, Порт Саид и Суез и неколку мали пристаништа и одморалишта како Марси Марих и Ал-Аламајн (Ел-Аламеин), крајбрежните региони се ретко населени и неразвиени.

Вообичаената линија преземена за делење на Африка од Азија денес е Суецкиот Канал, најтесниот јаз помеѓу Средоземното Море и Суецскиот Залив, трасата што денес ја следи Суецкиот Канал. Ова го прави полуостровот Синај географски азиски, а Египет држава која лежи на два континенти. Помалку од 2% од египетското население живее во Синај и, технички, Египет се смета за африканска земја во целост, а не делумно азиска. Но, кога се разговара за геополитичкиот регион на Блискиот Исток и Северна Африка, Египет обично се групира со западноазиските земји како дел од Блискиот Исток, додека западниот сосед на Египет, Либија е групиран со преостанатите северноафрикански земји како Магреб.

### 1.3 Површина и население

**Површина**:Египет зафаќа површина од 1.002.450 километри квадратни, што споредено со европските простори е рамно на заедничката територија на Франција и Германија. Разликата е во распореденоста на населението, односно преголем простор од Египет нема природни услови за живот и воопшто не е населен.

**Население:** Египет брои 99.935.845 милиони жители според CAPMAS (анг.)[2], но иако ја споменавме големата територија која ја поседува, жителите на Египет се сконцентрирани најмногу во близина на реката Нил и, доколку ја продолжиме споредбата од претходно, Франција и Германија, кои важат за рамномерно населени држави и имаат заедно околу 150.000.000 жители. Ова укажува за големата несразмерност во концентрацијата на населението во Египет и на фактот дека голем дел од територијата не нуди основни услови за живот (Слика1)




Сл.1 Густина на население означено со жители на километар квадратен

[2]Централната агенција за јавно мобилизирање и статистика е официјална агенција за статистика на Египет која собира, обработува, анализира и дистрибуира статистички податоци и го спроведува пописот. Основана е со претседателска уредба во 1964 година. Агенцијата е официјален давател на податоци, статистика и извештаи.http://www.capmas.gov.eg/HomePage.aspx

### 1.4 Административната поделба на Египет

Републиката е поделена на 27 Governorates[3] кои се или целосно урбанизирани или се мешавина од урбани и рурални области. Со нив управува гувернер кој е назначен од страна на претседателот на Египет. Најбројни Governorates се Каиро, Гиза, Шаркиа, а еден од најважните е Александрија. Шаркиа, иако е на трето место по населеност, над 80 проценти е населен во руралните области, што ги става Каиро, Гиза и Александрија како најважни и најразвиени на територијата на Египет.

Главен и најголем град, административен центар на Египет, е Каиро со над 20 милиони жители[4] и воедно е еден од најголемите градови во Африка и Блискиот Исток. Поради структурата на теренот на Египет, голем дел од населението живее покрај бреговите на реката Нил и Суецкиот Канал. Поради тоа Каиро, Александрија и другите поголеми региони се едни од најгусто населените во светот. Каиро бележи брз раст во последните неколку децении, во голем дел поради масовниот јаз помеѓу стапката на наталитет (30 раѓања/1.000 луѓе) и стапката на морталитет (7 смртни случаи/1.000 луѓе.) Каиро е пример за метропола на земјите од третиот свет со популација која постојано расте како резултат на природен прираст и покрај неповолните услови кои ги нуди и неможноста да се структурира и да ја искористи таа бројност.

Каиро долго време е главна културна престолнина на Блискиот Исток, како и главен центар за масовните медиуми во регионот. Многу векови наназад е место на најголемите религиозни и културни институции во регионот. Покрај Каиро, градови со богато историско наследство се Гиза и Александрија. Градот Гиза се наоѓа непосредно до Каиро, од спротивната страна на реката Нил и е познат по пирамидите кои се светска атракција и едно од седумте светски чуда на стариот свет кое сè уште постои. Пирамидалниот комплекс на Куфу, Кефрен и Микерин, Големата Сфинга се наследство на антички споменици кои се една од првите

[3]Термин прилагоден за англиското говорно подрачје, превод на македонски јазик е територија управувана од гувернер. Оригиналниот израз на египетски арапски е Arabic Muhafazah
[4]Population of Cities in Egypt – 2020http://worldpopulationreview.com/ (посетен на 16.01.2020)

асоцијации за Египет и се најкарактеристичните симболи поврзани со Египет во светски рамки. Датираат уште од 2500 година пр.н.е. од времето на владеење на фараоните и биле градени за да се зачуваат нивните остатоци по нивната смрт. Гиза бил некропола на старите египетски кралства.

Александрија е местото кое го воспоставил еден од најголемите војсководци и освојувачи во светската историја, Александар Македонски. Од големо значење е за Египет поради својата местоположба, зашто е најголемото пристаниште и поради распространетоста на брегот на Средоземното Море. Претставува трговски центар преку кој поминуваат многу стоки и услуги, што го прави многу важен за економијата на државата. Во стариот свет бил интелектуален центар поради најпознатата Кралска библиотека на Александрија и светилникот Фарос кој бил едно од седумте светски чуда на стариот свет.

### 1.5 Демографски трендови и капацитет на Египет

Како што веќе напоменав, најголемиот дел од населението во Египет живее во близина на долината на реката Нил, но само 42 проценти живеат во урбани средини, додека 58 проценти во рурални. Во близина на Нил густината на населението е една од највисоките во светски рамки. За Египет е карактеристична брзорастечката млада популација, со приближно една третина од вкупниот број на возраст под 15 години и околу три петтини под 30 години. Како одговор на проблемите што ги има економијата на Египет од страна на брзорастечкото население во земјата, беше иницирана национална програма за планирање на семејство во 1964 година и до 1990-тите успеа да се намали стапката на наталитет, која повторно се зголеми во последните децении.[5]

Во периодот на 1980 просекот на деца по жена во Египет бил 5.5, но успева да се намали до 3 на крајот на минатиот век. Моменталниот број од 2010 па наваму е приближно 3.6, но поради големиот број млади, трендот нема да опаѓа, туку има потенцијал само за зголемување. Брзиот раст на населението во Египет од 46% помеѓу 1994 и 2014 година ги нагласува уште повеќе проблемите поврзани

[5]Language and Identity inmodern Egypt by Reem Bassiouney https://www.academia.edu/7148335/Language_and_Identity_in_Modern_Egypt (посетен на 20.01.2020)

со природни ресурси, работни места, домување, канализација, образование и здравствена заштита.[6]

За да се зголеми употребата на контрацептивни средства и да се спречи понатамошно пренаселување, ќе биде потребна поголема посветеност на Владата и значителна социјална промена, вклучувајќи и охрабрување на помалите семејства и подобро образование и зајакнување на жените. Во моментов, степенот на писменост, образование и учество во работната сила се многу пониски за жените отколку за мажите. Покрај тоа, распространетоста на насилството врз жените, недостатокот на женска политичка застапеност и продолжувањето на скоро универзалната практика на сечење на женските гениталии[7] и натаму ги спречуваат жените да играат значајна улога во јавната сфера на Египет.

**Етнички групи**: Населението кое живее по долината на Нил и делтата, каде што е домот на огромно мнозинство Египќани, формира прилично хомогена група луѓе чии доминантни физички карактеристики се резултат на мешање на домородно африканско население со она од арапско потекло[8]. Источните хамитски народи сочинуваат околу 99% од населението во Египет; тука спаѓаат Египќани, Бедуини и Бербери. Тие се производ на мешавина на Античкиx Египќани со напаѓачите од многу милениуми, од различни делови на Азија и Африка. Останатите 1% од населението е составено од малцинства, главно Нубијци, Ерменци, Грци и други Европејци, пред сè Италијанци и Французи.[9]

---

[6]CIAПубликации- The Word Factbook - This page was last updated on December 7, 2019 https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/print_eg.html(посетен на 23.01.2020) World Factbook дава информации за историјата, луѓето и општеството, владата, економијата, енергијата, географијата, комуникациите, транспортот, војската и транснационалните теми за 267 сцетски субјекти

[7]FGM(Female Genital Mutilation) Осакатување на женските гениталии се дефинира како отстранување на дел или целите женска гениталии од немедицински причини. Се нарекува и обрежување и сечење на жени. Постапката најчесто се прави на девојчиња помеѓу раѓање и 15 години и се практикува во 30 земји во Африка, Блискиот Исток и Азија, но Египет, Етиопија, Нигерија и Судан учествуваат со околу 42% од сите случаиhttps://www.worldvision.org/child-protection-news-stories/female-genital-mutilation-fgm-facts(посетен на 24.01.2020)

[8]Britannica Egypt – People(Ethnic composition)https://www.britannica.com/place/Egypt/People#ref43466(посетен на 18.01.2020)

[9]Encyclopedia of the Nations-Africa-Egypt https://www.nationsencyclopedia.com/Africa/Egypt.html(посетен на 18.01.2020)

**Јазици** кои се говорат во Египет, освен стандардниот египетски арапски јазик, се нубијски со застапеност не поголема од 170.000 зборувачи, бедуински со 15.000 зборувачи и Siwi јазик на Берберите, зборуван во Египет во оазите Сива и Гара во близина на либиската граница со 20.000 зборувачи. Минорно се зборува ермески, грчки и некои од европските јазици, и тоа најмногу во Каиро и Александрија.

**Религија:** Во Египет 90% од населението се муслимани, претежно сунити, Копти,кои се православни христијани и претставуваат верска група припадници на Коптската православна црква. Христијанството било религија на мнозинството жители на Египет од 400-800 година и се застапени со 9% во религиската поделеност на Египет[10] и останатиот 1 процент се христијани. Статистичките податоци поврзани со етнички групи, јазици и религија во Египет се резултат на последниот официјален попис одржан во 2006-та година.

**Структурата на населението во Египет**

- 0-14 години: 33,62% (машки 18.112.550 / женски 16.889.155)
- 15-24 години: 18,01% (машки 9.684.437 / женски 9.071.161)
- 25-54 години: 37.85% (машки 20.032.310 / женски 19.376.847)
- 55-64 години: 6.08% (машки 3.160.438 / женски 3.172.544)
- 65 години и повеќе: 4,44% (машки 2.213.539 / женски 2.411.457)

Структурата на населението во Египет, која е преземена како проекција за крајот на 2020 година, се базира на моменталниот број жители, заедно со додадениот годишен природен прираст од 2.28 промили. Соодносот на мажи е 52% наспроти жени - 48%. Јасно се гледа доминацијата на младата популација (60% до 30 години) , што е главниот предизвикувач за општествени промени и не случајно се поврзува со револуционерните случувања од последната деценија.

## 1.6 Економија (буџет, индустрија)

[10]U.S. Bill Has Egypt's Copts Squirmingby Youssef M. Ibrahim https://www.nytimes.com/1998/04/12/world/us-bill-has-egypt-s-copts-squirming.html (посетен на 20.01.2020)

Економијата и економските активности, како и сè друго на територијата на Египет, се одвива низ плодната долина на реката Нил. Египетската економија била високо централизирана за време на владеењето на Гамал Абдел Насер, но се отвора во периодот на владеење на Анвар ел Садат и Мохамед Хосни Мубарак. Релативно разновидната економска активност на државата ја одржувале земјоделството, туризмот, услужните сектори и јаглеводородите.

И покрај мешаниот успех на Египет за привлекување странски инвестиции во текот на изминатите две децении, лошите услови за живот и ограничените можности за работа придонесоа за незадоволството на јавноста. Овие социо-економски притисоци беа главен фактор што доведе до револуцијата во јануари 2011 година што го собори Мубарак. Несигурното безбедносно и политичко опкружување од 2011 година го ограничи економскиот раст и не успеа да ја ублажи постојаната невработеност, особено кај младите. Невработеност кај групата од 15 до 24 години достигнува 29.6%.

Кон крајот на 2016 година постојаните недостатоци на доларот и слабеењето на помошта од своите сојузници во Заливот, го натераа Каиро да се сврти кон ММФ за 3-годишна програма за заем од 12 милијарди американски долари. За да го обезбеди договорот, ја направи флексибилна домашната валута, воведе нови даноци и ги намали субвенциите за енергија - сето тоа ја турна инфлацијата над 30% за поголемиот дел од 2017 година, што не беше случај многу долг период. Од слободната валута, странските инвестиции во државните записи за високи камати на Египет се зголемија експоненцијално, зголемувајќи ја достапноста на доларот и резервите на Централната банка. Каиро се соочи со предизвик да добие странски и локални инвестиции во производството и другите сектори без постојано да спроведува низа деловни реформи.

Египет има една од најразвиените и најразновидни економии на Блискиот Исток. До 2010 година египетската економија растеше во просек 5 проценти на квартал, како резултат на неколкуте економски реформи и привлекувањето странски инвестиции. За тоа време економијата и животниот стандард се подобрија. Сепак, условите за живот за просечниот Египќанец останаа лоши и

големите разлики во приходите продолжија да растат, што доведе до незадоволство кај јавноста. Револуцијата во 2011 година, која го собори режимот на претседателот Хосни Мубарак, предизвика економско забавување бидејќи политичката и институционалната неизвесност и растечката несигурност му штетат на туризмот, производството и градежништвото.[11]

**БДП** изнесува 235 милијарди долари (проценка од 2019) или 2400 долари по глава на жител, а предвидениот економски раст 4.2%. **Инфлацијата** која моментално е околу 10%, се очекува да го продолжи трендот на опаѓање што го започна од 2017 година, кога изнесуваше 23.5%, според Меѓународниот монетарен фонд (ММФ). **Јавниот долг** во Египет изнесува 92.6% од БДП во 2018 година, но проекциите прикажуваат константно опаѓање. **Невработеноста** на ниво на држава е 11.3% , што е одредена средишна вредност ако ги гледаме последните 2 децении каде константо варира, најниска е 7% до највисока 13.5%.[12]

**Извоз:** Во последната детално обработена година, 2017, изнесува 30 милијарди долари. Највисок извоз бележи кај суровата нафта ($4,69 милијарди), злато ($2,78 милијарди), азотни ѓубрива ($1,15 милијарди), рафинирана нафта ($902 милиони американски долари) и електрични кабли ($892 милиони американски долари). Со помала застапеност се: овошје, зеленчук, памук, текстил, метални производи, хемикалии, преработена храна. Главни дестинации за извоз на Египет се Обединетите Арапски Емирати ($2,69 милијарди), Италија ($2,02 милијарди), Турција ($1,98 милијарди), САД ($1,69 милијарди) и Германија ($1,51 милијарди).

**Увоз**: 64 милијарди долари во 2017 година. Најмногу увезува жито ($4,17 милијарди), нафтен гас ($3,59 милијарди), рафинирана нафта ($3,26 милијарди), полуготово железо ($1,97ББ милијарди) и сурова нафта ($1,62 милијарди), машини и опрема, прехранбени производи, хемикалии, производи од дрво.

---

[11]Trading Economics - обезбедува на своите корисници точни информации за 196 земји, вклучително и историски податоци и предвидувања за повеќе од 20 милиони економски индикатори, девизни курсеви, индекси на берзата, приноси на државни обврзници и цени на стоки. Податоците се засноваат на официјални извори, а нашите факти редовно се проверуваат за недоследности.Имаа повеќе од 646 милиони прегледи на страници од повеќе од 200 земји https://tradingeconomics.com/egypt/gdp-growth
[12]World Bank- Светска Банка (статистички категории за Египет од 1991 до 2019 година)

Држави од кои најмногу увезува се: Кина ($8.07 милијарди), Русија ($5,84 милијарди), Германија ($3,45 милијарди), Соединетите Држави ($3,38 милијарди) и Италија ($3,19 милијарди), Обединетите Арапски Емирати и Саудиска Арабија.[13]

Во поглед на развиеноста на **индустриите** и стопанските гранки во Египет доминира земјоделството, делови за автомобилската индустрија, градежната индустрија, производството на челик, одгледувањето памук и производството на текстил, петрохемиска индустрија и производство на електронска опрема и компоненти. Туризмот е еден од главните извори на приход во Египет и е најразвиена гранка. Историјата, традицијата и местоположбата го прават една од најдобрите светски дестинации за туристи. Одржувањето на стабилноста во Египет е тесно поврзано со бројот на туристи кои го посетуваат и затоа од висок интерес за економијата е отсуство на конфликти и превирања, кои беа случај во последната деценија.[14]

**Снабдување**

Главните патишта и железници кои се користат за транспорт и проток ја одразуваат топографската конфигурација на земјата, што значи дека го следат северојужниот тек на Нил, од Средоземното Море преку Александрија и комплексната делта, продолжува кон Каиро, па сѐ до Асван. Дополнително важни се конекциите со Суец и Синајскиот Полуостров, како и оние до брегот на Црвеното Море. Асфалтираната транспортна мрежа изнесува 80% од целиот патен систем. Руралните патишта обично ги следат линиите на каналите за наводнување или се дел од пустинските патишта. Железницата го поврзува Каиро со Александрија и со градовите од делтата и Нил, а исто така тргнуваат кон југ кон Асван.

Суецкиот Канал е главна конекција помеѓу Средоземното Море и Црвеното Море и е една од најпознатите светски трговски рути - главниот спој и најкраткиот

[13]The Economic Complexity Observatory: An Analytical Tool for Understanding the Dynamics of Economic Development. Workshops at the Twenty-Fifth AAAI Conference on Artificial Intelligence. (2011)- Аналитичка алатка за разбирање на динамиката на економскиот развојhttps://oec.world/en/profile/country/egy/ (посетен на 01.02.2020)
[14]The Global Economy- Egypt https://www.theglobaleconomy.com/Egypt/ (посетен на 24.01.2020)

пат на европските држави и заливските земји преку кој поминуваат голем број бродови и пратки. Нил и неговите придружни канали за пловидба обезбедуваат важно превозни патишта, пред сѐ за тешката стока. Постојат приближно 3.200 км пловни патишта - околу половина од вкупниот број е на Нил, кој може да се искористи низ целата должина.

Египет има девет пристаништа, од кои најпрометни се Александрија, Порт Саид и Суец. Во Александрија, која има убаво природно пристаниште, се одвива најголемиот дел од увозот и извозот на земјата, како и најголемиот дел од патничкиот сообраќај. Порт Саид се наоѓа на северниот влез на каналот Суец, нема капацитети за товар и оптоварување како оние на Александрија. Главната функција на Суец е на влезното пристаниште за нафта и минерали од брегот на египетското Црвеното Море и за стоки од Азија.

### 1.7 Еколошки фактори

Египет се справува со повеќето проблеми со животната средина присутни во земјите во развој. Еден од најважните здравствени и еколошки проблеми е загадувањето на воздухот како резултат на употреба на гориво, операции на горење и зголемување на издувните гасови во градовите. Како за секоја држава од Африка така и за Египет, кога ќе ја спомнеме екологијата, еколошката безбедност и проблемите со животната средина, првото прашање што се отвора е чистата вода за пиење. Недостатокот на ефикасни санитарни услуги и загадувањето на водата предизвикано од пропаѓањето на старите и потрошени водни мрежи, како и различните проблеми во градежништвото, дизајнирањето и одржувањето на канализациониот систем, резултираа со појава и застапеност на заразни и незаразни болести.

Доколку ги гледаме светските стандарди на здравствените организации за чиста вода за пиење и придобивките од истата (или подобро кажано отсуството на проблеми со нечиста вода за пиење), Египет сѐ уште треба да напредува и да инвестира во подобрување на квалитетот на вода во домот на секој граѓанин. Но, ако ја земеме самата конфигурација на теренот на Египет, која е условена од пустински предели и го споредиме со афричкиот континент каде преовладува

сличен терен, водата за пиење и за основни санитарни потреби е далеку подобра во однос на блиското соседство и важи за држава од Африка во која 98 проценти од населението има пристап до каква било вода, а над 95% има вода која е потребна за лична хигиена (канализациска вода).[15]

Загадениот воздух е дел од секојдневиeто на Каиро и неговите граѓани. Тоа во најголем дел е предизвикано од енергијата што ја користат домовите, сообраќајот на автомобили, производството и електраните. Песокот или пустинската прашина можат да го зголемат загадувањето на воздухот. Во случајот со Каиро, градот е во долина и има голем индустриски сектор, многу сообраќај, лошо управување со отпадот и се наоѓа во близина на пустинска клима. Во просек на ден жителите на египетската престолнина дишат воздух со PM2.5 честички, што е 11,7 пати поопасно од препорачаното безбедно ниво од страна на СЗО. Градот има и второ највисоко ниво на PM10 во светот, со просечно 284 уг / м3 - 14,2 пати над безбедносниот лимит.[16] Исто така е истакнат проблемот со бучавата што е присутна во пренаселениот главен град на Египет и поради тоа, во комбинација со загаденоста на воздухот, често е на врвот на листата најзагадени градови на светско ниво.

**Клима**

Поголемиот дел од Египет е суво суптропско подрачје, додека јужниот дел е тропски. Северните ветрови ја смируваат климата долж Медитеранот, но внатрешните области се многу жешки. Температурата брзо тоне по зајдисонцето, поради високите стапки на зрачење под отворено небо. Годишните врнежи од дожд во просек се 2,5 см јужно од Каиро и 20 см на медитеранскиот брег, а проследени со ненадејното невреме, понекогаш предизвикуваат големи поплави. Има и топли, суви песочни бури, познати како khamsins - сув, врел, песочен локален ветер што го зафаќа Египет и државите од блиското опкружување. Носат

[15]Светска здравствена организација; УНИЦЕФ „Заедничка програма за мониторинг на снабдување со вода и канализација. Проценка на покриеност проценува подобрена вода за пиење".
[16]ARAB REPUBLIC OF EGYPT:Cost of Environmental Degradation -Air and Water Pollution http://documents.worldbank.org/curated/en/619601570048073811/pdf/Egypt-Cost-of-Environmental-Degradation-Air-and-Water-Pollution.pdf (p 5 p 15-19; посетен на 24.01.2020)

огромни количини песок и прашина од пустините, достигнуваат брзина и до 140 километри на час, а излегуваат од Западната Пустина во пролетниот период.[17]

### 1.8 Членство во сојузи

Како најголеми и најзначајни меѓународни и регионални организации во кои членува Египет може да се споменат : Африканска Унија (AU), Арапски монетарен фонд (АМФ), Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), Група од 15 (G15), Група од 24 (G24), Група од 77 (G77), Меѓународен монетарен фонд (ММФ), Исламска банка за развој (ИДБ), Лига на арапски држави (ЛАС), Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) како партнер, Организација на земји извознички „Арапска нафта“ (ОАРЕС), Обединетите нации (ООН), Организација на американски држави (ОАС) (надгледувач), УНХЦР, УНЕСКО, дел од мисиите на Обединетите нации во западна Сахара, Либерија, Централноафриканската Република и Чад, Судан, Грузија, Конго, Агенција за помош и работи на Обединетите нации за бегалци од Палестина во блискиот исток (UNRWA) и многу други.

Најважното членство кое е испреплетено историски со престолнината на Египет е она во Лигата на арапски држави или Арапска лига. Во Организацијата членуваат 22 арапски држави лоцирани во Северна Африка и Западна Азија и потекнуваат од арапското говорно подрачје, додека пет земји имаат статус на набљудувачи, што им дава право да го искажат своето мислење и да даваат совети, но немаат право на глас. Арапската лига е основана во Каиро на 22 март 1945 година, а таму е сместен и административниот центар и седиштето на плоштадот Тахрир. Претставува социјална, културна и економска регионална организација која опфаќа повеке од 410 милиони жители (според податоците на Обединети нации во 2018 година), од кои една четвртина се Египќани, а седум од осумте досегашни генерални секретари на лигата доаѓаат од Египет. Религиозната застапеност на жителите на лигата е доминантно муслиманско население и мал број христијани. Од муслиманското население доминираат суните, додека

---

[17]Africa- Egypt: Climate https://www.nationsencyclopedia.com/Africa/Egypt-CLIMATE.html(посетен на 25.01.2020)

шиитски муслимани го сочинуваат мнозинството во одредени области во Либан, Ирак, Бахреин и Сирија, чие членство е моментално стопирано.

Интересен за Египет и геополитичките превирања во соседството и регионот е главниот спор кој ги поврзува Лигата и Египет, оној кој е константно непресушно конфликтно жариште во последниот век, борбата на Израел и Палестина. Од своето формирање Лигата ја промовира и поддржува каузата на палестинските Арапи во израелско-палестинскиот конфликт, вклучително и наметнување на бојкот на Арапската лига спрема Израел. На 15 мај 1948 година, тогашните седум членки на Арапската лига ја координираат инвазијата што го означува почетокот на Првата арапско-израелска војна, која во наредните две децении ја следат Суецката криза (втора арапско-израелска војна) и Шестдневната војна (трета арапско-израелска војна). [18]

Египет учествува во трите војни, а неопходното потпишување на мировен договор помеѓу Египет и Израел, како соседни држави, доведе до суспензија од Арапската лига во 1979 година, што траеше до 1989 година. Мировниот договор е потпишан за време на претседателот Анвар Садат со поддршка од претседателот на САД Џими Картер. Договорот подлегна на големи критики од страна на останатите членки кои останаа индеферентни по прашањето поврзано со Израелците и нивната држава, која и до ден-денес не ја признаваат. Во октомври 1994 година, Јордан потпиша мировен договор со Израел, но не беше изолиран од Арапската лига, како што беше со Египет во 1979 година.

Впрочем, Египет на границата на Појасот Газа и Јордан на границата со Западниот брег (West Bank) се двете најзасегнати членки од Арапска лига кога е во прашање конфликтот Израел - Палестина. Тие се единствените членки на Лигата кои ги имаат признаено Израел и Палестина, за разлика од останатите 20 кои ја признаваат само Палестина. Официјално, Арапската лига на 15 ноември 1988 година го уважи прогласувањето на држава Палестина.

---

[18]IMFA- Israel's War of Independencehttps://mfa.gov.il/mfa/aboutisrael/history/pages/israels%20war%20of%20independence%20-%201947%20-%201949.aspx (посетен на 20.01.2020)

## ГЛАВА II: Геополитички комплекс

### 2.1 Геополитички силни страни, можности, ограничувања и ранливост на Египет

Азија, Африка, Медитеранот, Црвеното Море, Средниот Исток и сливот на Нил се сите географски ентитети во кои припаѓа Египет или се наоѓа на периферијата. Оваа географска позиција го прави Египет крстопат меѓу два континенти и неколку геополитички региони. Суецкиот Канал е еден од главните економски и геополитички богатства на Египет. Ги спојува Средоземното Море и Црвеното Море, го оформува патот што се придружува на Индискиот и Атлантскиот Океан. Гигантската река Нил која ја минува земјата, претставува богатство кое гради врски и обезбедува средби меѓу цивилизациите низ историјата. Историски гледано, од фараонските династии па до денес, границите на египетската држава се скоро исто дефинирани.

Со неколку земји во Северна Африка, Египет ја дели тешкотијата за помирување на африканскиот арабизам. Со оние од источниот брег на Медитеранот ја споделува тешкотијата да го помират нивниот арабизам со медитеранскиот идентитет. Прашање е дали неговото пристапување во економската и трговската област на Источна и Јужна Африка го обезбедува лидерството во областа на Северна Африка. Египет е секогаш на крстосница, каде треба да ги преземе своите лидерски амбиции? Во арапскиот свет, Северна Африка, Медитеранот, Блискиот Исток или во сливот на Нил?

### 2.2 Силни страни

Развојот на арапскиот национализам во средината на 20 век, отелотворен во она што беше познато како „насеризам“, му овозможил на Египет водечка позиција во арапскиот свет. Поразот на арапските армии во 3-тата израелско-арапска војна во 1967, година во која Израел ги зафаќа Голанска Висорамнина, Синајскиот Полуостров, Појасот Газа, Источен Ерусалим и Западниот Брег и сите превирања и борби е првиот и најважен момент кога Египет почнува да ја губи водечката позиција. Ваквиот развој донесе понатамошна нормализацијата со Израел преку договорот од Кемп Дејвид, во кој Египет врати дел од загубените

територии, но го оддалечи од оваа улога и донесе големо непријателство во арапскиот свет.

Денеска се чини дека Египет не успеа да ги задржи средствата за влијание што претходно ги имаше врз арапскиот свет заради разликите што го прават регионот сè повеќе подложен на геополитичка фрагментација, што се должи на промените во светскиот поредок и појавата на нови арапски сили во Магреб и Заливот. Сепак, Египет има неколку геополитички картички кои, рационално играни, можат да бидат главни средства.

**-Конфликтот меѓу Израел и Палестина:** Заедно со Јордан, Египет е единствената официјална порта во дијалогот меѓу Палестинците и Израелците и клучен канал за какво било решение за овој латентен конфликт. Египет се обидува да ја задржи контролата врз палестинскиот проблем, но се соочува со конкуренција од други земји во регионот, вклучувајќи ги и Турција и Катар. Врз основа на овој конфликт Египет често ги гради своите односи и став со големите светски сили и тоа му дава позиција на важна алка во спроведување на регионалниот мир. Со други зборови, секогаш кога треба асистент, Египет ја презема таа улога. Менаџирањето со овој конфликт дополнително се искомплицира со преземање на контролата на Хамас врз Појасот Газа, а Египет имаше улога на медијатор помеѓу неусогласените палестински страни.

**-Демографски капацитет:** Египет е најголемата демографска моќ во арапскиот свет. Ниту една друга земја во регионот не надминува половина од египетското население.

**-Военa моќ:** Египет ја одржа својата воена превласт во регионот. Останува првата армија во арапскиот свет и сите заеднички планови за одбрана во оваа област не можат да го заобиколат најголемиот капацитет. Со 438.000 мажи, просечен годишен буџет од 5.450 милиони долари, 4624 тенкови, 370 борбени авиони, четири подморници[19], египетската армија го продолжува членството во

[19]The geopolitics of Egypt: Strengths, Opportunities, Constraints and Vulnerabilitiesby Abdelhak Bassou https://www.policycenter.ma/publications/geopolitics-egypt-strengths-opportunities-constraints-and-vulnerabilities(посетен на 22.03.2020)

сите проекти за одбрана во регионот. Коалицијата основана од Саудиска Арабија за интервенција во Јемен, плановите за заеднички арапски сили или плановите за муслиманските коалициони сили, кои исто така ги иницираше Саудиска Арабија, ја покажуваат важноста што иницијаторите на овие проекти му ја даваат на Египет заради воените способности. Во глобалната политика, египетската армија е стратешки баланс фактор во регионот, особено во однос на конвенционалните регионални воени сили, како Израел или Турција и потенцијални нови регионални воени сили, како што се Иран или Етиопија.

**-Суецки Канал:** преку Каналот Египет ја има контролата над меѓународната трговија. Транспортот на нафтениот залив особено зависи од преминот и со тоа Египет зазема важно место во светската трговија. Суецкиот Канал е непроценливо богатство кое со своите пристаништа ја одржува економијата во голем дел.

### 2.3 Ранливост и ограничувања

**-Управување со противречностите**: Во регионот каде преовладуваат противречни политики и религиозни проблеми за да се одржи рамнотежата во соседските односи, Египет е должен да инвестира во усогласување.

- Во своите односи со Саудиска Арабија Египет се соочува со противречности поврзани со кризата во Сирија. Власта мора да ја менаџира сопствената тенденција да го поддржи режимот на Башар ал Асад, кој се бори против идеологијата на Муслиманското братство. Од друга страна, Саудиска Арабија му прави проблеми и не го поддржува овој режим заради врските на Асад со шиитскиот Иран;
- Договорот од Кемп Дејвид, потпишан со Израел, го дели Египет од арапскиот и муслиманскиот свет. Ваквиот договор носи несогласување со голем број држави кои се декларираат за ослободување на палестинските територии и не го признаваат Израел како држава;
- Египет треба да управува со чувството за арапска солидарност со Појасот Газа, и покрај тоа што територијата ја управува Хамас, чија идеологија е усогласена со Муслиманското братство, кои се противници на египетскиот режим.

**-Предизвикот од Арапската пролет**

Арапската пролет изврши големо влијание врз геополитиката на Египет, особено поради карактеристичниот случај на повеќе промени на власт. Едната во корист на Муслиманското братство, а другата на воените генерали. Како резултат на Револуцијата, земјата заврши поделена, исцрпена и лишена од некои од нејзините клучни ресурси, како странските инвестиции и туризмот. Покрај тоа, земјата е измачена од бран терористички напади кои бараат да вложи напори и капитал во борбата против тероризмот, ресурси кои се повеќе од потребни за да го оживее својот социо-економски сектор.

**-Потешкотии како област на позиционирање**

Египет е поврзан со земјите од Заливот преку приближување со заеднички економски и геополитички интереси, а сепак не се смета за земја која припаѓа на тој простор за интеграција. Од друга страна, Египет е порта кон Магреб, но е далеку од близок став и не припаѓа на оваа област во која се вклучени Либија, Тунис, Алжир, Мароко и Мавританија, кои географски се дел од Северна Африка и непосредно граничат со Средоземното Море (исклучок се делови од Мароко и Мавританија). Северна Африка е геополитичка рамка што логично треба да го содржи Египет, но тоа не е случај. Постои уште една област во која се наметнува, онаа по сливот на Нил јужно од Египет. Ова е регион во кој Египет се бори да се интегрира и да биде вклучен во него. Една од ранливостите на Египет е можеби ова мноштво потенцијални области за интеграција на кои припаѓа, без исклучиво да припаѓа на една од нив.

**-Регулирање на ненаселените области, Синајски Полуостров**

За египетските власти претставува предизвик борбата со исламистичките организации и терористичките групи кои сè повеќе се присутни на територијата на Египет, особено во ненаселените делови. Ова претставува голем безбедносен проблем поради границата со Израел и Појасот Газа која се простира на Синајскиот Полуостров. Голем број терористички организации од арапскиот свет го насочуваат вниманието и своите капацитети кон овој предел. Овие делови се ретко населени и со тоа сè повеќе ја отежнуваат борбата со групите кои

циркулираат. Во последните децении се познати многу проблеми поврзани со контрола на границата, затворање на премини помеѓу Египет и Појасот Газа, како и борба со подземните тунели кои ги користат за транспорт и комуникација.

### 2.4 Можности и предизвици

Спорот околу водениот капацитет на Нил, колку што претставува можност толку многу претставува предизвик и проблем за властите. Египет смета дека неговите „историски права“ над Нил се загарантирани со неколкуте договори со Судан преку кои има тотална контрола на капацитетите и го надгледува сливот на Нил. Со дел од овие одредби е регулирана браната Асван во Египет. Овие договори ги оспорија повеќето други земји од сливот на Нил, вклучително и Етиопија, со која беше склучен посебен договор во 2010 година со кој се дозволува да се развијат проекти на реката без да се бара одобрување од Каиро. Египет тогаш го изрази своето незадоволство со повлекување од Иницијативата за басен на Нил (НБИ), која вклучува десет држави кои граничат со реката, пред повторно да се приклучи на НБИ во февруари 2015 година.

Точно е дека Египет долги години беше владател на Нил. Но, во 2010 година се промени оваа константа. Етиопија направи план за градење на т.н. „Милениумска брана“ за да може да го снабди половина од своето население кое нема пристап до електрична енергија. Високата етиопска ренесансна брана (GERD) е голем проект кој тотално го оправдува описот ренесансна. Освен што ќе го реши огромниот проблем на населението во Етиопија, носи можност за извоз на електрична енергија, со што Етиопија ќе добие нова регионална улога во Рогот на Африка. Браната е во непосредна близина на Судан, кој исто така ќе има огромни придобивки. Египет се обиде да ги искористи сите центри на влијание кои ги поседува во Судан, САД и во меѓународните организации, но не успеа да наштети на договорот и изградбата на овој проект.

Изградбата на мегабраната, која Етиопија ја финансира со 5 милијарди долари од својот буџет ќе биде најголема во Африка со производство на 6,4 гигавати моќ, е завршена околу 70%. Етиопија вели дека моќта од браната е круцијално потребна за да помогне да се извлечат голем дел од нејзините 100

милиони жители од сиромаштија и мрак, додека Египет предупредува дека пополнувањето на резервоарот на браната премногу брзо во наредните години ќе го загрози неговиот удел во водите на реката Нил. Етиопија се обидува да ја наполни браната за 7 години, но Египет предлага дека тоа треба да се направи побавно, во период од 12 до 21 година за да се минимизира намалувањето на протокот на водите на Нил. Египет се потпира на реката Нил за земјоделско наводнување и вода за население од околу 100 милиони жители.[20] Притисокот околу браната од меѓународниот фактор е голем, но засега конструкцијата оди по планот на Етиопија. Жртва во процесот беше главниот инженер на најамбициозниот проект во Етиопија, кој беше застрелан во Адис Абеба[21]. Проектот ги зголеми тензиите со дел од соседите на Етиопија кои се плашеа дека нивниот пристап до реката Нил ќе биде нарушен. Голем број безбедносни теоретичари во афричкиот регион ја сметаат браната за потенцијално воено-конфликтно подрачје доколку засегнатите страни не се доближат до договор.

### 2.5 Односите на Египет со блиското опкружување - Судан

Историски гледано, Египет и северниот сосед, Судан, имаат заедничко минато во кое се испреплетени неколку важни настани. Современата политичка историја на Судан започнува со турско-египетската инвазија во 1820 година од Мухамед Али Паша кој сакал да изгради египетска империја. Целите на инвазијата биле да се добијат робови за воени регрути, да се извлече злато и да се контролира долината на Нил и Црвеното Море со цел полесна трговија. Картум, главниот град на Судан, е основан од Мухамед Али околу 1820 година како постојан воен логор на спојот помеѓу реките Бел и Син Нил. Првиот период на доминација на Египет над Судан завршува во 1885 година кога Мухамед Ахмад Ибн Абдула, кој се прогласува за Махди, го води суданскиот махдистички бунт за

---

[20]VOA: Ethiopia Won't Bend to US Pressure on Dam, Foreign Minister SaysBy Associated Press https://www.voanews.com/africa/ethiopia-wont-bend-us-pressure-dam-foreign-minister-says (посетен на 22.03.2020)

[21]DW: Ethiopian Grand Renaissance Dam manager Simegnew Bekele found deadhttps://www.dw.com/en/ethiopian-grand-renaissance-dam-manager-simegnew-bekele-found-dead/a-44842141 (посетен на 22.03.2020)

да го врати Картум, го собори владеењето на Мухамед Али и го основа Махдија (1885-1898) или Махдистичката Држава.

Египетското владеење над Судан е обновено со англо-египетската инвазија на Судан во 1898 година, која ја порази Махдистичката Држава и прогласи заеднички режим познат како англо-египетски, 1899 година. Правилото на Кондоминиумот траело до 1956 година, кога Судан ја добива својата независност.

Колонизацијата го врзува Судан во чисто експлоатирачки однос со Египет, кој го смета Судан како дел од египетската татковина. Египет редовно барал од Велика Британија во тоа време двете држави да бидат обединети под „египетската круна“. Односот на Египет секогаш бил супериорен, патерналистички и се обидувал да покаже одредена надмоќ и сопственишство врз суданската држава, што го отежнувало воспоставувањето нормални односи помеѓу двете држави. Египетските националисти тврдат дека владеењето на Египет ја развива благосостојбата на Судан и ги унапредува образовните и инфраструктурни капацитети.

Со други зборови, одбивањето да се откаже од својата колонијална власт над Судан е клучно за египетскиот стратешки развој како геополитички ентитет. За Египет, доминантноста и владеење во регионот потекнува од контрола на изворите на ресурсите на Нил, вклучувајќи го и Судан. Дури и по својата независност, Судан остана во рамките на сферата на влијанието на Египет, а најголем спор е оној со регулација на употребата на водниот капацитет на Нил и спорните територии Halayib Triangle.

### *2.5.1 Договорот за реката Нил*

Проблемите со водоснабдување, чиста вода, достапност и близина до водни капацитети на луѓето се добро познат проблем во афричкиот регион. Самата борба за доминација со малкуте извори на вода важи за борба на неколку фронта, и тоа: геополитички, економски, додека контролата над водните површини дава статус на регионален лидер и отвора поширок фронт за напредок на државата, што ја издигнува на ниво повисоко од своите соседи. Проблемот се состои во непропорционалната распределба на населението на територијата и климатските

услови, од една страна, и водените капацитети и број на население на континентот, од друга страна. Аналогно на ова, „луксузот“ на поседување вода во таква поставеност е всушност добра подлога за лидерство во регионот. Поради сите овие фактори реката Нил има непроценлива вредност за која нема замена во Африка.

Набргу по независноста на Судан почна да преовладува недовербата и огорченоста меѓу двете држави кога новата суданска парламентарна влада ги загрози интересите на Египет, оспорувајќи ја доминација над водите на Нил. Сакајќи да обезбеди повеќе од водите на Нил, суданскиот парламент побара укинување на Договорот за вода за Нил од 1929 година (NWA), кој беше потпишан меѓу Египет и Велика Британија во име на Судан, кој одби да даде согласност за Високата брана на Египет кај Асван (High Dam at Aswan). Во договорот Египет беше фаворизиран во однос на другите крајречни земји. Според NWA, Судан доби само 4 милијарди кубни метри речна вода, во споредба со 48 милијарди кубни метри доделена на Египет.

По воеprevious преземање на проегипетскиот генерал Ибрахим Абуд се створи шанса за да Египет го склучи Договорот за вода во 1959 година со Република Судан, а притоа да бидат исклучени другите земји во сливот на Нил. Договорот беше склучен со огромна социјална спротиставеност во Судан. Абуд, чиешто владеење траеше до 1964 година, имаше потреба од египетска поддршка за првиот воен режим на Судан, во време на сериозни економски тешкотии и интензивна домашна борба за моќ. Абуд се надеваше дека добрите односи со Каиро ќе му обезбедат финансиска помош од Светската банка за инфраструктурни проекти. Исто така, на Египет му беше потребен нов правен режим што ќе одговори на барањата на финансиерите на браната Асван. Договорот од 1959 година ефективно ги спроведуваше одредбите од Договорот од 1929 година и им даде на двете држави поголеми квоти на протокот на реката (при што Египет зафаќа 55,5

милијарди кубни метри и Судан 18,5 милијарди кубни метри од вкупните 84 милијарди кубни метри, со 10 милијарди изгубени во испарување). [22]

Клучно е дека Договорот ја обезбеди хидрохегемониската позиција на Египет со зајакнување на тврдењата на Египет за „природни и историски“ права на Нил и ги ограничи идните барања на Судан за поголем развој на вода и наводнување. Покрај тоа, Договорот од 1959 година го санкционираше Египет за изградба на браната Висок Асван, која беше завршена во 1970 година. Високата брана Асван беше пат на Египет до национален развој и економска моќ, обезбедувајќи енергија и редовна вода за земјоделството и ги заштити Египќаните од опасностите од поплави и суши Овој договор му овозможи на Египет долготрајно да ја следи употребата на водата на Нил во Судан.

### *2.5.2 Историја на меѓусебните односи*

Египетско-суданските односи навлегоа во нова фаза кога претседателот Јаафар ал Нумеири дојде на власт со воениот удар на 25 мај 1969 година. Режимот на Нумеири се идентификуваше како панарапски, моделиран од револуцијата на Насер во Египет, додека египетската поддршка му помогна на Нумеири да го консолидира своето владеење. Посебен однос имаа под претседателот на Египет, Анвар Садат, кога Судан и Египет во февруари 1974 година потпишаа договор за нивна политичка и економска интеграција, проследено со заеднички договор за одбрана, најсилен договор за одбрана меѓу Египет и која било друга земја. Овој меѓусебен договор беше поттикнат од неуспешен пуч против Нумеири, за кој либискиот претседател Муамер Гадафи беше обвинет за поддршка. Како лојален сојузник на САД за време на Студената војна, Нумеири беше единствениот арапски лидер што застана покрај Садат откако Египет потпиша мировен договор со Израел во 1979 година. Топлите односи на Судан со Египет и Саудиска Арабија го направија Судан втор по големина африкански примател на американска помош по Египет. Во многу последователни години, добрите односи со Египет беа

[22]Ethiopia, Sudan, Egypt: The Nile River Dispute- Ashok Swain
https://www.researchgate.net/publication/232011013_Ethiopia_the_Sudan_and_Egypt_The_Nile_River_Dispute
(p 679-681;684-686 посетен на 30.01.2020)

суштински за Судан да обезбеди американска помош и да избегне регионална и меѓународна изолација.

Доаѓањето на власт на Националниот исламски фронт (НИФ) предводен од Башир, кој се нарекуваше себеси Револуција за национално спасување (воено-исламистички режим), означи пресвртница во надворешната политика на Судан. Египет сè уште ја имаше моќта да го изолира суданскиот режим пред крајот на 20 век. Како и на претходните воени генерали, и на Башир, како дипломиран на Египетската воена академија, му беше потребна поддршка од Египет за да го консолидира неговото владеење и да ја задуши опозицијата. Башир ја оствари својата прва странска посета на Египет, која беше првата држава што ја призна неговата влада. Поддршката на Египет беше клучна за Башир за време на последователната интензивна граѓанска војна во Судан.

**-Ескалација на односите помеѓу Египет и Судан**

- Односите меѓу двете држави се влошија кога Судан се прогласи за исламска република и исламистичката надворешна политика на Башир го доведе до сојуз со Хасан ал Тураби, кој беше лидер на суданската секција од Муслиманско братство и ја сметаше иранската револуција за модел.
- Стравот на Египет дека Судан ќе ја извезува својата исламистичка идеологија во регионот се совпадна со новата алијанса на Судан со револуционерниот Иран и заживување на милитантната исламистичка група Ал-Гамаша и Ал-Исламија во Египет во текот на поголемиот дел од 1990-тите. Истовремено, Судан бил домаќин на Осама бин Ладен на Ал-Каеда и им обезбедил прибежиште и обука на милитантни египетски исламисти.
- Иран стана најважниот сојузник на Судан во регионот кога двете држави постигнаа договор за безбедност, со кој Техеран му обезбеди на Картум нафта, оружје и финансиска помош за купување оружје од Кина.
- Антибаширските држави во регионот ја зголемија својата поддршка на Јужното суданско народноослободително движење (СПЛА) и Националната

демократска алијанса (НДА), формирана 1989 година од противниците на Башир.

- Со материјална помош од САД и нејзините сојузници, СПЛА го зголеми својот воен капацитет и го зајакна својот политички и воен сојуз со опозициските групи во северен Судан.
- Ваквите движења го ослабнаа режимот на Башир и го отуѓија Судан од неговите арапски и африкански соседи и ја прекинаа помошта од Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), Светската банка и странските инвестиции
- Суданско-египетските односи очигледно се влошија кога милитантна исламистичка група, поддржана од Судан, во 1995 година се обиде да го убие египетскиот претседател Хосни Мубарак, бидејќи тој присуствуваше на африканскиот самит во Адис Абеба. Египет успеа во Советот за безбедност на Обединетите нации да воведе санкции за Судан, додека САД го додадоа Судан на својата листа на државни спонзори на тероризам (до денес).
- Мубарак ги одобри тврдењата на САД дека Судан  користи фабрика за производство на хемиско оружје и го обвини режимот на Башир за засолниште на терористите што се обидоа да ја соборат египетската влада. Египет ѝ даваше поддршка на опозицијата во Картум, сакајќи да ја разниша стабилноста на режимот.
- Стравувајќи од воениот одговор на Египет, Судан не успева да ја спроведе својата закана за употреба на протокот на вода од Нил како оружје против Египет.
- Како непостојана членка во Советот за безбедност на ООН, Египет успеа од јануари до април 1996 година од Советот за безбедност да побара од Судан да ги екстрадира осомничените во обидот за убиство на Хосни Мубарак, да воведе патни и дипломатски санкции за режимот на Башир и членовите на суданските вооружени сили, а подоцна и да наметне воздушно ембарго на „Судан ервејс“, кој го исклучи Судан од групата на авиокомпании.
- Башир сфаќа дека Судан не стекнал економски и материјални придобивки од сојузот со Иран и другите антиегипетски држави. Единствениот начин Картум да управува со влошената економија и статусот како меѓународна

„парија" по неколку години изолирање, беше да ги подобри односите со Египет. Само така Башир можеше да го деескалира конфликтот со САД и да обезбеди средства од богатите држави од Заливот. За да побара ослободување од зголемениот регионален и меѓународен притисок во Египет, Башир мораше да го намали непријателството кон Мубарак. Тој веруваше дека Египет може да ги користи своите силни врски со САД за да го отстрани Судан од списокот на терористички држави.

- Односите со Египет се подобриле во 1999 година, кога Картум го префрлил во Каиро осомничениот за обидот за атентат врз Мубарак. За да ја добие поддршката на Египет и САД, Башир ги пресече сите врски со Хасан ал Тураби, го отстрани како генерален секретар на владејачката партија, а подоцна го уапси.
- Судан повторно воспостави контакт со САД во септември 2001 година, со поддршка од Египет. Советот за безбедност на ООН гласаше за укинување на санкциите кон Судан.
- Со децении Египет можел да врши значително влијание врз постнезависните политички случувања во Судан затоа што имал различни видови моќ. Египет имаше најголема и најсилна војска на Блискиот Исток и долината на Нил.
- Египет има историја на централизирано правило што дозволува државна институционализација и висок степен на национален идентитет и социјална хомогеност, за разлика од Судан кој не успеа да одржува централизирана постколонијална држава во долгата историја на граѓански војни.
- Супериорната сила, принудната дипломатија и силните односи со светските сили им дадоа на египетските елити влијание врз внатрешната и надворешната политика на Судан и ефикасно го чуваа Судан како важен и усогласен дел од сферата на влијание на Египет.

- Сепак, влијанието на Египет наскоро се намали заради домашните и геополитичките усогласувања на Блискиот Исток и Рогот на Африка.[23]

### *2.5.3 Териториjален спор*

**Триаголникот Халаиб** е површина од помалку од 20.500 квадратни километри на границата со Египет - Судан, за која двете земји тврдат дека ја поседуваат, откако Судан доби независност од Велика Британија во 1956 година. Постои политичка граница што е поставена во 1899 година, која се протега долж 22-та паралела и административна граница што ја поставија Британците во 1902 година. Триаголникот Халаиб се наоѓа во разликата помеѓу двете и од средината на 90-тите години Египет има *де факто* контрола на подрачјето[24]. Египет ја распореди својата војска на територијата и во следните две децении спорот беше замрзнат со повремени дневнополитички изјави на лидерот на Судан околу важноста и борбата за повторно присвојување.

Во 2016 година спорот повторно се разгоре кога Каиро потпиша контроверзен договор со Ријад за предавање на двата стратешки важни острови на Црвеното Море - Тирана и Санафир - на Саудиска Арабија. Договорот, со кој се урна поморската граница меѓу двете држави, еднострано го призна суверенитетот на Египет над триаголникот Халаиб.[25]

### 2.6 Односите на Египет со блиското опкружување -Израел

Историскиот момент на почеток на немири, конфликти и несогласувања помеѓу Египет и Израел е денот на основањето на еврејската држава на 14 мај 1948 година. Арапските воени сили започнуваат со напади на територијата следниот ден. Овие напади се познати како Прва арапско-израелска војна во која за

---

[23]Egyptian-Sudanese relations amidst power struggles in the Middle Eastand Horn of Africa-Housam Darwisheh https://www.ide.go.jp/library/English/Publish/Download/Report/2018/2018_2_40_008_ch01.pdf(p3-11; посетен на 02.02.2020)

[24]Humanities › GeographyThe Halayeb Trianglehttps://www.thoughtco.com/halayeb-triangle-1435449 (посетен на 05.02.2020)

[25]Ахмед Х Адам соработник за истражување на Правниот факултет СОАС, Универзитет во Лондон. Автор во реномираниот медиум Al Jazeera – Што се случува помеѓу Египет и Суданhttps://www.aljazeera.com/indepth/opinion/egypt-sudan-crisis-180110134022602.html (посетен на 05.02.2020)

гордоста на Палестина и арапскиот свет се борат денешените Египет, Јордан, Саудиска Арабија, Ирак, Либан и Сирија. Од тој ден Египет станува лидер на арапските земји во борбата за обновување на палестинските права на окупираната територија од страна на Израел. До јануари 1949 година Израел успеа да освои повеќе територии отколку што беше распределено од партицијата; Источен Ерусалим и Западниот брег на реката Јордан останаа во рацете на Јордан, а Појасот Газа остана во египетски раце. Израел одржа разговори за примирје со засегнатите арапски држави во првата половина на 1949 година, но не беа преземени формални мировни договори.

Тензиите помеѓу Израел и соседите не застанаа, што придонесе за неколку воени конфликти во наредните две децении. Во 1956 година избива познатата Суецка криза или втора арапско-израелска војна, која се одвива на Синајскиот Полуостров и се карактеризира со офанзивата на Израел врз Египет, помогната од Франција и Велика Британија. Во јуни 1967 година за време на третата арапско-израелска војна, Израел ги зафаќа Голанска Висорамнина, Полуостровот Синај, Појасот Газа, Источен Ерусалим и Западниот Брег, додавајќи околу 800,000 палестински Арапи на своето население. Конечниот заемен договор за мир помеѓу Египет и Израел е донесен во 1978[26], пет години по борбата за враќање на делот од Синајскиот Полуостров, позната под името Yom Kippur (Октомвриска војна). Борбата која се одвива во 1973 е последен воен конфликт помеѓу Израел и Египет, а се води поради претходно освоениот Синајски Полусотров во 1967 година. Израел, иако претрпува големи загуби, сепак успева да задржи добар дел од освоените територии.

Израелско-египетскиот мировен договор го промени целиот геополитички пејсаж на регионот, веројатно спаси безброј животи и се одржа до денес - мало чудо со оглед на превирањата на Блискиот Исток. Стартот на преговорите е 19 ноември 1977 година, кога како големо изненадување во светски рамки египетскиот претседател Анвар Садат патува во официјална посета на Ерусалим на

[26]The Breakthrough: How Israel and Egypt Made Peace in 1979by Dov Lipman https://honestreporting.com/israeli-egyptian-peace-deal-camp-david-accords/(посетен на 07.02.2020)

покана на премиерот Менахем Бегин. Населението во Египет во тој период посакува мировен договор и поврат на изгубените територии, дотолку повеќе што во претходните неколку децении биле истоштени од константната борба против Израел во која не успеваа да победат и да ги постигнат своите цели. Во 1978 година претседателот Џими Картер беше решен дека двете страни треба да постигнат договор. Затоа тој зеде лично учество во често напнатите дискусии како домаќин на египетскиот претседател Анвар Садат и израелскиот премиер Менахем Бегин во САД – во кампот Дејвид (Кемп Дејвид) во Мериленд.[27] По 12 дена преговори со Картер како посредник, двајцата лидери ја потпишаа Спогодбата од Кемп Дејвид на 17 септември 1978 година.

За Израел предноста од Договорот беше јасна: Со отстранување на воената состојба со најмоќната арапска земја се укина заканата од комбиниран арапски напад на една од границите. Освен тоа, докажа дека мирот меѓу Израел и арапските држави е можен, со што се оградува од описот на Израел како на територијална нација што бара конфликт.

Декларацијата за независност на Израел, меѓу другото, го вклучува следниов став:

*„Ние им ја даваме раката на сите соседни држави и нивните народи со понуда на мир и добрососедство и ги повикуваме да воспостават врски за соработка и заемна помош со суверениот еврејски народ, сместен во неговата земја. Државата Израел е подготвена да го даде својот удел во заедничкиот напор за напредок на целиот Блиски Исток*“[28]

Египет конечно го прифати повикот за мир по четири обиди за воено уништување во 1948, 1956, 1967 и 1973 година и стана првата земја која потпиша ваков вид мировен договор со Израел. За Египет освен мирот клучна беше и

---

[27]History: Camp David Accords https://www.history.com/topics/middle-east/camp-david-accords (посетен на 08.02.2020)

[28]IMFA: Declaration of Establishment of State of Israelhttps://www.mfa.gov.il/mfa/foreignpolicy/peace/guide/pages/declaration%20of%20establishment%20of%20state%20of%20israel.aspx (посетен на 08.02.2020)

поддршката што ја има Израел од САД и отворената можност за влегување во пријателски односи од кои ќе имаат бенефит.

Во суштина, Договорот од Кемп Дејвид беше договор за потпишување на израелско-египетски мировен договор во рок од три месеци, што вклучува:

- Египетско признавање на државата Израел;
- Дозвола од Египет за израелските бродови да поминуваат слободно низ каналот Суец;
- Повлекување на израелската војска и цивили од Синајскиот Полуостров, заедно со египетскиот договор за чување на териториите демилитаризирани;
- Престанок на воената состојба.

Дополнителна важност на склучениот договор за мир му дава признанието Нобелова награда за мир која ја поделија Садат и Бегин во 1978 година[29], додека Џими Картер во 2002 ја доби Нобеловата награда за мир. Поранешниот американски претседател ја доби Нобеловата награда за мир „*за своите децении огромни напори да се најде мирољубиво решение за меѓународните конфликти, да се унапреди демократијата и човековите права и да се промовира економски и социјален развој*“[30].

Од денешна гледна точка се земаат  предвид придобивките од спогодбата, но во моментот на преговори во Кемп Дејвид, исходот бил далеку од сигурен. Моделот за творење мир кој беше воспоставен со овој договор останува високо релевантен и денес - одлучни лидери во комбинација со можноста да ги надраснат разликите и да ги предвидат придобивките кои ќе ги донесат мирот, стабилноста и добрососедските односи. Договорот укажува дека дипломатските односи можат да стават крај на војната и  да донесат поголем просперитет за вклучените страни. Спогодбата од Кемп Дејвид означи важна транзиција за Египет и Израел и поширокиот регион, од состојба на скоро постојан конфликт во ера на мирот.

[29]The Nobel Prize 1978 https://www.nobelprize.org/prizes/peace/1978/summary/(посетен на 09.02.2020)
[30]History: Jimmy Carter wins Nobel Peace Prizehttps://www.history.com/this-day-in-history/jimmy-carter-wins-nobel-prize(посетен на 09.02.2020)

Додека регионот има сериозни проблеми, Договорот помогна да се постигне поголем просперитет за луѓето од двете држави и елиминира голема закана за регионалниот мир и стабилност.

Спогодбата ги разниша односите во остатокот од арапскиот свет, кој беше бесен и гневен кон Египет затоа што склучи мировен договор со Израел. Сирискиот претседател Хафез ал Асад ги прекина сите врски со Египет. (Тие беа обновени во 2005 година под власта на Башар ал Асад.) Лидерот на Палестинската ослободителна организација, Јасер Арафат, изјави: „*Нека го потпишат тоа што сакаат. Лажниот мир нема да трае* “. Арапската лига го суспендираше Египет, потег кој траеше до 1989 година и го пресели своето седиште од Каиро во Тунис. Повеќето арапски земји ги повикаа своите амбасадори и ги прекинаа дипломатските врски со Египет. И најлошо од сè, на 6 октомври 1981 година, Садат беше убиен од екстремистички муслимани. Како што се испостави, причината за смртта е постигнатиот мировен договор со Израел.

Договорот несомнено направи промена, ја размрда дотогашната геополитичка поставеност и стратегија на државите од блиското опкружување. Дополнителна придобивка беа посилни безбедносни и економски односи помеѓу Соединетите Држави и страните во Договорот. Доведе до заемна воена соработка против радикалните исламски терористички групи кои се присутни на територијата на Синајскиот Полуостров, му отвори релевантна позиција на Египет да посредува во мировниот процес помеѓу Израел и Палестина. Стабилноста на израелско-египетскиот мировен договор им покажа на другите арапски нации дека Израел може да биде сигурен и доверлив партнер за мир, а не воена закана. Исто така, се покажа дека палестинското прашање не треба да биде пречка или предуслов за подобри врски меѓу Израел и арапскиот свет. Ова беше клучно за да се отвори патот за мировен договор со Јордан во 1994 година.

### 2.7 Односот на Египет со Хамас и Појасот Газа

Кога во јавноста се сретнува името на организацијата Хамас, секогаш доаѓа до дилемата: Дали се работи за терористичка организација или политичка организација која се бори за правата на еден народ. Хамас е вооружена група за

отпор, огранок на Муслиманското братство кое е важно религиозно, политичко и социјално движење во арапскиот и исламскиот свет. Ако земеме предвид дека Муслиманското братство е создадено на територијата на Египет од страна на Хасан ал Бана во 1928 година и претставува дел од активниот политички живот, важноста на односот меѓу Египет и Хамас (или појасот Газа) добива поголема димензија. Хамас е вооружено движење за отпор во Палестина, а има и своја политичка програма. Најголемиот отпор го има покажано кон мировниот договор од Осло[31] во кој учествуваат Израел и Организација за ослободување на Палестина (ПЛО). Хамас не го прифати целиот процес и затоа одби да учествува на првите палестински избори во 1996 година. Иако со противење, по втората интифада[32], која траеше од 2000 до 2005 година, одлучи да учествува на избори по тврдењето дека процесот е завршен. Како резултат на изборите во 2006 година, Хамас го освои мнозинството во Собранието и формираше влада. Во тој период во Египет на власт е претседателот Хосни Мубарак, чија цел е Хамас да го признае мировниот процес во Осло и да се приклучи во мировниот процес со Израел. Геополитичкото значење на Палестина и Муслиманско братство станува стратешка ситуација за регионот, особено по Арапската пролет и падот на режимот на Мубарак.

Хамас е е палестинска сунитско-исламска фундаменталистичка милитантна организација која делува на просторот на Појасот Газа и Западен Брег. Главната ориентација и цел на движењето е воспоставување на независна исламска држава во границите на Палестина, односно територијата на денешен Израел, заедно со Газа и Западен Брег. Почетоците на делување на Организацијата се поврзани со активностите на исламистичките активисти на Муслиманското братство кое воспосоставува мрежа на добротворни организации, клиники и училишта на територија на Газа и Западен Брег кон крајот на 70-тите години. Голем број на мали групи на окупираните територии почнаа да бараат џихад или света војна

---

[31]Oslo Accords: The Text, The Intentions and the Question Of Peace - Mohammad Yaghi https://www.academia.edu/20667371/Oslo_Accords_The_Text_The_Intentions_And_The_Question_Of_Peace (посетен на 11.02.2020)

[32]Дефиниција на интифада : востание, бунт конкретно: вооружено востание на Палестинците против израелската окупација на Западниот Брег и Појасот Газа

против Израел. Во декември 1987 година, на почетокот на палестинската интифада против израелската окупација, Хамас е основана од членови на Муслиманското братство и религиозни фракции на ПЛО. Новата организација брзо се здоби со широко следбеништво. Хамас се спротивстави на секуларниот пристап на Палестинската ослободителна организација (ПЛО) кон израелско-палестинскиот конфликт и ги отфрли обидите за отстапување од кој било дел од Палестина, што воедно ја обедини и зајакна идеологијата и постави цврст темел за формирање на Организацијата. Шеикот Ахмед Јасин е основач на движењето.

Во својата повелба од 1988 година, Хамас тврди дека Палестина е исламска татковина која никогаш не може да се предаде на немуслиманите и дека водењето на света војна за да се преземе контрола на Палестина врз Израел е религиозна должност за палестинските муслимани. Оваа позиција го доведе во судир со ПЛО, која во 1988 година го призна правото на Израел да постои како држава. Хамас наскоро започна да дејствува независно од другите палестински организации, генерирајќи непријателство меѓу групата и нејзините секуларни националистички колеги. Повеќе насилни напади на Хамас врз цивилни и воени цели го натераа Израел да уапси голем број водачи на Хамас во 1989 година. Во следните години, Хамас претрпе реорганизација за зајакнување на својата командна структура и лоцирање на клучните водачи надвор од дофатот на Израел.

Израел, САД и ЕУ ја класифицираат Хамас како терористичка организација, додека Русија, Турција и Кина имаат позитивни гледишта кон организацијата. Египет, исто така, по доаѓањето на власт на претседателот Сиси, ја смести во редот на терористички организации.

### *2.7.1 Историја на меѓусебните односи*

Египетската влада бараше модус да го убеди Хамас да влезе во ПЛО. За таа цел спроведе средба со претставници на Фатах и Хамас во Картум во 2002 година. Потоа египетската влада организираше состанок на сите палестински движења во декември 2003 година. Главната цел на овие состаноци беше да се обезбеди континуитет на прекинот на огнот меѓу Израел и палестинските групи за отпор. Втората цел на состанокот беше собирање на сите палестински движења на

отпорот под централно тело. Главната цел на египетската администрација беше да создаде заеднички фронт во мировните преговори Палестина - Израел. Претседателот Мубарак сакаше да издејствува супервизија на Хамас, принудувајќи ја да се приклучи на Палестинската ослободителна организација (ПЛО).

Претседателот на палестинската власт, Махмуд Абас, палестинските движења на отпорот и египетскиот министер за разузнавање, Омар Сулејман, присуствуваа на конференција одржана во март 2005 година во Каиро. Како резултат на овој собир деклариран е заеднички договор во 4 точки[33]:

1. Палестинците имаат право на отпор против окупацијата, а Ерусалим е главен град на државата што ќе биде основана како независна палестинска држава.
2. Се споменува и правото на враќање на палестинските бегалци.
3. Реформа во палестинските институции и да се закажат избори.
4. Палестинската ослободителна организација (ПЛО) мора да се реконституира.

Следеа избори во 2006 на кои победи Хамас. Мубарак инсистираше на тоа дека Хамас мора да го признае Израел доколку е подготвен да формира влада. Тоа признание би значело интеграција на Хамас во политичкиот и дипломатскиот систем во регионот. Сите изјави кои доаѓаа од египетската администрација во периодот се базираа на повик за прекин на насилството, почитување на Договорот од Осло, продолжување на мировните преговори со Израел без вооружен отпор, како и за воспоставување на две меѓусебно признаени држави. Мухамед Махди Акиф, водач на Муслиманското братство, објави дека палестинскиот народ го избрал патот за решение со исламски методи - вооружениот отпор и џихад за да се спасат палестинските територии и Ерусалим.

За Египет и Мубарак претставуваше чувствително прашање и предизвик поврзаноста на Хамас со Муслиманското братство и целата новонастаната

[33]From Burden To Strategic Asset; The Relationship Between The Government of Hamas and Mubarak’s Egypt - M. Serkan TAFLIOĞLU https://dergipark.org.tr/tr/download/article-file/185045 (посетен на 13.02.2020)

регионална политичка поставеност, која никако не одговараше на позициите кои тој ги бранеше. Од една страна Хамас е блиска до Муслиманското братство кое е најголем опонент на режимот на Мубарак, од друга страна е неговата меѓународна позиција и почитување на договорот за мир од Кемп Дејвид, како и заложувањата за мир помеѓу Израел и Палестина. Мир во регионот не беше можен доколку вооруженото крило на Хамас продолжи со дотогашниот начин на делување. Мубарак тоа го натера да одбегнува влегување во каков било отворен и транспарентен конфликт со Хамас. За да биде појасна позицијата на Мубарак, еден од клучните фактори е САД и фактот што Египет годишно добива околу 2,1 милијарди УСД од американскиот Конгрес; 1,3 милијарди воена помош, а остатокот во економска поддршка[34], придобивка базирана пред сé на добрососедскиот однос со Израел. Исто така, САД го класифицираа Хамас како терористичка организација од 1997 година[35]

За да ја постигне контролата на Хамас, Мубарак почнува интензивно да ја зголемува поддршката и соработката со Фатах која не сакаше да ја признае победата и одби да влезе во влада формирана од Хамас. По долги преговори, во 2007 година, конечно, Фатах и Хамас формираат Влада за национално единство. Со овој договор Фатах и Хамас требаше да завршат со вооружени судири и спорови. Но, во суштина Египет и останатите засегнати соседни држави Јордан и Саудиска Арабија, режираат да го неутрализираат Хамас и се надеваа дека ќе го одвратат вооружениот отпор во периодот кој следи. Египет не застана тука и се обиде да ја урне владата на Хамас , но неуспешно. За таа цел египетската влада во овој процес обучи илјадници воени лица кои припаѓаат на Фатах, предводени од Махмуд Дахлан. Процесот покажа дека тие биле обучени од Египет за судир со силите на Хамас, а не за борбата против Израел, како што беше првично презентирано.

---

[34]Hamas-Egypt Relations: The Geopolitical Perspectiveby Georgios Riggas https://www.academia.edu/21626586/Hamas-Egypt_Relations_The_Geopolitical_Perspective_-_March_2013_IMES_Seminar_Talk_ (p3,4 посетен на 14.02.2020)
[35]"Foreign Terrorist Organizations," US Department of State Bureau of Counterterrorism https://2009-2017.state.gov/j/ct/rls/other/des/143210.htm(посетен на 14.02.2020)

Серија од најразлични мерки беа преземени од двете страни. Египет се приклучи на блокада на границата од страна на Израел и го блокираше Рафах, единствениот премин со појасот Газа. Режимот на Мубарак, со тоа што ја затвори вратата од границата со Рафах, во исто време даде директна поддршка на израелската блокада. Ваквите мерки резултираа со уништување на граничната ограда од илјадници Палестинци, кои влегоа на територијата на Египет. По ваквиот развој на настаните, владеењето на Хамас во Појасот Газа за Египет и претседателот Мубарак претставуваше закана за националната безбедност.[36] Во исто време амбасадорот на Египет во Газа беше повлечен, а дипломатите беа испратени во Рамала. Ова беше силна индиција дека владата на Рамала, која произлегува од Фатах, била поддржана од египетската влада во конфликтот Хамас - Фатах. Ваквите постапки наидоа на остри критики кон Египет и Мубарак во арапскиот свет. Режимот на Мубарак целосно ја зазема страната на палестинската власт (Фатах), додека односот кон Хамас беше видно непријателски.

### *2.7.2 Хамас и Египет по падот на Мубарак*

Членот на Муслиманско братство, Мохамед Морси, стана претседател на Египет во јуни 2012 година, 15 месеци по падот на Мубарак во февруари 2011 година. Власта на Морси не издржа долго, годината во која владееше беше проследена со слаба контрола врз дел од клучните институции; ниту војската, ниту полицијата, ниту печатот беа под потполна контрола на новата влада[37]. Ова го означува периодот во кој две политички исламски поврзани организации истовремено беа одговорни за два гранични ентитети на Блискиот Исток. Се случија некои подобрувања во пристапот на Каиро кон Хамас, но Морси беше на должност многу кратко време и негова главна задача не беше реструктуирање на надворешната политика на Египет, туку зацврстување на сопственото владеење.

Морси го прими лидерот Ханије во својата канцеларија во јули 2012 година. Ова беше првпат египетски претседател да разговара со водачот на Хамас. Поради

---

[36]Center for Middle East Policy at BROOKINGS:SINAI SECURITY: Opportunities for Unlikely Cooperation Among Egypt, Israel, and Hamas https://www.brookings.edu/wp-content/uploads/2016/06/22-sinai-hamas-egypt-israel-gold.pdf (p 4,5 посетен на 15.02.2020)
[37]Monde Diplomatique English, Nael Shama, "Understanding Cairo," https://mondediplo.com/outsidein/understanding-cairo (посетен на 18.02.2020)

сличната заднина, потекло и пристап, се отвори шанса на владата на Хамас и Морси да комуницираат поефикасно. Односите Хамас - Египет за време на претседателството на Морси беа ограничено подобрени. Во Појасот Газа победата на Морси била прославена слично како победата на Хамас во 2006 година, со висок степен на ентузијазам[38]. Водачите на Хамас веруваа дека со доаѓањето на власт на Морси можат да разговараат со Египет под подобри услови и дека, на овој начин, тие чекор по чекор ќе градат значајна врска со Каиро. Во овој контекст, послабиот актер Хамас беше подготвен да преземе компромиси за кои нејзините водачи веруваа дека би можеле да се профитабилни долгорочно. И покрај наведените поврзаности и конекции, Морси остана доследен на претходно зацртаната надворешна политичка определба и во периодот на криза кај преминот Рафах ја задржа соработката со Израел. [39]

За толку краток рок не можат да се констатираат преголеми подобрувања и придобивки во односот меѓу Египет и Хамас, освен оние основните на кои се гледа како на нормални поради заедничкиот идеолошки афинитет на двете страни. Владеењето на Морси заврши брзо, оттука во тој период сродното раководство на граничните политики имаше слабо влијание врз регионалната политика. Како најважен акт, во ноември 2012 година Морси посредуваше во успешниот миротворен договор помеѓу Хамас и Израел, за кој доби големи почести од меѓународната јавност.

Денес Хамас е најзначајниот фактор што ги дефинира египетските политики кон Палестина. На 1 мај 2017 година Хамас ја објави својата ажурирана основачка повелба во која го прифати решението за две држави и го промени долгодишното отфрлање на политичката спогодба меѓу Палестина и Израел во рамките на границите во 1967 година. Сепак, владата на египетскиот претседател Абдел Фатах ел Сиси бараше поинакво поместување од претходните позиции на Хамас - движењето да се одвои од египетското Муслиманско братство, кое старата

---

[38]Haaretz-Hamas: „Morsi victory in Egypt will help Palestinian cause" https://www.haaretz.com/hamas-morsi-victory-will-help-palestinians-1.5186603(посетен на 20.02.2020)
[39]Hamas-Egypt Relations during Morsi's Presidency –BRAIS Conference Talk (Presented by Dr. Bashir Saade)https://www.academia.edu/21626526/Hamas-Egypt_Relations_during_Morsi_s_Presidency_-_BRAIS_CONFERENCE_2015_TALK_Presented_by_Dr._Bashir_Saade_ (посетен на 21.02.2020)

повелба го призна како патронска организација. Во ажурираната повелба Хамас ја испушти референцата кон Муслиманското братство и се дефинираше како движење за ослободување и отпор за кое исламот претставува референтна рамка.

Односите меѓу египетската влада и Хамас беа строго воздржани по пучот на египетската армија на 3 јули 2013 година, што го отстрани Муслиманското братство од ешалоните на државна моќ. Постоеа индиции дека активисти на Хамас шверцувале оружје на МБ и биле вмешани во терористички напади на Синајскиот Полуостров. Ваквите информации во египетските медиуми резултираа со намалена поддршка кон Организацијата. Границите меѓу Египет и Газа станаа многу спорно прашање, особено подземните тунели кои секогаш беа во употреба за шверцување стока до појасот Газа, а беа или игнорирани или толерирани од претходните египетски влади. Воените и безбедносните трупи неколкупати ги преплавуваа тунелите и презедоа мерки за воспоставување на египетската контрола над границите.

Влошената безбедносна состојба на Синајскиот Полуостров и демонстрациите на домашната сцена ја натераа владата на претседателот Сиси да се спротивстави на Хамас со уште подрастични чекори, вклучително и замрзнување на контакти меѓу движењето и египетското разузнавање, кое низ историјата беше во постојан разговор и преговори со Хамас. Кога избувна војната на Израел за Газа на 8 јули 2014 година, Сиси, за разлика од претходните египетски лидери, не се понуди дипломатски да посредува за крај на израелските воени операции или прекин на огнот. Дополнително на почетокот на 2015 година египетскиот суд ја декларираше Хамас како терористичка организација.[40]

Казнувањето на Хамас и намалувањето на нејзините воени способности се чинеше заедничка цел на владите на Израел и Египет. Широки сегменти на египетската јавност ја купуваа реториката на нивната влада, прифаќајќи дека Хамас претставува закана за националната безбедност и дека постапувањето на Израел не е во спротивност со египетските интереси. За време на војната немаше

[40]Egyptian court declares Hamas a 'terrorist' grouphttps://www.aljazeera.com/news/2015/02/egyptian-court-declares-hamas-terrorist-group-150228122454458.html (посетен на 21.02.2020)

јавни демонстрации во египетските градови за поддршка на „палестинските браќа", а невладините помошни конвои, кои беа упатени кон Газа, беа запрени од египетските власти - што беше невообичаено за долгогодишната вмешаност во Египет во арапско-израелскиот конфликт и во палестинските работи. Главно, администрацијата на Сиси е посветена на пресекување на врските со Хамас во сите нивоа на египетското општество, потоа поголема посветеност на внатрешните проблеми во Египет и помалку на посредување во проблемите во блиското соседство.

### 2.8 Односот на Египет со блиското опкружување - Либија

Иако соседни држави, поради карактеристичната населеност во афричкиот регион и големиот пустински простор низ кој се простира границата помеѓу овие две држави, низ историјата главно тие немале поголеми спорови. Не делат никакви природни капацитети кои би биле основа за конфронтација. Либија е една од најретко населените земји во светот со нешто помалку од 4 жители на километар квадратен и населението е сконцентрирано главно во делот крај Средоземното Море. Административните центри Триполи и Каиро се раздалечени на преголема дистанца, која исто така важи за населените делови во Египет и населените делови во Либија.

Либија, слично како Египет, својата независност ја добива во средината на 20 век, односно 1951 година. Прво се воспоставува монархија на чело со кралот Идрис I , која ја урива воен пуч предводен од Муамер Гадафи во 1969 година. Гадафи останува на власт четири децении, слично како во Египет со тридецениското владение на Хосни Мубарак. Двајцата се симнати од власт во периодот на Арапската пролет во 2011 година, со тоа што дотогашниот лидер на Либија е убиен од страна на бунтовниците.

Од независноста на двете држави до денес, како и кај другите земји од арапскиот свет така и кај Либија, најголем проблем и несогласување со Египет се случува во периодот на потпишување на Договорот од Кемп Дејвид, со кој Египет ја призна израелската држава. Крајот на Yom Kippur војната во 1973 година го навести почетокот на влошување на односите помеѓу Либија и Египет. Тогашниот

претседател Садат одлучи да присуствува на мировна конференција во Женева на која присуствуваа членови на САД и Советскиот Сојуз, а на која една од точките беше помирувањето на Израел и Египет. За Либија ова беше потег кој не носи добро на арапскиот свет. По зголемувањето на тензиите и сé поголемото приближување до меѓусебен договор помеѓу Израел и Египет, во јуни 1977 година Гадафи нареди над 200.000 Египќани да ја напуштат Либија со обвинение дека Египет планира да ги заземе египетските нафтени полиња. Во јули 1977 година избија неколку конфликти на границата и двете држави војуваа константно 4 дена, за потоа да прогласат прекин на огнот по повик и покровителство на претседателот на Алжир, Хари Бумедин. Прекинот на немирите не навести подобрување на односите, туку само ги смири настаните. Во деценијата што следеше Гадафи се држеше до ставот кој беше сличен во голем дел од арапскиот свет, кој е директно поврзан со признавањето на израелската држава од страна на Египет. Односите се замрзнати цели 12 години, сé до првата посета на Гадафи на Египет уште од 1973 година. Во 1990 година односите се подобруваат и Египет лобира кај САД да се направи дополнителна евалуација на тогашниот тврд став спрема Гадафи и либиското владеење. Оттогаш односите се нормализирани.[41]

Проблем кој го делат двете држави во пустинскиот дел е неможноста да ја контролираат границата и преносот на оружје и останати недозволени материи помеѓу militantни групи и различни фракции, кои се постојана опасност за стабилноста на двете држави. Целото внимание на арапскиот свет е насочено кон Израел, па така слабата контрола на границите во регионот го прави многу лесен патот до Синајскиот Полуостров каде се упатуваат голем дел од ваквите групи. Границата помеѓу Египет и Либија е долга 1,115 км и се наоѓа во пустински предел.

Иако ова е јасна закана за безбедноста на обете нации, властите од двете земји не се согласуваат за причините за несигурноста, како и за тоа како да го решат проблемот. Египет смета дека либиските милитантни групи се виновни за шверцот и насилството на границата и ја притиска Либија да користи „поцврста

[41]Middle East Institute, Libya-Egypt Relations: Bad Neighbor, Good Neighborhttps://www.mei.edu/publications/bad-neighbor-good-neighbor-libya-egypt-relations(посетен на 22.02.2020)

рака“ со нив, додека либиските власти сметаат дека одговорните за трговија со оружје и насилство се членови на мрежата на Гадафи, фрагментирана во Египет . Либија тврди дека единствениот начин за подобрување на безбедноста по должината на границата е екстрадиција на тие членови, што египетската влада не сака да го направи. Номинално, важна е соработката од економски аспект на овие две држави поради природните ресурси кои ги поседуваат. Либија поседува најголеми нафтени резерви во Африка. Низ историјата голем дел од иселените Египќани својот извор на егзистенција го барале во Либија.

## ГЛАВА III: Египет за време на Арапската пролет

### 3.1 Почетокот на Арапска пролет

Арапските противвладини востанија што започнаа на крајот на 2010 година во Тунис и се раширија во целиот регион на Источна Азија и Северна Африка (МЕНА), уште еднаш ја актуелизираа дискусијата за авторитарната природа на регионот. Главната дискусија се одвива околу прашањето за тоа дали може успешно да ги трансформираат своите општества од автократија во демократија. Целиот предизвикувач на процесот на арапското будење се случува во Тунис, а главниот протагонист е младиот Мухамед Буазизи, кој е најистакнатиот поединец и во многу светски медиуми е претставен како главната искра, најголем херој за промени и тектонски поместувања на регионот МЕНА[42].

На 17 декември 2010 година, во знак на протест поради тоа што полицијата ја одзема неговата тезга со образложение дека тој не поседува лиценца за да извршува продажба и треба да плати казна, тој се решава на самоубиствен чин. Поради тоа што казнувањето не се случило првпат, Буазизи, кој воедно бил навредуван и удиран од полицијата, немоќен да го реши проблемот преку институциите, се самозапалува во знак на револт и фрустрација кон владеењето на претседателот Бен Али[43] и покренува протести низ државата. По хоспитализацијата, на 4 јануари 2011 година, Буазизи подлегнува на повредите, а протестите се радикализираат и десет дена подоцна претседателот Бен Али официјално се повлекува од својата функција.

Како резултат на Арапската пролет или продемократските протести, кои рапидно се раширија со помош на социјалните медиуми, владетелите во некои делови на арапскиот свет, како што се Тунис, Египет (двапати), Либија и Јемен, беа одвоени од деceнискoто лидерството; граѓанските востанија избувнаа во земји како Сирија и Бахреин; големи протести за покажување незадоволство од владите

---

[42]Bouazizi: The Man Who Set Himself and Tunisia on FireBy Rania Abouzeid http://content.time.com/time/magazine/article/0,9171,2044723,00.html(посетен 24.02.2020)
[43]The Guardian- How a man setting fire to himself sparked an uprising in Tunisia- Brian Whitaker ( First published on Tue 28 Dec 2010 )https://www.theguardian.com/commentisfree/2010/dec/28/tunisia-ben-ali(посетен на 24.02.2020)

избувнаа во Алжир, Ирак, Јордан, Кувајт, Мароко и Судан; и слични, но мали протести зафатија и места како Мавританија, Оман, Саудиска Арабија, Џибути, Западна Сахара и палестинските територии[44]. Арапската пролет се карактеризира со т.н. домино ефект поради начинот на проширување низ регионот и префрлање на влијанието за многу кратко време, процес кој целосно ќе ја промени геополитичката карта на регионот. Претходната голема промена се забележува во средината на 20 век, кога голем дел од државите се ослободуваат од колонијалните владетели од Европа.

### 3.2 Почетокот на Арапската пролет во Египет

Следен во бранот востанија беше Египет. Протестите започнаа на 25 јануари 2011 година, Денот на националната полиција, кој, според тогашниот претседател Мубарак, е ден-симбол на патриотизам и жртвување, со цел граѓаните да го покажат восхитувањето кон полицијата[45]. Египетскиот народ, додатно мотивиран од успешноста на Револуцијата во Тунис, особено младите активисти кои се движечката сила на овие протести, почнуваат со организација и подигање на храброста кај граѓаните преку социјалните мрежи Facebook и Twitter. Тие почнуваат да шират повик за протест против Хосни Мубарак. Како резултат на повикот, луѓе од цело Каиро излегоа на улиците и се движеа кон плоштадот Тахрир и Парламентот, каде што воедно е централното протестирачко место во Египет. Централните одбранбени сили не успеваа да ја исконтролираат огромната маса народ која беше присутна на улиците, која според проценките во екот на најголемите протести изнесувала 100.000 луѓе.

Претседателот Мубарак во очај, гледајќи дека ја губи контролата врз државата, ја оневозможува мобилната мрежа и интернетот. Ова како да ги направи уште погневни протестите и ја принудува полицијата да се повлече од

---

[44]Intellectual Discourse, OnlineReview ArticleThe Arab spring: Its origins, evolution and consequences… four years onElfatih A. Abdel Sala-Professor in the Department of Political ScienceInternational Islamic University Malaysia(IIUM)https://www.researchgate.net/publication/284181844_The_Arab_spring_Its_origins_evolution_and_consequences_four_years_on(p 121-122 посетен на 25.02.2020)

[45]Shinta Puspitasari Arab Spring: A Case Study of Egyptian Revolution 2011https://www.researchgate.net/publication/324688042_Arab_Spring_A_Case_Study_of_Egyptian_Revolution_2011 (p 162-163 посетен на 25.02.2020)

одбрана на инстутуциите. Протестантите се обидуваат да заземат под контрола некои од важните државни институции, како Министерството за внатрешни работи.

Првите промени се случуваат на 29 јануари кога претседателот Мубарак преку јавен говор известува дека ќе ја отпушти постоечката влада и веќе од наредниот ден ќе почне да функционира друга, но во секој случај тој останува на претседателската позиција.[46] Сепак, целта на протестите беше заминување и целосна промена на власта во Египет и речиси никој не беше задоволен од ваквото излегување на Мубарак. Додека тој се противеше да се откаже од функцијата претседател, штетите од Револуцијата постојано растеа. Тука се мисли на повеќе од 300 луѓе кои загинаа во протестите, берзата доживеа колапс, размената застана и веднаш следеше пад на туризмот.

Вториот говор пред нацијата Мубарак го одржа на 1 февруари, велејќи дека ќе го измени Уставот, особено членовите 76 и 77 во врска со претседателството.[47] Мубарак рече дека нема да биде кандидат за седми мандат, но ќе остане на власт да ги надгледува реформите и да гарантира стабилност - позиција која веднаш беше отфрлена зашто демонстрантите ја посакуваа промената веднаш. *„За неколку месеци што останаа во тековниот мандат, ќе работам во насока на обезбедување мирна транзиција на моќта, ќе умрам на почвата во Египет и ќе ми се суди според историјата“,* изјави Мубарак.[48]

Од тој ден демонстрациите продолжија барајќи Мубарак да се повлече, а нивото на насилство секој ден се зголемуваше. Конечно, на 11 февруари 2011 година, по 18 дена демонстрации и насилнички протести, потпретседателот Сулејман објави дека претседателот Хосни Мубарак се повлекува по 29 години и

---

[46]CNN-Egypt cracks down on mass protests as Mubarak dissolves governmenthttp://edition.cnn.com/2011/WORLD/africa/01/28/egypt.protests/index.html(посетен на 25.02.2020)
[47]The Guardian Hosni Mubarak's speech: full text published on Wed 2 Feb 2011https://www.theguardian.com/world/2011/feb/02/president-hosni-mubarak-egypt-speech(посетен на 25.02.2020)
[48]The Guardian Hosni Mubarak vows to stand down at next election – but not now Jack Shenker and Peter Beaumont in Cairo, Ian Black and Chris McGrealWed 2 Feb 2011 https://www.theguardian.com/world/2011/feb/01/hosni-mubarak-egypt-president(посетен на 25.02.2020)

120 дена од неговото претседателствување и ја предава својата моќ на Врховниот совет на египетските вооружени сили.

Во протестите кои траеа 18 дена беа убиени над 800 Египќани, додека околу 6500 бунтовници биле ранети. Се приближија и соединија разни опозициски групи што претставуваат широк пресек на египетското општество, секуларисти, феминистки, исламисти, антикапиталисти и многу други. Карактеристично за падот на многу режими, така и во Египет, движечката сила за промена поаѓа од младите, студенти и невработени лица кои не се плашат да се борат за подобра иднина.

Со ова се затвори првата етапа од неколкуте во египетската држава поврзани со првите легитимни демократски избори, Арапската пролет и смената на власта. За разлика од останатиот дел од арапскиот свет, во Египет настаните и кризата не застанаа со смената на Мубарак, односно продолжи уште подолг период на неизвесност и промени. Во литературата некои автори во Египет гледаат постоење на целосна египетска криза која трае од 2011 до 2014 година, а не само овие 18-дневни превирања како дел од големото арапско будење во повеќе држави.

### 3.3 Улогата на социјалните мрежи во процесот на Арапска пролет

Во текот 20 век сведоци сме на дигитализација на општеството, напредокот во достапноста на интернет, брза интеракција и комуникација меѓу луѓето, особено корисниците на социјалните мрежи, каде брзо и лесно може да се организира настан и да стане видлив за одредена таргет група. Главниот распалувач на огнот, повик за мобилизација и за подобро утре, младите во Египет го споделуваа преку Facebook и Twitter. Активистите беа во можност да се организираат и мобилизираат делумно затоа што авторитарните влади сѐ уште недоволно го разбираа концептот за тоа како може да се користат социјалните медиуми. Професорот по политика Џошуа Такер, кој ја истражува поврзаноста на социјалните медиуми и политичкото учество на универзитетот Њујорк, вели: „*Тие (властите) не го видоа потенцијалот на демонстрантите, има многу причини поради кои луѓето на власт беа бавни во справувањето со протестите*“; „*Една*

*од работите е што немаат слободни медиуми, што прави потешко да научат што се случува низ светот“*[49]

Социјалните медиуми ги гледаме како една од низата алатки кои беа искористени во процесот на демонстрациите. Поврзаноста на Револуцијата е и со смртта на младиот Калед Саид, причинета од полициска бруталност на 6 јуни 2010 година, која претходи на целиот заплет. Во негова чест Facebook група со име „Сите сме Калед Саид“ собра преку 70.000 следбеници. Исто така успешноста на демонстрациите во Тунис, која младите ја видоа преку социјалните мрежи, додатно ја зголеми храброста за почеток и вербата во успех на зацртаната цел. Ако на ова ја додадеме големата стапка на невработеност, лошата економија, големата корумпираност (која е секогаш карактеристична кај долгогодишното владеење) и планот на Мубарак за смена од страна на неговиот син, со што би продолжил да ја урива конкуренцијата за претседателското столче, добиваме совршен спој на релевантни фактори за почеток на една револуција, промена на авторитарен режим и борба за демократија.

### 3.4 Улогата на војската во Египет

Уште по преземањето на Египет во 1981 година, Мубарак започна со трансформација во голем деловен комплекс заради интересите на неговите неолиберални меѓународни патрони и локалниот воен естаблишмент кој профитираше од контролата врз богатите извори на Египет - главно Суецкиот Канал, природниот гас и локалниот пазар. Тој лично се збогати многу повеќе од кој било од неговите претходници и ја разви војската до точката каде таа играше значајна улога во економијата на нацијата и ја вметна толку длабоко во институцијата на државата, со што доби голема моќ. Под негово владеење, воената индустрија беше проширена и зацементирана.

Всушност, египетската војска се здобила со вредни недвижнини и бројни индустрии. Според една проценка, воените команди контролираат околу 40% од

[49]Wired- Social Media Made the Arab Spring, But Couldn't Save It - JESSI HEMPEL26.01.16 https://www.wired.com/2016/01/social-media-made-the-arab-spring-but-couldnt-save-it/ (посетен на 26.02.2020)

египетската економија. Ова само по себе ја направи војската империја на пари и моќ, при што египетските работници градат пирамида со огромно богатство за воениот естаблишмент и нивните придружници. Управувањето со вода, производствотота на електрична енергија, обновата, јавните комунални услуги и јавните работи се монополи на војската. До 2000 година, воената администрација на производи за национални услуги управуваше шеснаесет фабрики, вработувајќи 75.000 работници, со половина од производството насочено кон домашниот пазар, понекогаш како дел од заеднички вложувања со локални приватни капитални фирми.[50]

Вистинскиот тест на лојалноста на воените капацитети кон претседателот Мубарак и кон египетскиот народ се случи во периодот на Арапската пролет. Бидејќи протестите се развиваа и се зголемуваа, одговорот на Мубарак беше да се повика војската да ги прекине протестите. Војниците овојпат одбија да се држат до наредбите на Мубарак, и наместо тоа, тие ги заштитија луѓето од државната полиција. Воена египетска армија има толку многу врски со општеството, што дури и ако генералите биле подготвени да пукаат во демонстранти, многу офицери веројатно би одбиле да ги почитуваат таквите наредби. Потоа тој одговори со екстензивно насилство од неговите лојални полициски и безбедносни сили, но војската застана против тоа и изјави дека: „*зголемувањето на насилството и нередот само ќе им наштетат на легитимноста и влијанието на војската*“. Така, на 10 февруари Врховниот совет на вооружените сили (SCAF), тело составено од 21 највисок претставник на египетската армија, ја презеде контролата врз земјата и следниот ден го убеди Мубарак да поднесе оставка и да се упати кон органите на прогонот“[51].

[50]A CRITICAL ANALYSIS OF THE ARAB SPRING: CASE STUDIES OF TUNISIA AND EGYPT - POLITICAL SCIENCE AND INTERNATIONAL RELATIONS PROGRAM TAMMAM OMER ABDULSATTAR http://etd.lib.metu.edu.tr/upload/12619524/index.pdf(посетен на 26.02.2020)

[51]Comparing the Arab Revolts- the role of the military - Zoltan Barany October 2011 https://www.journalofdemocracy.org/wp-content/uploads/2011/12/Barany-22-4.pdf(p28-33 посетен на 26.02.2020)

### 3.5 Периодот на владеење на Врховниот совет на вооружени сили

Кај некои автори периодот на владеење на воениот врв од 11 февруари 2011 година до 30 јуни 2012 година се нарекува и втор бран на Арапската пролет во Египет. Една од причините која често се споменува, а е поврзана со непослушноста кон Мубарак и преземањето на власта, е поради неговиот став и сè поголемите индиции за негов наследник да го назначи синот Гамал Мубарак.[52] Тоа никако не им се допаѓало на воените команданти, а уште помалку на демонстрантите кои бараа притвор за целото блиско опкружување на Мубарак, вклучувајќи ја фамилијата.

Прва задача за Врховниот совет на вооружени сили (скратено **SCAF**), што се наметна по милионските протести во текот на претходните 18 дена, беше расчистување на нередот, притворање на корумпираните членови на Владата, ревизија на нивното работење, одговорност од нивна страна пред суд и почеток на спроведување демократски слободни избори. Ова, впрочем, беа главните барања на демонстрантите кои не веруваа во промена на општеството без смена и одговорност од луѓето кои ја доведоа државата на тоа ниво.

Серија настани и превирања го одбележаа владеењето на генералот Мохамед Хусеин Тантави, кој беше избран од страна на SCAF за претставник и привремен предводник на нацијата. Непосредно пред неговото назначување го суспендира Уставот и го распушти Парламентот и објави дека ќе биде на власт сè до одржувањето на претседателски и парламентарни избори. Хронолошки ги издвојуваме најважните :

- **(17. 2.)** SCAF даде официјална изјава дека нема да учествува со свој кандидат на претседателските избори.
- **(22. 2.)** Владата се реконструира, но Министерствата за одбрана, внатрешни, надворешни, финансии и правда остануваат предводени од луѓето на Мубарак, што веднаш наидува на големо несогласување кај народот и првиот бран протести против SCAF.

[52]Middle East-Egypt's Mubarak Grooming Son for Presidency? September 06, 2010 08:00 PM https://www.voanews.com/middle-east/egypts-mubarak-grooming-son-presidency (посетен на 27.02.2020)

- **(19. 3.)** Во Египет се одржа **уставен референдум**[53] на кој успешно се изгласаа неколку промени на Уставот. Главни промени кои се изгласаа се ограничување на претседателството до најмногу два четиригодишни мандати, судски надзор на изборите, услов претседателот да назначи најмалку еден заменик претседател, комисија за изготвување на нов устав по парламентарните избори и полесен пристап до претседателските избори од страна на кандидатите - преку 30,000 потписи од најмалку 15 провинции, 30 члена на Комора на законодавниот дом или номинација од страна на партија која има најмалку едно место во законодавниот дом.
- **(31. 3.)** Почеток на нови, најмасовни демонстрации по оние за време на падот на Мубарак, насловени како „Спас на револуцијата“[54], во кои се критикува бавното менување на членовите од стариот режим. Протестите продолжуваат неколку дена, во нив се вклучува и **Муслиманското братство** за да го зголеми притисокот врз властите да отворат судски случаи против членовите од режимот кои сé уште имаат високи позиции.
- **(9. 4.)** Нетрпението на SCAF излегува на виделина, како и воениот начин на размислување. Против протестантите почнуваат да **употребуваат сила** и со таквиот пристап се разнишува легитимитетот и довербата, која и онака била дискутабилна.
- **(24. 5.)** Објавено е дека на Мубарак и двајцата синови ќе им се суди поради убиените демонстранти во антивладините протести. Неколку дена подоцна Египет официјално го пушта во употреба **Рафах**[55], блокираниот премин спрема појасот Газа, со мали рестрикции за мажи на возраст од 18 до 40 години.
- **(28. 6.)** Уште еднаш на дело се покажува неумешното раководење и справување со протестите, овојпат во големи физички пресметки и со

[53]CARNEGIE- Endowment for international peace - Overview of Egypt’s Constitutional Referendum 16.03.2011 https://carnegieendowment.org/2011/03/16/overview-of-egypt-s-constitutional-referendum-pub-43095(посетен на 27.02.2020)
[54]Voice of America - Thousands Protest to 'Save the Revolution' In Egypt 31.03.2011 https://www.voanews.com/world-news/middle-east-dont-use/thousands-protest-save-revolution-egypt посетен на (27.02.2020)
[55]BBC News Gaza: Egypt 'to open Rafah crossing to Palestinians' 25.05.2011 https://www.bbc.com/news/world-middle-east-13552685 (посетен на 27.02.2020)

употреба на солзавец во големо количество. **Бруталниот пристап кон народот** станува секојдневие.

- **(21. 7.)** Во официјална изјава SCAF објави дека ќе забрани **странски набљудувачи** на претстојните парламентарни избори, поради заштита на египетскиот суверенитет.
- **(9. 9.)** Протестите ескалираат и се упатуваат кон **Амбасадата на Израел** во Каиро, над 3000 демонстранти бараат затворање на Амбасадата и влегуваат во дворот[56], по што израелскиот амбасадор е принуден да избега. Следниот ден се прогласи воена состојба или состојба на готовност.
- **(22.11.) Американскиот Стејт департмент** изнесува остри критики кон секојдневната прекумерна употреба на сила врз демонстрантите од страна на египетските безбедносни сили.
- **(19.12.) Хилари Клинтон**, во улога на државен секретар на САД, го осуди тепањето на женски демонстранти и рече дека „неодамнешните настани во Египет се особено шокантни“ и „жените се тепани и понижувани на истите улици каде што ги ризикуваа своите животи за Револуцијата пред само неколку месеци“
- **Во периодот од јули 2011, па сé до предизборната кампања во мај 2012** продолжија интензивни кампови на плоштадот Тахрири, протести од најразличен карактер, кои главно се однесуваа на барања против претходниот режим. Поради долгата апстиненција на многу различни сектори и различни слоеви на општеството, во моментот кога падна режимот, секој тргна да се бори за своите права, па така често се протестираше за работнички права, зголемување на плати, воспоставување минимална плата, ревизија на претходни пресуди и ослободување на политички затвореници и друго незадоволство насобрано низ владеењето на режимот. Протестираа младински организации, политички партии, членови на фамилиите на загинатите во протестите, жртви од режимското владеење и секој си го бараше својот дел од правдата. Голем дел од

[56]Middle East Policy Council - Israeli Embassy Attack Raises https://mepc.org/commentary/israeli-embassy-attack-raises-questions(посетен на 27.02.2020)

протестите беа и против воениот суд на правдата и начинот на кој SCAF ги третираше луѓето кои протестираа – беа обвинети за злосторство против воено лице. Поради тоа на цивилни лица им се судеше пред воен суд за кој народот сакаше забрана. Армиската бруталност беше поголема како што поминуваа месеците до претседателските избори. Египќаните беа уплашени од воената хунта која владее со државата, која направи рестрикција на слободните медиуми. Тепањето жени, убиствата на демонстранти и огромниот број повредени лица всадија страв кај целата нација. Освен во Каиро, масовните протести земаа замав во Александрија, Суец и во многу делови на државата.

- **Во повеќе наврати за време на нередот на владеењето на SCAF** египетските бунтовници направија штета во гасоводната мрежа за пренос на природен гас од Египет во Израел. Уште во стартот на целата Револуција ова важеше за важен сегмент од побарувањата на протестите - забрана за испорачување гас кон Израел и ревизија на договорите постигнати помеѓу двете држави. Првиот напад се случи уште во 18-дневната револуција, а потоа следеа уште 4 напади врз мрежата, што придонесе за повремено стопирање на испораката. Демонстрантите сакаа да покажат дека не се откажуваат од својата цел, според нив Египет трпи огромни економски загуби, додека власта и одредени бизнисмени се единствените кои профитираат од ваквата воспоставена соработка. Израел добива 40 проценти од својот природен гас од Египет, договор склучен со мировниот Договор од Кемп Дејвид од 1979 година.[57]

Од владеењето на SCAF во Египет едно беше сигурно - бројката на жртви, повредени и притворени покажа дека всушност народот првично не добил ништо со падот на режимот на Мубарак. Бројката изнесува над 120 мртви во протестите за кои само неколкумина преземаа одговорност и се осудени.[58] Во голем дел од

[57]Reuters: Egypt gas pipeline to Israel, Jordan attacked 27.04.2011 https://www.reuters.com/article/us-egypt-attack/egypt-gas-pipeline-to-israel-jordan-attacked-source-idUSTRE73Q0RR20110427 (посетен на 28.02.2020)

[58]Amnesty International UK – Egypt after 2011 revolution 04.08.2014 https://www.amnesty.org.uk/egypt-after-2011-revolution (посетен на 27.02.2020)

мандатот Египет бил под вондредна состојба и воена состојба која овозможува суспензија на нормалниот правен систем и функционирање преку воени правни обврски што даваат поголема моќ на војската, а помала на народот.

### *3.5.1 Геополитички импликации од владеењето на SCAF*

Поради комплексноста на Арапската пролет во Египет, што беше проследена со многу превирања во општеството, за подобро разбирање на настаните, некаде таа се дели на три револуционерни брана во период од 2011 до 2014 година. Првиот 18-дневен, што доведе до падот на Мубарак, вториот во време на владеење на SCAF на чело со Мухамед Хусеин Тантави како преоден до изборите за претседател, третиот бран - првиот демократски избран претседател на Египет кој владееше само една година и неговиот пад. Оттогаш претседателството е во раце на Абдел Фатах ел Сиси.

Главна цел на ова истражување е да ги воочиме геополитичките импликации кои произлегоа од настаните поврзани со периодот на Арапската пролет во Египет. Поради различноста на Револуцијата, споредена со останатиот дел од афричкиот и азискиот континент и дел од контрастите кои ги воочив во наизменичното менување на властите во Египет, а со цел подобро да ги разбереме, промените ги делиме на три дела. Во првиот дел ќе се види како случувањата од времето на владеење на Врховниот совет на вооружени сили (SCAF) влијаат на геополитиката на Египет и регионот.

Самата промена на авторитарниот режим е пред сѐ првата придобивка и промена за една држава, бидејќи со промената на уредување на власта се менуваат и политиките на државата, како внатрешни така и надворешни. Демонстрантите во Египет успеаја да издејствуваат промена на уставот, а со тоа ги деблокираа демократските процеси и реформи за кои Мубарак немаше слух. Треба да се забележи дека сите важни чекори кон укинување на авторитарниот политички систем дојдоа преку механизмот на референдум на граѓаните, а не со решенија донесени од преодната влада.

Мубарак често пред нацијата говореше, воедно со намера да ја заплаши, дека демократските принципи можат да нанесат зло врз Египет. Три децении

ширеше страв од демократски реформи кај граѓаните, тврдејќи дека тие ќе обезбедат простор за радикалните исламисти да дојдат на власт во земјата. Иако во текот на целиот негов мандат најголем сојузник и финансиски помагател на Египет се САД, тие често ги премолчуваа видливите диктаторски политички поради интересот од стабилност на регионот, постигнат со договорот во Кемп Дејвид, кој Мубарак го почитуваше. САД, од друга страна, беше најголемиот поддржувач на целиот бран промени во арапскиот свет и на доближувањето на народот поблиску до слободно и демократско општество.

Иако се донесоа основни реформи, сепак мандатот на Тантави демонстрираше недемократски решенија. Невладината организација „Фридом хаус" во своите извештаи потенцира дека Врховниот совет на вооружените сили во март 2011 година испратил писмен документ како предупредување до уредниците и новинарите на весниците, во кои тие се против објавување на критички содржини поврзани со безбедносните сили без претходна консултација и одобрување за нив. Цензурата за медиуми беше назначена во однос на содржината поврзана со египетските вооружени сили, а пред парламентарните избори во ноември 2011 година неколку новинари и блогери беа изведен пред воен суд. Во декември безбедносните сили извршија рација во 17 невладини организации (вклучително и американскиот Национален демократски институт, финансиран од американската влада, основан од Медлин Олбрајт, поранешен државен секретар на САД) „*По рациите, 43 членови на персоналот на меѓународните организации беа казнети со обвиненија за работа без официјална регистрација и добивање странско финансирање без дозвола на властите*" според Амнести интернешнл. На овој начин недемократските чекори за време на воената власт беа ставени на повисоко ниво, па дури и ја надминаа суровоста на режимот на Хосни Мубарак. Меѓународните организации сметаат дека правото на фер судење, заедно со правото на слобода на здружување, сериозно и континуирано било повредено од преодната влада.[59]

---

[59]ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ- СКОПЈЕИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР
Безбедносни Дијалози Vol. 5 no.2, 2014 Бојан Блажевски - The process of democratization and the militaryrule after the revolution in Egypt p136-138

Договорот од Кемп Дејвид и дел од неговите одредби се најдоа како главна мета на демонстрантите, како непреболена тема за многу фракции со религиозна и политичка заднина, дури и по три децении од неговото потпишување. Серијата напади врз гасоводната мрежа се тесно поврзани со одредбите од овој договор, каде што е вклучена и испораката на природен гас од Египет во Израел. Ова значеше директен напад врз договорот и „шлаканица" за надворешната политика на Египет. Овој тип настани беа несекојдневни за Египет, но се директно поврзани со неуспешно воспоставената контрола врз територијата од страна на SCAF. Властите беа принудени да ги расчистат ваквите случаи поради проблемот кој во меѓународни рамки доби потенцијал да се прошири во поголеми размери. Арапската пролет предизвика проблеми во дотогаш поставената надворешна политика на Египет, за што имаше реакции од многу меѓународни фактори.

Тоа доведе до конфликт и разнишување на добрите односи на Египет со Израел и САД, кој беше очигледен по многуте изјави на раководните лица на двете држави. Освен нападите врз мрежата, одлуката за пуштање во употреба на блокираниот премин Рафах додатно го отвори прашањето дали SCAF е на власт за да ги брани интересите на Египет. Во неколку наврати се случуваа немири на границата со Израел помеѓу различни милитантни групи во кои имаше жртви.

Нападот на амбасадата на Израел го запали црвеното светло кај светските сили, меѓународниот притисок почна да расте. Во тој момент односот помеѓу Израел и Египет беше на ниво кое не го задоволува мировниот договор. Врховниот совет на вооружените сили повторно беше приморан да прогласи вонредна состојба, мерка која беше ефективна до мај 2012 година. Ваквиот потег го врати Египет назад на почеток и ја поништи целата Револуција. Во текст на Washington Post[60] се вели : „*Ова не е начинот на кој треба да ги средат работите, но останаа слепи на случувањата кои го навестија овој епилог од недела во недела*", „*Сега Советот е во ужасна позиција во која треба да ја покаже својата сила*" .

---

[60]The Washington post- Egypt cracks down after Israeli embassy attack 10.09.2011 https://www.washingtonpost.com/world/middle-east/egypt-cracks-down-after-israeli-embassy-attack/2011/09/10/gIQA78JIIK_story.html (посетен на 01.03.2020)

Тантави не умееше како да се справи со огромниот притисок во кој се вклучија: претседателот на САД, Барак Обама[61], кој лично се вклучи со интервенција во разрешување на ситуацијата, особено во моментите на голема неизвесност за животот на преостанатите лица кои не биле евакуирани навремено, премиерот на Велика Британија, Дејвид Камерон, министрите за надворешни работи на Канада, Германија, кои остро ги осудија случувањата. Во барањата на сите високи државни претставници беше спомената Виенската конвенција за дипломатски односи и обврската на воениот совет да ги почитува и штити одредбите од неа. Особено е важна стабилноста во овој дел од светот кој е постојано кризно жариште.

Премиерот на Велика Британија ги потсети властите да ја преземат одговорноста *„Силно го осудувам нападот врз израелската амбасада во Каиро. Ние ги повикавме египетските власти да ги исполнат своите одговорности според Виенската конвенција за заштита на дипломатскиот имот и персоналот, вклучително и израелската амбасада во Каиро. Тие нѐ уверија дека ги преземаат многу сериозно“. „Египетските власти претходно изјавија дека тие ќе ги поддржат меѓународните договори во Египет, вклучително и нејзиниот мировен договор со Израел. Го поздравуваме ова и гледаме во Египет да ја испочитува оваа заложба. Ги повикуваме двете земји да работат заедно за решавање на тековните тензии и зајакнување на регионалната стабилност*“[62].

Во текот на опсадата врз амабасадата на Израел на директен повик бил вклучен и премиерот Бенјамин Нетанјаху, кој лобирал за своите сограѓани на кои животот им бил загрозен, како кај египетските власти така и кај високите претставници во САД . Тој изјави дека за двете држави е клучно да ја задржат соработката со цел стабилност на регионот и се заблагодари на египетската армија што спречи поголема катастрофа, знаејќи дека една врата ги дели израелските

---

[61] Egypt Independent - Obama asks Egypt to protect Israeli embassy 10.09.2011 https://www.egyptindependent.com/obama-asks-egypt-protect-israeli-embassy/ (посетен на 01.03.2020)
[62] Jerusalem Post- UK's Cameron condemns attack on Israeli Embassy in Cairo 10.09.2020 https://www.jpost.com/Breaking-News/UKs-Cameron-condemns-attack-on-Israeli-Embassy-in-Cairo (посетен на 01.03.2020)

чувари од насобраниот гневен народ. Тој исто така се заблагодари до Обама и целиот напор кој го вложи да се спасат вработените.

Во еден дел од изјавата премиерот на Израел кажа: *„Блискиот Исток сега поминува низ политички земјотрес со историски размери. Можеби ова може да се спореди со она што се случи пред еден век на крајот на Првата светска војна со воспоставувањето нов светски поредок. Во пресрет на оваа историска пречка мора да дејствуваме ладно и со одговорност. Мора да разбереме дека овие настани се случуваат како резултат на длабоки и силни политички потфати. Ние во Израел имаме тенденција да мислиме дека сѐ се случува заради нас или дека некако сме виновни за турбуленциите во нашата област. Тука има многу надворешни и силни сили на работа. Повеќе од што било друго, ние мора во овие времиња да дејствуваме за да ја заштитиме нашата безбедност. Ова е сидро на нашето постоење, особено во овие турбулентни времиња. Ние мора да работиме кон унапредување на нашите национални интереси во областа во соодветно време. Ние ќе продолжиме да го одржуваме мирот со Египет“*[63]

Египетско-израелските односи беа разнишани по падот на Мубарак и Нетанјаху мораше да излезе со смирувачки тон за да не се долее дополнителен оган на разгорените страсти во периодот на владеење на SCAF. Некои демонстранти во Египет повикаа на прекин на дипломатските односи, цел која се чини дека е постигната кога амбасадорот Јитжак Леванон, вработените во Амбасадата и семејствата - околу 80 лица, се качија на воен лет кон Израел. Шестмина ослободени стражари следеа со друг лет. Египетските власти и многу активисти кои ги водеа протестите го осудија пробивањето на амбасадата. Многумина ја гледаа последната манифестација како промена на ставот кон Израел во постреволуционерниот Египет.

[63]Израелско Министерство за Надворешни Работи 10.09.2011 https://mfa.gov.il/MFA/PressRoom/2011/Pages/Statement_PM_Netanyahu_events_Cairo_10-Sep-2011.aspx(посетен на 02.03.2020)

Од моментот кога Воениот совет почна да ја губи контролата врз територијата и народот, започна со употреба на прекумерна сила како резултат на немоќ. Септемвриските случувања ја зголемија репресијата врз демонстрантите поради големиот притисок од меѓународната заедница. Дипломатите во Каиро изразија загриженост, се прашуваа дали нивните амбасади се безбедни и го критикуваа пристапот на воените совети за безбедноста во изминатиот период.

Еден од главните проблеми кој со себе го донесе Револуцијата е дека отвори можност за различен тип организации да ја искористат за своја цел. Младите здруженија, предводници на Револуцијата, во никој случај не тргнаа да се борат против надворешната политика на Египет и соседите – борбата ја водеа против режимот. Успешната Револуција во годината која следуваше ја искористија голем дел организации за своја цел и придобивка, па така и групите кои се антиизраелско настроени. За ваквиот тек на настаните придонесе и владеењето на SCAF.

Уште една радикална исламистичка организација искористи шанса да влезе во врвот на политиката - Муслиманското братство. Тие секогаш беа опозиција на Муабарак, но никогаш не можеа да го пробијат патот до раководните структури. Го искористија моментот на распуштање на НДП[64], го искористија моментот на револуцијата што го симна од власт Мубарак – и, конечно, го искористија неумешното владеење на SCAF што даде простор, отворена врата на МБ да влезе на политичката сцена. Стравот на народот кој се всади во периодот по Мубарак, Братството умешно го искористи, и како се приближуваа првите претседателски избори така успеа да добие поголемата поддршка од народот. Учеството на МБ во голем дел од протестите против SCAF дополнително ја зацврсти позицијата на египетската политичка сцена.

Периодот на транзиција во Египет донесе многу регионални превирања и најави промена на односите во арапскиот свет. За Египет периодот на крајот на

[64]Национална Демократска Партија- Формирана од Анвар Садат 1978 година, по што Мубарак ја превзима во 1981 година. На 16ти Април 2011 година со судска наредба партијата беше распуштена, а нејзините средства беа префрлени на државата

Револуцијата и владеењето на воениот совет не донесе стабилност која може да ја придвижи нацијата напред. Главната промена беше референдумот на кој се изгласаа промените за избор на претседател и се отвори простор за плурализам. Нацијата целата своја верба ја насочи токму во изборите. Од друга страна, завладеа општествен хаос кој ја стави нацијата во големи проблеми кои произлегоа од меѓународен притисок, жртви, повредени демонстранти, огромна недоверба кај народот, револт и страв поради очигледниот воен начин на владеење. Дополнително, Советот изрази противење во делот на слобода на медиуми, подобрување на човековите права, невладини организации, мониторинг врз избори и разни странски тела кои требаше да го доближат египетското општество до одредбите за кои беше започната Револуцијата.

Владеењето на SCAF го разниша регионалниот баланс и стави прашалник на дотогашната геополитичка подреденост на силите. Главната дилема која се наметнува е дали тоа беше плански или е резултат на военото минато на генералите кои немаа доволно искуство и вештина да одговорат на зададениот предизвик. Според извадените факти, ако погледнеме дека истите тие генерали служеле и претходно на Мубарак, кој немал големи проблеми при спроведување на надворешната политика, доаѓаме до заклучок дека во транзицискиот период власта не ја диктира целосно националната политика. Присутен е феноменот на неуспешна контрола врз одредена територија, а проблемите кои произлегуваат од тоа направија различни општествени групи да можат да влијаат врз политиките на државата. Ваквата поставеност на силите резултираше со поместувања во целиот регион, дополнително на оние веќе постоечките од Револуцијата.

Со тие случувања доаѓаме и до најголемата крстосница во внатрешната политика на Египет, што многу јасно ќе се одрази на резултатот на претседателските избори. По долгиот режим на Мубарак, од една страна ваквите случувања се добри за конзервативните арапски граѓани кои не се откажуваат од поддршката кон Палестина, од друга страна носеа нестабилност во односот со Израел. Египет не може да функционира без поддршка од САД и тешко може да го оствари потенцијалот кој го поседува како држава, затоа мора да го одржува односот стабилен. Сето ова, проследено со поделбите на секуларни и исламисти,

претставници на поранешен режим и нови политички претставници, за претседателските избори претставува откривање на многуте дилеми со кои се соочуваше египетската држава по крајот на првиот и вториот бран од арапската пролет.

Непосредно пред крајот на привремениот мандат, SCAF донесе одлука со која стави крај на својот мандат. Издаде уставна декларација на 17 јуни 2012 година, додека се одржуваа претседателските избори, што ги ограничи овластувањата на претседателот и постави за себе поголем авторитет по завршување на изборите.

### 3.6 Првите демократски претседателски избори во Египет

Сите погледи на населението во Египет и целата светска јавност беа насочени кон претседателските избори кои беа плод на Арапската пролет. Се одржаа во два круга: првиот на 23 и 24 мај , а вториот на 16 и 17 јуни 2012 година. Интересна поделеност и заднина имаа кандидатите кои поставија нова поделба на силите и поделба на исламисти и секуларисти, оние кои се од претходната политичка власт и оние кои се против неа. Исламистичките кандидати Мохамед Морси и Абдел Фотух, чие минато е поврзано со Муслиманското братство, освоија околу 42% од гласовите, додека останатите тројца секуларни кандидати освоија 56% од гласовите. Кандидатите Ахмед Шафик, кој беше претходно премиер на Египет, поставен од Мубарак во заминување, и Амр Муса, кој беше генерален секретар на Арапската лига, држеа позиции под режимот на Мубарак и освоија 35% од гласовите.

Во вториот круг битката се водеше помеѓу Морси од Партијата за слобода и правда и Шафик како независен кандидат. Тесна победа на првите претседателски избори извојува Морси со 51.7% од гласовите.[65] И покрај важноста на самите избори, голем дел од Египќаните не го остварија правото на глас, или 48% од гласачите во избирачкиот список гласаа во прв круг и 52% во втор круг. Египет брои околу 50 милиони гласачи.

[65]Egypt: 2012 Presidential election resultshttps://www.eisa.org.za/wep/egy2012results.htm(посетен на 03.03.2020)

Инаугурацијата на Морси се одржа на 30 јуни 2012 година. За првпат најнаселената арапска држава избра претседател кој немаше претходна висока позиција во египетските вооружени сили.[66]

### 3.7 Египет за време на владеење на Мохамед Морси (МБ)

По доаѓањето на власт на Мохамед Морси едно беше сигурно – зборовите на Хосни Мубарак добија на тежина. По првите демократски избори се отвори патот на исламистичката организација кој таа вешто го искористи. Во мандатот кој траеше само една година се случија голем број превирања, а владеењето заврши неславно.

Морси не беше нова фигура на египетската политичка сцена. Како професор на инженерски науки стана активен во политиката како член на Муслиманското братство. Во 2000 година беше избран за Народното собрание, но бидејќи Муслиманското братство беше официјално забрането во Египет како исламистичка организација, тој го имаше пратеничкото столче како независно. За ова време, Морси ја притискаше Владата да донесе политичка реформа, повикувајќи на укинување на репресивните мерки, вклучително и Законот за вонредни состојби, со кој на полицијата ѝ се дава неограничено овластување за апсење и притвор и закони со кои се ограничува формирањето на политичките партии.

Морси се етаблира како социјален конзервативец, повикувајќи ја Владата да постави построги ограничувања. Парламентарното столче го загуби во 2005 година. Во 2006 година тој беше уапсен и затворен седум месеци, откако учествуваше на протестите, повикувајќи на воспоставување независно судство во Египет. Како истакната фигура, професор и експерт во својата област со докторски студии во САД, често се спротиставуваше на Мубарак.[67]

---

[66]NY Times - Named Egypt's Winner, Islamist Makes Historyhttps://www.nytimes.com/2012/06/25/world/middleeast/mohamed-morsi-of-muslim-brotherhood-declared-as-egypts-president.html(посетен на 03.03.2020)

[67]Encyclopedia Britannica, Adam Zeidan, Assistant Editor.https://www.britannica.com/biography/Mohamed-Morsi#ref343146(посетен на 03.03.2020)

Откако ја презеде функцијата Претседател на Египет, таа доби дополнителна тежина и одговорност поради патот кој го помина египетскиот народ за да стигне до првите легитимни избори. Тој не беше подготвен за својата улога и претеруваше во неговите барања, кои доведоа да направи грешки од самиот почеток. Институциите на земјата беа јасно претпазливи за Братството. Врвот на државата можеби беше променет, но бирократските корени на режимот не се менуваат преку ноќ никаде, па така ни во Египет.

Дисфункцијата и нечесноста на МБ и неспособноста на нивниот претседател, го свртеа јавното мислење против нив. Ден пред да ја преземе функцијата, Морси изјави дека ќе се обиде да го ослободи шеикот Омар Абдел-Рахман, кој беше осуден за водење заговор по бомбардирањето во 1993 година на Светскиот трговски центар. Кога станува збор за политика, напорите на Морси беа подеднакво лошо замислени и проследени со импулсивни одлуки: една вечер, без никакво предупредување, тој одеднаш најави големи даночни зголемувања на бензинот, електричната енергија, маслото за готвење, цигарите и алкохолот. Имаше испаничени граѓани кои се движеа накај продавниците и бензинските пумпи низ цело Каиро. Тогаш, истата вечер, Морси нагло ги откажа даноците. Тој избра да ја донесе оваа промена на политиката преку објава на неговата страница на Фејсбук, во 2:13 часот.[68] На 12 август Морси го отстрани министерот за одбрана и началник на воената полиција, Маршал Хусеин Тантави, и го замени со генерал-полковник Абдел Фатах ел Сиси. Во ноември 2012 година следуваше учество во успешниот миротворен договор помеѓу Хамас и Израел, за кој Морси доби големи почести од меѓународната јавност.

Можеби големите почести му дадоа залет, па Морси издаде Претседателски указ на 22 ноември 2012 година за имунизација на неговите одлуки од судската установа, кои претежно останаа контролирани од лојалистите на Мубарак. Овој потег предизвика широки протести кои повикаа Морси да се повлече. Ваквиот

---

[68]The new yorker -Peter Hessler,негова издадена книга “The Buried: An Archaeology of the Egyptian Revolution.”Mohamed Morsi, Who Brought the Muslim Brotherhood to the Egyptian Presidency- published on 19.06.2019 https://www.newyorker.com/news/news-desk/mohamed-morsi-who-brought-the-muslim-brotherhood-to-the-egyptian-presidency(посетен на 03.03.2020)

потег е тесно поврзан со длабоко вкоренетите службеници во системот од ерата на Мубарак поради кои не бил во можност да ја спроведе политиката, а од друга страна е присутен константиот притисок од неговата партија за што побрзо воспоставување на својата идеологија. Во средината на декември 2012 година, Нацрт-уставот, поддржан од Морси, неговото Муслиманско братство и неговите сојузници, беше прифатен со 63,8% од гласовите на референдум на национално ниво.[69] Голем број демонстранти се собраа околу претседателската палата, додека членови и нивни приврзаници насилно ја нападнаа насобраната публика, што се покажа како иритирачки чин за многу Египќани. Следеа огромен број протести, контрапротести, жртви, слика на која египетското општество се навикна во постреволуционерниот период. Доколку треба да се споредат првиот, вториот и овој, трет бран на Револуцијата, се чини дека секој влегува во поинтезивни мерки и носи сѐ повеќе жртви на улиците.

Морси издржа турбулентни шест месеци во втората половина од својот мандат, при што некои градови на моменти беа тотално вон државна контрола поради масовните протести и битката која ја водеа на улиците демонстрантите и оние кои ги бранеа исламистичките гледишта. Ситуацијата во Египет беше застрашувачка по третпат во последните две и пол години. Морси немаше слух за барањата на демонстрантите и не сакаше да ги повлече од сила уставните промени кои внесоа гнев кај нацијата. Сите настани водеа до крајот од неговата прва година на власт. Огромен број Египќани се собраа да протестираат против неговото владеење, а пучот се чинеше неизбежен. На 3 јули 2013 година, Абдел Фатах ел Сиси, кој беше назначен за министер за одбрана од страна на самиот Морси, го предводеше военото преземање.

Ова беше период во кој меѓународниот став на Египет беше под влијание не само од политичкото неискуство на партијата Муслиманско братство, туку и од сите пречки наследени од ерата на Мубарак на која Морси мораше да се спротивстави. Приоритетите на надворешната политика не беа предмет на

---

[69]A timeline of key events in Egypt since 2011 uprising https://apnews.com/9d6a051ba57b4ca8b0633dd8e1bcb81f/A-timeline-of-key-events-in-Egypt-since-the-2011-uprising (посетен на 03.03.2020)

Револуцијата, но јасно се наметнуваат како последица од внатрешните политички промени, особено во случајот во Египет, каде промените се случуваат во многу краток рок. Гледано во тој поглед, Египет на Морси продолжи со надворешната политика предводена од претходниот режим, зачувувајќи ги постојните дипломатски врски. Овој пристап беше јасен уште од самиот почеток на претседателството на Морси, кога шефот на државната канцеларија го потврди своето придржување кон договорот од Кемп Дејвид, без да го оспори неговиот легитимитет, и покрај притисокот што доаѓаше од одредени страни на Братството.

Претседателството на Морси беше обележано со две значајни новини поврзани со надворешната политика на Египет: отвореноста кон Иран и подобрување на односите со Хамас, што доведе до брз успех во ноември 2012 година во медијациите во израелско-палестинската криза. Ваков тек на настаните не е изненадување ако се земат предвид односите во исламскиот свет и историјата на организацијата која владееше со Египет во тој момент.

И покрај идеолошките афинитети и блискоста со Хамас, египетскиот претседател никогаш не ја поддржуваше палестинската исламистичка група отворено, веројатно за да не дојде до проблеми во односите, особено со САД и Израел. И покрај првичното попуштање на контролата на преминот Рафах, со зголемувањето на нападите во Синајскиот Полуостров, Морси направи пресврт, станувајќи поцврст и ја продолжи борбата против подземните тунели низ кои поминува црниот пазар насочен кон Појасот Газа. Улогата на Египет во овој контекст стана јасна во ноември 2012 година, кога Морси се покажа како активен, брз и влијателен посредник на примирјето меѓу Хамас и Израел во пресрет на операцијата „Столб на одбраната“. По седум дена судири, Морси се претстави како гарант на договорот со кој се става крај на конфликтот, потврдувајќи ја преговарачката улога на Египет во еден од најзначајните договори од Блискиот Исток во последната деценија.[70]

[70]Istituto affari internazionali (IAI)- From Morsi to El Sisi -Foreign Policy at the Service of Domestic Policy 03.2015 http://www.iai.it/sites/default/files/inegypt_08.pdf( p2-4 посетен на 04.03.2020)

### *3.7.1 Муслиманско братство*

Муслиманското братство претставува транснационална сунитско-исламистичка организација чија цел е имплементирање на исламски закон - шеријат под глобален калифат. Формирана е во Исмаилиа, 1928 година, од страна на учителот Хасан ал Бана. Се смета за најстара исламистичка организација и има свои ограноци во голем дел од араспкиот свет. Додека овие гранки работат под различни имиња и користат најразлични социјални, политички и повремено насилни методи, тие споделуваат посветеност кон сеопфатната цел за воспоставување поредок според шеријат, која неретко ја наметнуваат преку добротворната работа. Спојување на религијата и државата е начинот на кој вавките организации сакаат да ја спроведат својата идеологија. Најзначајниот огранок на братството, воедно и најистакнат во последните децении е Хамас, палестинската терористичка група која работи во Појасот Газа. Некои аналитичари исто така тврдат дека Братството служело како идеолошки претходник на модерните насилни исламистички групи како што се Ал Каеда и ИСИС. МБ има големо влијание врз исламистичките движења ширум светот поради историјата и долготрајноста.

Братството започнува како пан-исламистичко религиозно и социјално движење, градејќи народна поддршка преку будење (проселетизација), политички активизам и социјална благосостојба. Од своето формирање до крајот на 40-тите години на минатиот век,  се проценува дека групата имала 500.000 членови во Египет, а нејзините идеи се раширале во арапскиот свет. Покрај своите политички и социјални активности, Братството во тој период управува со подземна насилна група, паравоено крило - „таен апарат“ – која се приклучи во борбата против британското владеење во Египет и на еврејското присуство во Палестина.[71] Египетската влада ја распушти групата кон крајот на 1948 година и ја обвини за напад врз британските и еврејските интереси. Набргу потоа групата беше обвинета за атентатот врз премиерот на Египет, Махмуд ал Нукраши. Хасан ал Бана го

[71]Counter Extremism Project- Muslim Brotherhood https://www.counterextremism.com/threat/muslim-brotherhood (Посетен на 14.03.2020)

негираше убиството и поврзаноста на групата, но тој подоцна беше застрелан од непознат вооружен напаѓач - за кој се верува дека бил член на безбедносните сили на Египет.

Братството низ историјата на своето постоење преживеа и покрај неколкуте бранови на репресија од страна на египетската влада. По неуспешниот обид за атентат врз претседателот Гамал Абдул Насер во 1954 година, МБ беше обвинет, забранет, а илјадници членови беа затворени и измачувани. Групата, сепак, продолжи да расте под радарот на властите. Репресивните мерки продолжија и понатаму во децениите кои следеа, тие вклучуваа правна забрана на групата и затворање и егзекутирање на голем број членови на Братството, вклучувајќи го и Кутб, кого египетската влада го егзекутираше во 1966 година. Сајид Кутб бил угледен египетски автор, наставник, исламски теоретичар, поет и водечки член на египетското Муслиманско братство во 1950-тите и 1960-тите, кој го промовираше џихадот како сила што ќе се користи против секуларните арапски влади.

Во текот на осумдесеттите години на минатиот век, Братството се обиде да се врати во политичкиот врв. Успешните лидери формираа сојузи со партијата Вафд во 1984 година и со Социјалистичката партија за труд и Социјалистичката либерална партија во 1987 година, станувајќи главна опозициска сила во Египет. Во 2000 година, МБ освои 17 места во Народното собрание во Долниот дом на парламентот. Пет години подоцна групата го постигна најдобриот изборен резултат дотогаш, при што независните кандидати беа здружени, со тоа освојувајќи 20% од местата. Врвот на своето постоење го достигна во делот на Арапската пролет со претстедателот Мохамед Морси и мнозинството во Народното собрание.

Главната причина поради која Братството претставува константна опасност по безбедноста на Египет и арапскиот регион се наоѓа во основите на неговото постоење, односно во самата доктрина, во загриженоста на Хасан ал Бана за она што го смета за најголема закана за исламот: подемот на секуларизмот и западната култура во муслиманските општества. *„Исламот не ги признава географските граници, ниту признава расни и крвни разлики, сметајќи ги сите*

*муслимани како една Умма (глобална заедница на муслимани). Муслиманските браќа веруваат дека калифатот е симбол на Исламската унија и индикација за врските меѓу народите на исламот. Тие го гледаат калифатот и неговото повторно воспоставување како главен приоритет ...* “.[72] За да се спротивстави на оваа опасност, Бана започнува со прозелитизација во училиштата и џамиите, со цел ширење на својата панисламистичка идеологија. Таквата идеологија и активност опстојува и се шири сè до денес, придонесува да се регрутираат многу членови и претставува основен постулат за многу муслимани. Египетското братство покрај тешките удари кои ги има добиено низ историјата, имало корист и од наизменични периоди на толеранција од страна на владата, за време на кои групата успева да ги оствари своите социјални, религиозни, економски и политички активности, градејќи организациска сила неспоредлива со која било друга египетска опозициска група.[73]

За Братството се напишани безброј книги, статии, тези, бидејќи претставува уникатна организација која опстојува многу долго време, брои многу членови и нејзиното делување се прелива во различни делови на континентот. Основата и мотивот под кој се собрани членовите е религиозен. Тоа е причината зашто МБ е толку интересно за елитите , професорите истражувачите. Претставува постојана закана за безбедноста на одредени делови од Африка и Азија поради својот радикален исламистички пристап, кој излегува на површината особено во нестабилни периоди.

### *3.7.2 Муслиманско братство за време на Арапската пролет*

МБ ја формираше Партијата за слобода и правда официјално на 30 април 2011 година. Во египетската политика влегува преку партијата која најмногу профитира од првиот бран на Арапската пролет во Египет. На парламентарните избори во 2011 година освои најмногу места во собранието на Египет. Во април 2012 година партијата го избра Морси за свој кандидат на претседателските

---

[72]HASAN AL-BANNA AND HIS POLITICAL THOUGHT OF ISLAMIC BROTHERHOODhttps://www.ikhwanweb.com/article.php?id=17065 (Посетен на 14.03.2020)
[73]Anadolu Agency : The Muslim Brotherhood: A history of (alleged) violencehttps://www.aa.com.tr/en/middle-east/the-muslim-brotherhood-a-history-of-alleged-violence/1478963 (посетен на 15.03.2020)

избори во Египет, откако Хајрат ал Шатер, оригиналниот кандидат на партијата, беше дисквалификуван од кандидирањето. Подоцна Морси стана претседател , со тоа Муслиманското братство ја доби шансата да ја води најголемата нација во арапскиот свет. По 84 години како тајно општество кое се бори во затворите и сенките на монарсите и диктаторите, Братството сега беше поблиску од кога било до својата наведена цел за градење исламистичка демократија во Египет.

Дел од измените преку кои МБ сакаше да добие доминантна улога и да постави подолго владеење во Египет:

- Сите истраги за убиството на демонстрантите или употребата на насилство против нив ќе бидат повторно спроведени; судењата на обвинетите повторно ќе се одржат.
- Со декларацијата е создадено и ново судско тело „Заштита на револуцијата“ за брзо извршување на гонењата, но декретот нема да доведе до судење на десетици полицајци од пониско ниво кои беа ослободени или добија условни казни во судења за убиство на демонстранти - пресуди што вознемирија многу Египќани. Ова исклучување би му ја гарантирало на Морси лојалноста на полициските сили и можност да ги има на своја страна во потенцијални протести.
- Против сите уставни декларации, закони и уредби донесени од моментот кога г. Морси ја презеде власта, не може да биде поднесена жалба или откажување од страна на која било индивидуа или политичко или владино тело.
- Ниту еден судски орган не може да го распушти конститутивното собрание или Горниот дом на парламентот.
- Претседателот беше овластен да преземе какви било мерки што ги смета за соодветни за да се зачува Револуцијата, да се зачува националното единство или да се заштити националната безбедност.

Воспоставување на вакви уставни норми и потенцијално внесување на останати шеријатски закони во државните институции беа најава за внесување нова идеологија во Египет. Новиот Устав го усвои првиот дел од нацртот што го

вклучи шеријатот како главен извор на законодавството и го направи исламот државна религија. Исламистичката заднина, која е контра идејата за секуларизам и одвојување на религијата од државата, е главниот проблем кој го носи оваа организација во Египет и во регионот.

Ваквите промени не пројдоа, а Муслиманското братство се соочи со големи последици поради начинот на владеење. Малку е веројатно дека Морси обезбеди статус на „маченик“ кај граѓаните на Египет бидејќи наследството на политичкиот ислам е уште повеќе оштетено по неговиот пад. Насилството од седумдесеттите, осумдесеттите и деведесеттите години, почнувајќи од атентатот на Садат до масакрот на невини туристи во Луксор во 1997 година, го сврте огромното мнозинство на Египќани против групите како Ал Гамаша и Ал Исламија. Дополнително периодот од усвојувањето на уставните измени, па до преземањето на власта од Морси беше преполн со демонстрации, репресија и крвопролевање. Довербата од мнозинството граѓани кон исламистите беше сериозно загрозена. Следеше период на судење и притворање на голем дел од членството. По преземањето на власта од Ел Сиси, партијата беше забранета и распуштена од страна на судот.

На крајот Братството ја доживеа својата најлоша можна казна. Повеќето Египќани, дури и оние што гласаа за Морси, заклучија дека Организацијата имала свои шанси на власт и не успеала. Долгата историја на Братството значи дека таа ќе преживее и ќе продолжи да се бори за својата идеологија, ако некогаш се врати со правниот статус во Египет, но прашање е дали како политичка сила. И Морси претставува предупредувачка приказна за секој египетски претседател. Во нација на расипани институции, фрустриран идеализам и нефункционално управување, дури и највисокото седиште на моќ може да се претвори во стапица.

Секуларните политичари го обвинија Братството за „киднапирање“ на Револуцијата, ја нарекоа групата закана за „граѓанскиот“ карактер на државата и обвинија дека Братството ќе наметне верско владеење. Египетската влада го забрани Братството и го стави на листа како терористичка група во декември 2013 година. Групата е обележана како терористичка организација од страна на

владите на Бахреин, Русија, Саудиска Арабија, Сирија и Обединетите Арапски Емирати.

### *3.7.3 Геополитички импликации од владеењето на Морси*

Како што веќе споменав, поради големиот број случувања во Египет, импликациите од Револуцијата ги делиме на три дела. Во овој дел ќе бидат опфатени периодот на владеење на првиот демократски избран претседател Морси, пучот против него и крајот на Арапската пролет во Египет.

Доаѓањето на власт на Морси како прв исламистички лидер на чело на арапска држава избран на легитимни избори само по себе отвори можност за прекројување на политичката мапа на регионот на Северна Африка и Блискиот Исток. Низа активности кои јавно не беа промовирани од страна на Морси беа насочени кон стабилизаирање и поврзување со појасот Газа и организацијата Хамас, што беше очекувано поради близината со МБ. Но, Морси беше внимателен во поглед на Хамас поради тоа што сите ја познаваа поврзаноста помеѓу двете организации. Во годината на власт не се забележани огромни придобивки во односите. Морси во текот на својот мандат беше под притисок на ултраконзервативните исламисти да ги подобри врските со Палестинците и да ги заостри односите со Израел. Најголем успех во надворешната политика на Морси се случи во ноември 2012 година, кога тој доби меѓународни пофалби за помошта за посредување во прекин на огнот во еднонеделниот конфликт меѓу Израел и Хамас во Појасот Газа. Со оваа медијаторска улога барем на одреден период ги задоволи спротиставените елити и постави баланс помеѓу исламистите и надворешната политика на Египет која не го промени својот дискурс кон спроведување на Договорт од Кемп Дејвид.

Во контекст на односите на МБ и САД, тие беа на ниско ниво, па се постави прашање како најголемиот надоврешен финански помагател на Египет ќе се однесува кон новата власт. САД силно ја поддржа промената на автократскиот режим и организирањето на избори го нарече победа на демократијата, иако Мубарак важеше за нивни пријател поради дисциплинираниот пристап кон одредбите од договорот. Додека Мубарак владееше во Египет, САД не сакаше да

развива никакви добри односи со Братството. На 14 јули 2012 година тогашниот државен секретар Хилари Клинтон организираше посета на Египет во која беа вклучени новиот претседател Мохамед Морси и генералот на SCAF, Тантави[74]. Египет е клуч за американската политика во овој регион уште од 70-тите години на минатиот век, но во Вашингтон се јави загриженост дека новата исламистичка власт во Египет постепено ќе изготви поинаков курс, дури и кога има американска помош и инвестиции. Хилари Клинтон изјави:

*„Дојдов во Каиро да ја потврдам силната поддршка на Соединетите Држави за египетскиот народ и нивната демократска транзиција“, рече таа. „Сакаме да бидеме добар партнер и сакаме да ја поддржиме демократијата која се постигна со храброста и пожртвуваноста на египетскиот народ*“.

За администрацијата на САД која ја познаваше ситуацијата во Египет, клучен момент за иднината на Египет беше и однесувањето на SCAF во периодот кој доаѓа. Со огромната финанскиска воена помош, која е зацврстена со темелите на Договорот од Кемп Дејвид египетската армија добива над 1 милијарда помош секоја година. Улогата на армијата и нивната моќ мора да се намали за да можат да се одржат демократските процеси и реформи. Интересот на САД беше армијата да се врати во редот на своите воени задолженија и да има само воена улога, а не и државничка.

*„Но, претстои уште многу работа и мислам дека прашањата околу парламентот, уставот треба да бидат решени меѓу Египќаните. Со нетрпение очекувам да разговарам за овие прашања утре со маршал Тантави и во напорите за поддршка на враќањето на војската во чисто национална безбедносна улога.“* Додаде дека САД ќе простат една милијарда американски долари како египетски долг и ќе обезбедат 280 милиони американски долари за економски развој.“.[75]

---

[74]Hillary Clinton meets Egypt leader Mohammed Morsihttps://www.bbc.com/news/world-middle-east-18840168 (посетен на 17.03.2020)
[75]La Times: In Egypt, Hillary Clinton offers support for Islamist president https://www.latimes.com/world/la-xpm-2012-jul-15-la-fg-egypt-clinton-20120715-story.html(посетен на 17.03.2020)

Морси го отвори патот на подобрување на односите со Иран и заемните државни посети кои ги разменија Морси и Махмуд Ахмадинеџад беа проследени со обновени дипломатски врски и билатерални односи првпат по три децении. Ахмадинеџад стана првиот ирански претседател кој го посети Египет од Исламистичката револуција во 1979 година. Посетата следува по претходната во Техеран од страна на Морси на самитот на Движењето неврзани во август 2012 година, кога двајцата лидери се согласија да ги отворат амбасадите. Како увертира за заостreниот однос помеѓу Иран и Египет, дипломатските врски се распаднаа во 1980 година, откако Египет потпиша мировен договор со Израел и му даде азил и државен погреб на протераниот ирански шах Реза Пахлави. Во 1981 година Иран именуваше улица во Техеран по убиецот на египетскиот претседател Анвар Садат.

Иако оваа посета, што се одржа на 5 февруари 2013 година, официјално е опишана како „рутинска", ги пробуди заливските земји и сојузниците на Египет на Запад и на други места во регионот. Тие имаат разлики со Иран околу нуклеарната програма, иранското влијание во Сирија, шиитските муслимански групи, вклучително и милитантната организација Хезболах во Либан. Ваквиот потег ја наруши целосно геополитичката мапа на регионот. Ги допре сунитските екстремисти во Египет, но и многу независни граѓани. Како најнаселена арапска земја со богата историја и геополитички потенцијал за регионален лидер, Египет е сунитска моќ и отсекогаш се сметал за ривал на шиитскиот Иран. Останатите сунитски заливски држави и западните сили не го примија ваквиот развој на настаните пријатно.[76] Министерот за надворешни работи на Египет, Мохамед Камел Амр, изјави дека какво било подобрување на врските нема да биде на штета на односите со арапските нации во Заливот - регионални ривали на Иран.

*„Безбедноста на земјите од Заливот е црвена линија за Египет"*[77]

[76]Middle East Policy Council Egypt and Iran: The 30-year Estrangementhttps://mepc.org/journal/egypt-and-iran-30-year-estrangement(посетен на 17.03.2020)
[77]Iran President Ahmadinejad begins historic Egypt visithttps://www.bbc.com/news/world-middle-east-21336367 (Посетен на 17.03.2020)

Уште еднаш Морси и МБ се покажаа како власт која со своите импулсивни и непромислени потези отвора можност за регионална нестабилност, а воедно комплетно ја разниша својата позиција на домашната сцена.

Толку веќе беше разнишано египетското општество и го загуби својот компас по падот на Мубарак, што за време на мандатот на Морси успеа и зближувањето со Турција и Реџеп Таип Ердоган. Египетско-турските односи започнаа да се зајакнуваат, симболизирано со посетата на Морси на Турција и Ердоган на Египет. Ова ја промени оската на баланс на силите во регионот, врз која Египет секогаш има огромно влијание.[78]

Кога треба да го анализираме падот на Морси, неговата внатрешна политика и промената на власт, тој не ги имплементираше исламистичките одредби, но најголемиот гнев навлече кога се обиде да ги зголеми своите ингеренции кои навестуваа таков чин и притоа го допре Уставот, кој претходно беше сменет на референдум од народот, оној истиот кој му помогна да дојде на власт. За да ги зголеми своите, се обиде да ги намали воените ингеренции, тоа дополнително ја урна неговата позиција која и онака на изборите ја доби со тесно мнозинство. Сите овие настани резултираа со огромна недоверба, а Морси не успеа да го издржи притисокот кој се наметна од повеќе страни.

Дали Египет имаше придобивки од претседателските избори и доаѓањето на власт на Морси и МБ? Во контекст на ова прашање одговорот е дека целиот процес беше силно поздравен од страна на западните сили за начинот на кои беа спроведени изборите и за легитимното доаѓање на власт. Западот веруваше во главната цел на Револуцијата - покрај смената на долгогодишниот претседател Мубарак беа наметнати силни заложби и очекувања за спроведување на демократски реформи во системот. Придобивката ја чувствуваа и младите револуционери кои веруваа дека во нивната држава доаѓаат подобри денови и крај

---

[78]Geo-Strategic Consequences of the Arab Spring - Erzsébet N. Rózsa https://www.academia.edu/3761145/Geo-Strategic_Consequences_of_the_Arab_Spring_papersiemed19(p24-25 посетен на 17.03.2020)

на автократското владеење. Но, дали тоа беше така? – Наредниот бран случувања покажа дека Египет не е подготвен за различен систем од оној на кој е навикнат.

Откако беше симнат од власт со пучот, за Морси и за огромен број членови на МБ следеше судски процес со големи казни. Тој беше обвинет за навреди кон судскиот систем, водење на илегална група (Муслиманско братство), убиства и насилство против демонстранти, шпионажа и соработка со странски вооружени групи. Беше изречена смртна казна за некои од овие дела, но се одложи нејзиното спроведување поради отворените случаи и жалбите од одбраната на Морси. На 17 јуни 2019 година, во текот на судењето за шпионажа, тој почина во судница од срцев удар. Турскиот претседател Ердоган јавно изјави загриженост поради сомнителноста на овој случај и додаде : *Дали тоа беше нормално или од други причини тоа треба да се разгледа?* [79]

### 3.8 Крај на египетската криза - Ел Сиси

Почетокот на крајот на владеењето на МБ почнува во моментот кога генералот Абдул Фатах ел Сиси го доставува ултиматумот до Мохамед Морси за преземање на власта. „*После неколкумесечен притисок врз Владата, генералот Сиси ефикасно ја достави понудата за пуч/милост со телевизиски ултиматум, предупредувајќи дека армијата ќе интервенира доколку Владата не одговори на „волјата на народот“ и ќе стави крај на кризата во рок од 48 часа*“.[80]

Крајот на египетската криза го карактеризираат двата табора кои владееја во периодот по Мубарак. Морси, МБ, продемократски граѓани и нивните симпатизери од една страна, Сиси како главен на SCAF и масата протестанти кои се противат на лошите одлуки на исламистите од друга страна. Таа борба беше завршена на 3 јули 2013 година, кога власта повторно падна во рацете на армијата. Како и во претходниот случај, ова беше само преод до нови избори. За привремен

---

[79]a1on-Ердоган: Морси не почина од природна смртhttps://a1on.mk/region1/erdogan-morsi-ne-pochina-od-prirodna-smrt/ (посетен на 17.03.2020)
[80]BBC Egypt: Abdul Fattah al-Sisi profile https://www.bbc.com/news/world-middle-east-19256730 (посетен на 15.03.2020)

претседател до изборите во 2014 година беше назначен Адли Мансур. Како што кризата веќе ги навикна Египќаните, периодот кој следеше беше проследен со многу жртви и нови протести, овојпат од членови на МБ кои ја обвинија војската за нелегално преземање на власта. Летниот период го искористија за масовни протести и кампови.

МБ се обиде во наредните неколку месеци да го привлече вниманието на светската јавност, поради, како што тврдеа, насилното одземање на власта од првите демократски претставници во историјата на Египет. Протестите и жртвите кои следеа во периодот го привлекуваа вниманието на светските сили, но со таквиот однос Братството ја ослабна својата позиција во Египет и придонесе народот да ги префрли своите верувања на воените претставници. Тие сакаа да ја дестабилизираат состојбата и преку таквиот пристап ги жртвуваа демонстрантите, кои главно беа нивни поддржувачи. Во средината на август насилството врз исламистите од страна на армијата ескалираше. На 14 август 2013 година, египетските безбедносни сили извршија рација во два табора на демонстранти во Каиро: еден на плоштадот Ал-Нахда и поголем во џамијата Раба ал-Адавија[81]. Двете локации беа окупирани од приврзаниците на соборениот претседател Мохамед Морси. Околу 85.000 демонстранти кампуваа шест недели додека не беа насилно распрснати. Шаторите беа во оган, а главната џамија на Раба ал-Адавија беше запалена со стотици неидентификувани тела. Според информациите овие настани доноесоа голем број жртви - 638 лица, од кои 595 биле цивили и 43 полицајци, со најмалку 3.994 повредени. Муслиманското братство и Националната коалиција за поддршка на легитимноста тврдеа дека бројот на загинати од џамијата Раба ал-Адавија изнесува околу 2.600 граѓани. Следеше насилна одмазда во неколку градови низ целата земја. Привремената влада прогласи повеќемесечна вонредна состојба како одговор. Вкупниот број на жртви го направи 14 август најсмртоносен ден од египетската револуција во 2011 година.

[81]VOX: Egypt's dictator murdered 800 people today in 2013 https://www.vox.com/2015/8/14/9153967/rabaa-sisi(посетен на 15.03.2020)

Судирите меѓу полицијата и вооружените демонстранти беа забележани од светските лидерии, привлекоа внимание на голем број државни претставници кои остро ги осудија овие настани и бројката на жртви во немирите. Египет се најде во центарот на светските медиуми кои настанот го нарекоа масакар поради обемот на жртви. По инцидентите во средината на август и наметнувањето вонредна состојба, безбедносните сили се насочија кон МБ и неговите сојузници со бран апсења на водачи и високи членови. Беше спроведен полициски час на голем дел од територијата на Египет за справување со демонстрантите.

**-Масакарот во Раба** е своевиден преседан кој е последниот во серијата немири поврзани со Арапската пролет. На многу места се води како крај на Арапската пролет во Египет и се вбројува во најтешките масовни убиства на демонстранти во модерната историја, со тоа што нејзините жртви го надминаа масакрот на плоштадот Тијанамен во Кина во 1989 година и масакрот во Андицан во Узбекистан во 2005 година.[82] Масата луѓе кои константно протестираа по државниот удар предводена од членовите на МБ, на која ѝ се приклучија и продемократски грѓани на Египет беше брутално нападната и растерана. Одговорноста за ова ја презема власта на Сиси, но никој не беше приведен за огромниот број убиени демонстранти. Ниту еден службеник не одговараше за масакрот во Раба. Меншави, кој беше задолжен за спроведување на операцијата, подоцна беше унапреден во помошник министер за внатрешни работи за централна безбедност. На сите офицери кои учествуваа на седницата им беше даден бонус во признавањето на нивните напори. Сиси стана претседател во јуни 2014 година. Пет години по државниот пуч египетскиот парламент го усвои законот со кој се ослободуваат високи армиски службеници од гонење за какви било дела извршени од јули 2013 година. Тоа ги вклучува Раба и седум други масовни убиства. Гонети од судот беа преживеаните демонстранти, околу 1.000, и многумина добија доживотни казни и смртни казни за нивната улога во демонстрациите што следуваа по пучот во 2013 година.

[82] Middle East Eye Rabaa: The massacre that ended the Arab Springhttps://www.middleeasteye.net/news/rabaa-massacre-ended-arab-spring(посетен на 15.03.2020)

Во перидот кој следеше, во јануари 2014 граѓаните на Египет повторно гласаа на референдум за уставни промени, кој беше неопходен за да се организираат претседателските избори во мај 2014. Референдумот како непосредно средство на граѓаните за учество во донесување одлуки беше доволен гарант за легитимноста на изборите. Припадниците на МБ го бојкотираа, а резултатот беше изгласување на уставни промени со ЗА од 98% од граѓаните. На 26 март 2014 година Сиси се повлече од воената функција и објави дека ќе се кандидира на претседателските избори. Доби огромна поддршка во периодот на предизборната кампања, а тоа се покажа и на самото гласање на кое Сиси победи со 96% од гласовите. Голем дел од кандидатите кои беа во трката на претходните избори одлучија да не поднесат кандидатура, па така на овие избори Сиси имаше само еден противкандидат.

Со уставните избори мандатот на претседателот беше предвиден да биде два мандати по четири години. По неговиот прв претседателски мандат, Сиси беше реизбран со втор мандат во јуни 2018 година, кој требаше да истече во 2022 година. Сепак, уставните амандмани подготвени од Парламентот беа одобрени на референдумот во април 2019 година, со кои претседателскиот мандат беше зголемен од четири на шест години и исклучително му овозможи на актуелниот претседател Сиси да има право да се кандидира за трет мандат и да остане на власт до 2030 година.

### *3.8.1Геополитички импликации–периодот по Арапскат пролет*

Во овој дел ќе го обработиме последниот дел, односно крајот на револуцијата и понатамошниот тек на настаните, како и целокоупниот импакт и промените кои се случија во Египет пред и по Арапската пролет. Карактеристичната положба на војската во египетското општество се покажа како најмоќен апарат во државата, граѓаните повторно му дадоа доверба со убедливо мнозинство на воениот претставник Сиси.

Морси ги измеша картите во меѓународните односи и ја разбранува геополитичката мапа на регионот. Една од клучните причини зошто и покрај легитимитетот кој го поседуваше не доби меѓународна поддршка при насилното

симнување од власт од страна на Сиси и армијата на Египет, е тоа што неговото владеење и импактот кој го направи во краткиот период не им одговараше на многу држави. Администрацијата на САД, која беше силен поддржувач на процесите по Мубарак, не го означи настанот како пуч и државен удар и остана со неодреден став во тек на целата ситуација. Се водеше дебата и се правеа многу анализи за соборувањето на Морси - дали е тоа преку народна револуција или со воен удар. Но, зошто американската администрација не го сметаше за воен удар? Американскиот закон предвидува да се суспендираат помош и асистенции од каков било карактер за секоја држава што имала воен удар. Затоа САД ја призна власта на Сиси, и покрај фактот што не беа задоволни од начинот на кој дојде до неа. Едноставно, суспензијата на помош ќе влијаеше катастрофално на старешкиот интерес кој го има од Египет, а таквите настани можат да го дестабилизираат целиот регион.

Египетската армија на чело со Сиси го познаваше американското право за надворешна помош и корелацијата со државен удар и се осигура дека нејзиното мешање е во корист на уставната превласт, па затоа повика на народен мандат преку собирање потписи од Египќаните и државните институции кои побараа од Морси да замине. Здружението Tamarod имаше за цел да собере повеќе потписи одошто Морси добил гласови на изборите. Целта беше да соберат 15 милиони , но потоа излегоа со изјава дека се собрани околу 22 милиони потписи. Легитимноста на ваквиот чин остана под прашалник, а на многу места се пишува дека еден член потпишувал над 20 апликации. Епилогот беше јасен, ваквите одлуки и чекори дадоа оправдување на милионските протести преку кои Сиси ја презема власта. МБ не успеа во напорите да издејствува од САД прекинување на помошта и прогласување на пуч. Сиси изјави дека војската се вмешала во согласност со волјата на египетскиот народ и со цел да избегне и спречи граѓанска војна. Побара од сите меѓународни актери разбирање и почит кон волјата на Египќаните и порача дека го разбира интересот и загриженоста од меѓународниот фактор.[83]

[83]THE CHANGES OF AMERICAN FOREIGN POLICY TOWARD EGYPT DURING ARAB SPRING 2011-2016by Ahmad Alahmad

На 15 август 2013, поттикнат од масакарот во Раба, дополнително и од начинот на кој се справуваше новата египетска преодна влада со демонстрантите, претседателот Барак Обама излезе со изјава и мерки насочени кон одредени рестрикции кон Египет:

*„Соединетите Држави остро ги осудуваат чекорите што ги преземаа египетската привремена влада и безбедносните сили. Ние жалиме за насилството врз цивилите. Ние ги поддржуваме универзалните права неопходни за човековото достоинство, вклучително и правото на мирен протест. Ние се спротивставуваме на извршување на воен закон кој ги негира тие права на граѓаните според принципот дека безбедноста ја нарушува индивидуалната слобода или тоа може да го направи исправно. И денес Соединетите Држави упатуваат сочувство до семејствата на оние што беа убиени и на оние кои беа ранети.*

*И со оглед на длабочината на нашето партнерство со Египет, нашите национални безбедносни интереси во овој клучен дел од светот и нашата верба дека ангажманот може да поддржи премин назад кон демократски избрана цивилна влада, ние ја одржувавме нашата посветеност кон Египет и нејзиниот народ. Но, додека сакаме да ги одржиме нашите односи со Египет, нашата традиционална соработка не може да продолжи како и обично кога цивилите се убиваат на улиците, а правата се враќаат.*

*Како резултат, утрово ја известивме египетската влада дека ја откажуваме нашата двегодишна заедничка воена вежба која беше закажана за следниот месец. За во иднина, побарав од мојот тим за национална безбедност да ги процени импликациите на дејствијата преземени од привремената влада и натамошните чекори што може да ги преземеме по потреба во однос на односите меѓу САД и Египет.“*[84]

---

https://www.academia.edu/36529174/THE_CHANGES_OF_AMERICAN_FOREIGN_POLICY_TOWARD_EGYPT_DURING_ARAB_SPRING_2011-2016.pdf(p 61-65посетен на 18.03.2020)

[84]The White House-Remarks by the President on the Situation in Egypt ; August 15, 2013 https://obamawhitehouse.archives.gov/the-press-office/2013/08/15/remarks-president-situation-egypt(посетен на 18.03.2020)

Во мерките, освен одложувањето на воената вежба, додаде преполовување на паричната асистенција, како и одложена испорака на воени авиони и воена опрема. Во контекст на овие мерки, подоцна американската администрација разбра дека прекинувањето на воената помош нема да доведе до спроведување на демократски процес. Со ваквиот начин само повеќе може да ја ослабне својата позиција во регионот, бидејќи во меѓувреме, за разлика од периодот на Мубарак, геополитичката распореденост на силите се промени. Саудиска Арабија ја зголеми поддршката за владата на Сиси поради тоа што не сака вмешаност на Иран во Египет и блиската околина. Тие директно даваат средства кои Сиси ги пренасочува во купување оружје произведено во Русија. Целата Арапска пролет ја искористија повеќе различни сили за да го зголемат своето влијание врз регионот.

САД немаше избор, ја призна новата власт и огромната поддршка која ја доби Сиси на изборите во 2014 и го насочи вниманието кон одржување на добри односи со режимот кој се навестуваше во Египет. И покрај американската идеологија, која вели дека само демократски арапски држави ќе доведат до стабилен регион, а не автократски систем и режим, тие ја признаа власта за да ги обезбедат своите интереси и хегемонија во регионот. За САД во Египет се важни три работи: дозвола за летање на египетски воздушен простор, пренос на стоки низ Суецки Канал и почитување на Договорот од Кемп Дејвид. Тука може да ги додадеме борбата против тероризмот и размената на разузнавачки информации за кои е потребен добар однос со војската на Египет.

Односите помеѓу Египет и САД се подобрија по доаѓањето на власт на Доналд Трамп на почетокот на 2017 година. И покрај забраната за граѓани од шест муслимански држави, различниот пристап на администрацијата на Трамп кон муслиманските земји и арапскиот свет, за разлика од оној на Обама, тој даде позитивни сигнали кон Египет и претседателот Сиси. Доналд Трамп се састана со Сиси на 3 април 2017 година во Белата куќа. Тоа беше прва официјална посета на египетскиот лидер во Белата куќа. „Тој ја презеде контролата врз Египет. И тој навистина ја презеде контролата врз тоа“, рече Трамп. Неколку дена пред тоа, Трамп го фалеше Сиси со пофалби за „силната поддршка на лидерот за египетската војна против тероризмот“ и како под администрацијата на Трамп,

Соединетите Држави ќе бидат лојален пријател, а не едноставно сојузник, на кој Египет може да смета во деновите и годините што претстојат.

Со промените кои ги донесе Арапската пролет се отвори шанса за соработка која до 2011 година не беше на повидок. Дестабилизацијата во Египет и новиот поредок кој го наметнаа многуте превирања во Револуцијата отвори простор за моќните држави. Набргу откако се појавија првичните резултати на претседателските избори во 2014 година, претседателот на Руската Федерација, Владимир Путин, го повика Сиси да му честита во она што го опиша како „убедлив успех“, тој исто така се согласи да одржи врвни официјални состаноци и да ги охрабри меѓусебните односи меѓу двете држави во претстојниот период. Патријархот на Москва, Кирил, исто така му честиташе на Сиси за победата на изборите. Во периодот кој следеше односите помеѓу Египет и Русија беа донесени на многу повисоко ниво од она пред Револуцијата.

Низ историјата Русија и Египет периодично соработувале, ако се земе фактот дека Египет има огромен буџет за армијата, а Русија е водечки производител на оружје. Со доаѓањето на власт на Сиси се покажа дека таа соработка не била на високо ниво. Двете држави преземаа голем број активности со што меѓусебно ја зацврстија соработката.

Посетата во ноември во 2013 година од страна на министерот за надворешни работи и одбрана на Русија во Каиро, следеше по влошувањето на односите меѓу САД и Египет од воениот удар врз Мохамед Морси. Откако Вашингтон и Обама ги издадоа мерките за рестрикции, руските власти беа нестрпливи да ги искористат. Говорејќи во Каиро, рускиот министер за одбрана Сергеј Шогу рече дека посетата на руската делегација е дизајнирана да ги започне долго затегнатите одбранбени врски меѓу двете држави.

На 19 ноември 2015 година Русија потпиша договор за изградба на првата нуклеарна централа во Египет. Египетската агенција за нуклеарна енергија и руската компанија „Росатом“ го потпишаа договорот што се однесува на проектот за нуклеарна централа Даба во Каиро. Претседателот Сиси рече дека Русија ќе го финансира проектот преку заем за Египет.

Во февруари 2016 година, Русија и Египет потпишаа меморандум за формирање руска индустриска зона во Египет со цел да се обезбеди локализација на производите произведени за египетскиот, африканскиот и пазарот на Блискиот Исток. Во март 2018 година египетската влада го одобри создавањето на зоната. Во мај 2018 година потпишаа меѓувладин договор за основање на индустриската област.

На 1 декември 2017 година, со посета на рускиот министер за одбрана Сергеј Шогу, двете земји започнаа нова етапа со цел зближување по неколкумесечни преговори и повеќе од 45 години непријателство, кое беше поттикнато со протерувањето на поранешниот египетски претседател Анвар Садат на советските воени советници од земјата во 1972 година. Рускиот премиер Дмитриј Медведев го потпиша нацрт-договорот со Египет, што ќе ѝ овозможи на секоја страна да ги користи заемно воените објекти и воздушниот простор за период од пет години. Со ова се испоставија точни индициите дека руските воени сили веќе неколку месеци ги користат египетските воени објекти за операции во Либија.

На 13 октомври 2018 рускиот министер за надворешни работи Сергеј Лавров во написот за египетскиот весник „Ал-Ахрам“ изјави дека односите помеѓу Египет и Русија се префрлија на ново ниво на сеопфатно партнерство и стратешка соработка. Лавров исто така истакна дека зајакнувањето на билатералната воена соработка, вклучително и заедничката борба против тероризмот, им овозможи на египетските оружени сили полесни спроведување на законот и поефикасно да се спротивстават на терористичката закана. Ова резултира со огромна доверба и соработка која ја воспоставија двете земји по преземањето на власта од страна на Сиси.[85]

Под Ал Сиси Египет не се соочува со комплицирани безбедносни закани во своето соседство. Однадвор, Каиро има малку непријатели. На источниот фронт, Египет е во мир со Израел од крајот на 1970-тите и Сиси го одржува таквиот договор. Во појасот Газа, Египет под Сиси ја прогласи Хамас за терористичка

[85]Egypt &Russia Relationshttps://www.globalsecurity.org/military/world/egypt/forrel-ru.htm (посетен на 18.03.2020)

организација. На запад, од соборувањето на Моамер Гадафи во 2011 година, Либија стана неуспешна држава со многу внатрешни проблеми. Судан на југ има територијални спорови со Египет, но овие спорови веројатно нема да доведат до воено соочување. Најголемиот проблем кој Египет го има со Судан е поврзан со изградбата на браната на реката Нил, непосредно на границата помеѓу Судан и Етиопија, од кои и двете држави ќе имаат огромен профит, додека досегашното влијание на Египет како главен владетел на Нил ќе опадне драстично. Еден од главните предизвици во мандатот на претседателот Сиси е токму изградбата на Големата ренесансна брана. [86]

Огромното мнозинство гласови кое му донесе мандат на Сиси покажа дека Египет во рок од три и пол години направи круг во кој повторно на власт дојде слично профилиран претставник како оној против кого почна Арапската пролет. Од ваквата поставеност на генерал Сиси имаат придобивка многу држави. Бахреин, Русија, Саудиска Арабија, Сирија и Обединетите Арапски Емирати се приклучија кон прогласување на МБ како терористичка организација и со тоа ги зацврстија односите со Сиси. Во спротивставеност со МБ и со доближувањето до Иран и Египет за да се спречи економскиот и политичкиот колапс на владата на Ал Сиси, Саудиска Арабија, Обединетите Арапски Емирати и Кувајт донираа милијарди долари. Односот со заливските земји е на многу високо ниво и сите споменати држави се блиски сојузници на Египет по Револуцијата. Добриот однос со Израел и одржување на Договорот од Кемп Дејвид му носи стабилни врски со САД. Ваквиот претседател кој им одговара на голем број актери е главната причина зашто револуционерите во Египет не дојдоа до демократскиот процес. Освен надворешно поставениот геополитички баланс, Сиси успеа да ја смири ситуацијата на домашната сцена, иако за таквиот пат не користеше демократски алатки, туку репресија и воена сила. Регионалните актери се запознаени со овој факт, но Египет е толку привлечен и важен регионален фактор што прави овие држави да го занемарат. Ова особено стана важно по падот на Мубарак и тука ја

[86]Egypt in the Aftermath of the Arab Springhttps://www.accord.org.za/conflict-trends/egypt-aftermath-arab-spring/ (посетен на 18.03.2020)

гледаме разликата пред и по Арапската пролет, проследена со нов геополитички поредок. Саудиска Арабија, Русија, Обединетите Арапски Емирати се новите големи поддржувачи и блиски пријатели на египетската држава. Од ваквиот тек на настаните загубија оние кои беа најискрени и чии цели немаа никаква заднина кога ја започнаа Револуцијата. Младинските здруженија и младата популација во Египет не успеаја да се изборат за прогресивна власт која стреми кон слободно и демократско општество, која за своите постапки ќе одговара пред институциите и својот легитимитет го црпи од граѓаните на избори. Промените во Уставот се случија, но беа минорни. Најпрво беа предвидени два мандати од по  четири години за претседателот на Египет и Сиси требаше да заврши со претседателство во 2022 година, по неколку години тој го промени и има можност да владее до 2030 година.

Дилемата која се поставува е дали самиот Сиси е плод на една голема соработка помеѓу повеќе држави во регионот на кои не им одговараше власт во исламистички раце која створи само геополитички проблем и дезориентација. Во досегашната анализа се споменати некои индиции за вакво сценарио, како можно, но не и сигурно. Од друга страна, случувањата во Египет, бројот на протести, жртви и спротиставени политички сили имаа потенцијал да направат граѓанска војна. Никој не посакува ситуација слична како онаа во Либија по падот на Гадафи, или, пак, Сирија која сè уште е во отворен конфликт.

Што се промени во Египет со Арапската пролет? Системот остана сличен, ако не и ист, автократски. Улогата на Армијата во државата е сè уште на високо ниво. Армијата има огромна моќ врз народот, поседува финансиска моќ и многу недвижнини. Економијата беше во голем пад во текот на целата криза, а до демократија и слободно општество има уште многу. Непроменета е подреденоста на народот (мнозинството) и симпатиите и вербата кон војската. Периодот на Арапска пролет донесе многу жртви. Владеењето на Сиси ја врати под контрола ситуацијата на државата, иако со непопуларни мерки. Под прашање остана неговиот легитимитет, но денеска никој и не мисли повеќе на тоа. Се променија одредени позиции во геополитиката. Заливските земји се доближија до Сиси, Русија доби влијание во Египет и меѓусебни договори за воена испорака.

Продолжи испораката кон Израел и почитување на Договорот од Кемп Дејвид. Египет ги заостри односите кон Појасот Газа и ја прогласи Хамас за терористичка организација. Еден од главните безбедносни проблеми се ретко населените места во Египетската Пустина и Синајскиот Полустров во кој виреат подземни терористички групации. Арапската пролет отвори простор за преуредување на регионалните сили и нови соработки и донесе многу жртви, но не направи значајни поместувања во системот на владеење во Египет.

## 3.9 Анализа на мигрантските текови предизвикани од Арапската пролет

### *3.9.1 Египет во услови на криза и влијанието во дијаспората*

До средината на минатиот век беше познато дека странците доаѓаа во Египет, а Египќаните ретко мигрираат во странство. Миграциите во Египет започнуваат со нафтениот бум во земјите на Арапскиот Залив и потребата од работна сила кон средината на 1970-тите, предизвикани од економските тешкотии и високите стапки на раст на населението во Египет во втората половина на 20 век. Како и да е, сегашните политички промени во Египет и регионот влијаат врз миграциските текови од и кон Египет. Важна предност за египетската економија е растечкиот тренд на дознаки од дијаспората; 18 милијарди американски долари во 2012 година. Политичките промени во Египет и регионот влијаат врз миграциските текови од и кон Египет, почнувајќи од масовното враќање на Египќаните од Либија веднаш по Либиската револуција во 2011 година, до зголемената миграција на христијанските Египќани за време на владеењето на Морси, зголеменото иселување на младите и константното барање излез на академската популација.

Бројот на Египќани во странство се проценува на 6,5 милиони пред Револуцијата на 25 јануари 2011 година. Вкупниот број египетски мигранти во земјите од Заливот со 2,2 милиони претставува една третина од вкупното египетско мигрантско население. Саудиска Арабија е дом на скоро 60% од Египќаните во заливските земји со околу 1,3 милиони, а потоа следат Кувајт со 22% и другите четири дестинации Обединети Арапски Емирати, Катар, Оман и

Бахреин со помалку од 20%. Другите арапски земји имаат околу 2,6 милиони египетски граѓани, од кои 2 милиони живеат во Либија. Други дестинации на Египќаните во арапскиот регион се Јордан, со околу 500 илјади, Либан, Ирак и Јемен со неколку илјади Египќани кои циркулираат на пазарот на трудот во овие земји. Египќаните во развиените земји сочинуваат околу 25% од дијаспората. Главната дестинација е Северна Америка (САД и Канада) со околу 800 илјади, а потоа следат Велика Британија со 250 илјади, Италија со 190 илјади, Франција со 160 илјади, Австралија, Грција, Холандија, Германија и Австрија. Ова се калкулации според Министерството за надворешни работи и Министерството за работна сила и емиграција од 2011 година.[87]

Во времето на египетската револуција и веднаш потоа, Египќаните во странство дадоа голема поддршка за своите сограѓани, особено оние во земјите во развој. Организираа паралелни активности за поддршка, како што се демонстрации во Париз и Вашингтон пред египетските амбасади. Влијателни поединци кои го напуштиле Египет се вклучија во поддршка на револуционерите. Мохамед Елбарадеи, поранешен генерален директор на Меѓународната агенција за атомска енергија и отворен противник на претседателот Мубарак; Ваел Гоним ја напушти работата во Дубаи како регионален директор за маркетинг на Гугл со цел да учествува во протестите. Тој беше администратор на Фејсбук групата „Сите сме Калед Саид“, која обезбеди клучни информации за случувањата за време на демонстрациите во Каиро. Дијаспората за првпат зема учество на изборите што се одржаа во 2012 година, по добивањето на право на глас за вклучување во политичката сфера во својата родена земја. Намерата на египетската дијаспора, особено во земјите во развој, да се врати во Египет по Револуцијата се зголеми. Сепак, спроведувањето на овие намери се распадна по победата на политичките исламски групи и исламистичките партии предводени од Муслиманското братство и салафистичката партија Ал Нур. Дури и ако повеќето имаа намера да се вратат во Египет трајно, нивниот оптимизам беше краткотраен и значителен број се вратија во земјите во кои живеат. Во првите две години по египетската револуција

[87]Egypt's International Migration after the Revolution: Is There Any Change?https://www.cairn.info/revue-confluences-mediterranee-2013-4-page-47.htm(посетен на 19.03.2020)

под власта на SCAF и МБ беа сведоци на неповолни економски услови, демонстрации и политичка остра поделеност меѓу политичките исламски партии, либералните партии и други сили во општеството.

Египет беше арена на многу инциденти на секташки судири меѓу муслиманите и христијаните Копти, што претставува закана за националното единство и начелото на државјанство и принципот на соживот, што натера некои христијани да размислуваат за миграција од Египет. По Револуцијата е зголемен бројот на христијани кои ја напуштаат земјата, и покрај отсуството на официјална статистика за овој феномен. Околу 90 илјади Копти ја напуштија земјата доброволно по Револуцијата. Тие одеа главно на традиционалните дестинации во Европа и Северна Америка, но и Грузија[88] во Источна Европа, која беше сведок на силен прилив на миграција од Египет. Една од причините за подемот на Грузија како дестинација е фактот дека повеќето Грузијци се православни. За Коптите постои двојна закана на патот надвор од Египет. Обезглавување на 21 Копт од страна на ИС (Исламска држава) веднаш беше објавено на социјалните медиуми. Египет одговори со одмазднички воздушни напади против ИС со помош на Емиратите. Во овој период и други Египќани, од кои многу биле Копти, се киднапирани или убиени, генерално од исламистичките милитантни групи. Така, мигрантите од Египет беа заложници на регионалната геополитика, а Коптите претставуваа двојно симболична цел, како христијани во контекст на секташкото насилство и како Египќани во одмазда против политиките на нивната земја.

По револуцијата во Либија во февруари 2011 година, илјадници Либијци и други националности ја преминаа границата меѓу Либија и Египет на преминот Салум. Меѓународните хуманитарни организации им помагаа на државјаните на Кореја, Кина и другите националности кои се вратија во нивните матични земји, додека повеќето либиски државјани останаа во Египет. Меѓу оние кои избегаа од Либија беа околу 800 илјади Египќани кои беа принудени да се вратат во Египет.

---

[88]Egyptian emigration to Georgia: Promised land or fool's paradise? http://english.ahram.org.eg/NewsContent/1/151/73088/Egypt/Features/Egyptian-emigration-to-Georgia-Promised-land-or-fo.aspx (посетен на 20.03.2020)

Покрај нестабилноста на домашното општество, Египет продолжи да прима бегалци од Сирија кои избегаа по крвавите настани во својата земја. Според статистичките податоци на УНХЦР, бројот на регистрирани бегалци во Египет бил околу 44 илјади во почетокот на март 2013 година. Првиот бран на сириските бегалци во Египет не живеат во бегалски кампови, тие се концентрирани во специфични области во регионот на Каиро. На почетокот на 2014 година оваа бројка расте вртоглаво до 130 илјади бегалци. На 31 јануари 2020 година официјалните бројки говорат дека во Египет се наоѓаат 129 илјади бегалци, од кои 54% се во работоспособна група помеѓу 18 и 60 години.[89]

Египет беше на раб на граѓанска војна во 2013 година, и како најбројна арапска држава, ова би значело потенцијален огромен бран бегалци. По стабилизирање на состојбата и преземањето на власта од Сиси, во редот за иселување од Египет се издвои една општествена група луѓе, млади со амбиција за подобар живот. Тоа е општествената група која ја започна приказната за подобар Египет. Сликата која беше присутна во градовите во кои започнаа протестите е слична со сликата пред странските амбасади и конзулати - доминираат млади луѓе. Факторите што ги привлекуваат младите луѓе на улиците за демонстрации се исти со оние што ги туркаат во меѓународна миграција. Луѓето кои сметаат дека не добиваат награди соодветно на нивните капацитети, размислуваат да ја напуштат својата земја за да најдат место каде што сметаат дека овие награди се на располагање. Не само што лишувањето од добар живот и просперитет може да предизвика колективно насилство, туку ги мотивира и меѓународните миграции на поединците. Емиграцијата е под влијание на тоа како поединците го оценуваат она што го имаат (задоволството) и она што го немаат. Од ситуацијата во Египет аргументираме дека недостатокот на можности, демографската конфигурација на државата, како и многу причини што постојат во социјалниот и политичкиот систем се причина кај младите за миграциски и политички процеси кои се присутни во арапскиот свет денес. На 30 години, типичен граѓанин на арапска земја сѐ уште не е оженет и нема деца.

---

[89]UNHCR Syria Regional Refugee Response – Egypt https://data2.unhcr.org/en/situations/syria/location/1 (посетен на 20.03.2020)

Зголемувањето на нивото на образование природно се претвора во зголемувањето на очекувањата. Но, поради неуспесите во управувањето со државата, очекувањата на младите арапски луѓе се сурово фрустрирани, што ги прави генерација која спасот го гледа во мигрирање. Политичките очекувања и гледишта се неспоиви со авторитарниот режим кој владее во државата. Од економски аспект, невработеноста, сиромаштијата и експлоатација на работникот се дополнителен проблем во споредба со други пазари на трудот. Во пресрет на Арапската пролет невработеноста на младите, според УНДП, беше околу 30%, што е двојно доколку се земе просекот на светско ниво. Кога заврши Револуцијата, луѓето кои не успеаја да придонесат за подобро општество преку својот глас сè повеќе својата иднина почнаа да ја бараат во своето заминување. Ова е категоријата на граѓани која најмногу бара излез по Арапската пролет. Луѓето кои припаѓаат на средната и горната класа се етаблираат во земјите од Заливот или Северна Америка поради стравот од внатрешната политичка состојба и несигурноста.

На следната фотографија е истражување кое е спроведено во 2013 година меѓу младите Египќани и помага да се идентификуваат главните причинители за миграција. Некои фактори не се директно поврзани со Арапската пролет, биле присутни и пред започнувањето и само се зголемиле. Многу граѓани кои по 2011 година посакаа да ја напуштат земјата, генерално веќе имаа намера да го сторат тоа пред тој датум. Универзитетското образование, бракот бараат подобро вработување, како и изложеноста на миграција поради блиски пријатели или роднини кои живеат во странство. Другите причини кои се директно поврзани со постреволуционерната ситуација се религијата, при иселување на христијаните, и недостигот на доверба во стабилноста на Египет[90].

[90]The Graduate Institute of Geneva: Mass Migration and Uprisings in Arab Countries
Philippe Fargues https://journals.openedition.org/poldev/2275(посетен на 20.03.2020)




Сл.2 Причинители за емиграција помеѓу младите Египќани во 2013 година

Мигрантите од арапскиот свет, вклучувајќи ги и младите од Египет, имаат две главни дестинации. Доколку погледнеме каде циркулира египетската дијаспора, станува јасно кој е правецот. Оние кои сакаат да останат во држава каде се чувствуваат посигурни поради религиозната доминантност на населението, претежно ги одбираат заливските земји и се одлучуваат на поконзервативно општество со поголеми шанси за вработување и добар живот. Начинот на функционирање на општеството и демографската поставеност се слични на оние во кои израснале, исто така тука е близината на родната земја. Населението со високо образование кое е во потрага по прогресивност и е во потрага по демократските вредности, својата шанса ја гледа во западните земји. Намалување на иселениците од Египет е забележано во Либија, каде по падот на Гадафи се случуваат секојдневни конфликти. Интервјуирани млади Египќани во март 2011 година претпочитаа пет дестинации: Саудиска Арабија, Обединетите Арапски Емирати, САД, Кувајт и Италија. Се пројавуваат потешкотии да се воспостави биланс на состојбата во однос на влијанието на арапските револуции врз мигрантските текови на египетското население, бидејќи заминувањата и повратите се неутрализираа едни со други. Дополнително придонесува и примањето на бегалци поради ситуацијата во Сирија.

### *3.9.2 Реакција на соседството кон мигрантскиот потенцијал*

Отсуството на статистички податоци во Заливот нѐ спречува да утврдиме колку Египќани има и дали се помалку или побројни од 2011 година. Сепак, мерките кои ги преземаа државите доведоа до отежнат процес при емигрирање во Заливот по 2011 година. Стравувајќи од ширење и наплив на мигранти, Саудиска Арабија и Обединети Арапски Емирати, како две најголеми дестинации за египетското население, ја изменија својата политика. Ги засилија безбедносните проверки на миграциските текови кои доаѓаат од земји кои доживуваат револуција. Престанаа да примаат декларирани демонстранти и членови на МБ и дополнително ги променија политиките за национализација на работната сила. Дополнително создадоа надоместоци за невработеност за да избегнат генерирање на „предреволуционерни“ услови на одредени општествени слоеви. Исклучок од земјите од заливот беше Катар каде пребегаа многу членови на МБ. Во јуни 2011 година Саудиска Арабија ја измени својата политика за контрола на имиграцијата и приоритетот го префрли на борбата против нелегалната имиграција. Како резултат на ваквата мерка беа протерани неколку стотици илјади странски работници, а според некои извори 300.000 Египќани доброволно ја напуштија земјата затоа што беа во неповолна положба и без работа. Паралелно Ријад започна политика насочена кон „саудизација“ на работната сила. Овие мерки не беа насочени директно кон египетското население, тие повеќе ја штитат нацијата и економијата од новоноастанатата револуција во арапскиот свет. Сепак, Египќаните го почувствуваа влијанието од мерките како една од најголемите странски заедници во Саудиска Арабија.

Во ОАЕ, веднаш по падот на Мубарак, бројните дозволи за работа на египетското население и постојните договори за работа не беа обновени. Стравот од револуционерна „зараза“ не е единствената причина за овие мерки. Египетските мигранти беа алатка во билатералните дипломатски и економски односи меѓу двете земји. Ова затворање беше израз на незадоволството на ОАЕ во однос на одлуката да му се суди на Мубарак, зближувањето со Иран, како и замрзнување на големите инвестиции во недвижности во Каиро за кои беа затворени и обвинети за корупција неколку египетски министри. ОАЕ

дополнително ги протера Египќаните кои припаѓаат на МБ. Од 2013 година двете земји ги вратија добрите односи, при што дополнително спроведоа заеднички воени операции во Либија. Емиратите исто така финансиски го поддржуваат Египет, а Египќаните продолжија да се етаблираат во Дубаи по падот на МБ.

Во Европа, од друга страна, според Евростат, египетската емиграција се зголемила од 2007 година: за 19% во Германија, 22% во Велика Британија, 45% во Шпанија и 58% во Италија. Бројот на дозволи за престој постојано се зголемува од 2008 година: во 2013 година скоро 200.000 Египќани беа официјални жители во Европа, од кои 135.000 во Италија. Сепак, во Италија бројот на издадени одобренија за престој за првпат значително се намали: издадени се 12.855 во 2011 година, во споредба со 20.532 во 2010 година. Италија, која се соочува со многу силен мигрантски притисок, што дополнително се зголемува од арапските револуции, можеби избра да биде построга кон нови пристигнувања, истовремено дозволувајќи ѝ на веќе воспоставената египетска заедница да ги обнови дозволите за престој.[91]

Арапската пролет изврши влијание врз миграциската политика во земјите од Заливот, како и на оние во Европа. Либија стана главна точка на поаѓање на чамци кои се обидуваат да го преминат Средоземното Море, од кои многу трагично потонаа од 2015 година. Мигрантите заминуваат и од египетскиот брег, на места како Александрија, Розета или Дамиета. Европската Унија започна дискусии со Египет и Тунис, со надеж дека ќе ги вклучи повеќе во набљудување на либискиот брег и спасување на мигрантите. Зголемените напори на Европа да ги екстернизира своите миграциски политики кон јужните маргини се едно од најголемите влијанија на арапските револуции врз медитеранскиот миграциски систем. Но, ова не е новина. Поттикнати од условите во кои живеат, многу жители на афричкиот континент го користат Средоземното Море за да преминат во повисоко развиените европски земји.

---

[91]Revue européenne des migrations internationales - The Arab Spring: A Revolution for Egyptian Emigration?https://journals.openedition.org/remi/8481(посетен на 21.03.2020)

## ЗАКЛУЧОК

Египет е едно од оние места каде што историјата и географијата отсекогаш ги здружувале силите и постојано живееле во заедница, така што географската област ја присвоила својата историја. Ова мноштво области, позиции и позиционирања е предност и можност за Египет, исто колку што е хендикеп и тешкотија. Предноста е во тоа што земјата може да ја искористи оваа повеќекратна припадност со цел да ги диверзифицира своите односи и да се етаблира како лидер. Хендикеп е дека соседството во Египет има толку противречности и разлики во интересите, што сојузот со еден, може да се толкува како непријателство кон друг. Предизвикот за Египет е да ја балансира својата политика помеѓу различните партнери и геополитичките области што го опкружуваат.

Египет е распнат меѓу повеќекратните идентитети: помеѓу падовите на неговиот идентитет што произлегуваат од неговата географска положба и неговите идентитетски ознаки што потекнуваат од неговата социо-економско-политичка историја. Оваа напнатост се засилува со турбуленциите во соседството. Геополитичките сили кои му ја даваат на Египет географската позиција и нејзиното минато фундаментално содржат и слабости и потешкотии.

Египет е држава крстосница помеѓу огромен број држави на геополитичката мапа на регионот на Северна Африка и Блискиот Исток, кој се наоѓа во транзициски период и покажува редефинирање на положбата на актерите присутни во него. Арапската пролет е главниот причинител за ваквиот моментален статус на Египет и блиското опкружување. По крајот на Арапската пролет во Египет заклучивме дека од нејзиното почнување, па до самиот крај, низ многу премрежиња се променија самите цели и побарувања на мнозинството демонстранти. Ако во 2011 тоа беше смената на власт, во 2014 народот на Египет на прво место ја стави стабилноста на општеството уморно од протести и жртви, па потоа начинот на уредување. Тоа е многу нормален резултат по огромниот број превирања кои се случија низ Револуцијата. На самиот крај од египетската криза населението во Египет се подели на три дела и тоа: оние најбројните,

поддржувачи на египетската армија и SCAF, поддржувачи и активисти на Муслиманско братство и, на крај, вистинските револуционери кои ја започнаа целата промена, кои се против секој автократски и исламистички начин на уредување. Дефинитивно, демонстрантите не го добија општеството за кое излегоа на улица.

Египет не е подготвен за промени, барем не за оние демократските. Тоа може да го видиме и во целиот расплет на дејствата низ Арапската пролет. Едноставно, египетското општество направи круг и врати сè на почеток. Младите и прогресивни револуционери кои го започнаа процесот се најголемите губитници. Тие се оние кои излезот од ситуацијата нема да го бараат повеќе на домашната политичка сцена. Од демократските побарувања многу малку се спроведе, а и што да се очекува во држава каде воените генерали поседуваат огромна економска и имотна моќ. Долгогодишниот режим си носи свои последици, народот, кој е навикнат на таквото владеење, избра повторно слична опција.

Кризата донесе и економски последици. Египет како брзорастечка популација не успева да најде добро и корисно решение за да ги искористи работниците и да ја зголеми економијата. Годините на Револуцијата донесоа пад на туризмот, кој е многу важна гранка. За време на продолжената политичка транзиција, економијата бележи пад, а невработеноста и сиромаштијата се искачија на високи нивоа.

Како резултат на кризата забележано е преуредување на регионалниот геополитички поредок, видно ослабна позицијата на САД во Египет, додека влијанието на Русија се зголеми. Во блискиот регион, Египет, и покрај солидарноста со арапскиот свет, направи огромни рестрикции кон Појасот Газа и Хамас, невидени во досегашната историја на израелско-палестинскиот конфликт и даде јасно до знаење дека нема да отвори простор за исламистички движења. Односот со Израел и понатаму е на нормално ниво, но во текот на Револуцијата често беше мета на различни фракции. Стравот од внесување на Иран во регионот му донесе на Египет многу добра соработка со заливските земји.

Прашање кое се поставува и кое е главна причина зошто го одбрав Египет од државите затечени од Арапската пролет е дали тој може целиот геополитички потенцијал кој го поседува, измешан со древната цивилизација и историската значајност на оваа држава да го искористи во насока на преземање улога на регионален лидер? Засега тоа е невозможно, пред сѐ поради позицијата која ја има со САД и Израел. Ова е прва причина поради која арапските земји не можат да бидат водени од Египет, иако историски и географски таа е државата која треба да биде лидер во овој регион. Проблемот со басенот на Нил и изградбата на браната во Етиопија е огромен предизвик за Египет, а од резултатот на преговорите кои одат бавно и тешко, ќе има последици. Доколку не успее во своите барања, на земјоделството по долината на Нил му се закануваат големи проблеми. Поради слабата внатрешна организираност и ниската економска моќ, Египет е прилично зависен од надворешниот фактор - богатите заливски држави и големите светски сили. Иако поседува природни ресурси, брзорастечко население и добра географска положба, ваквите карактеристики како повеќе да се товар за лидерите на оваа земја отколку потенцијал.

Мигрирањето по Арапската пролет не се промени, оние групи што сакаа да ја напуштат државата и пред нејзиното отпочнување останаа први во редот. Значителна разлика е забележана во иселувањето на Коптите. Борбата за слободна држава во која ќе се почитува волјата на народот и ќе бидат обезбедени основните човекови права треба да го отворат патот за трансформирање на Египет, доколку за тоа некогаш има желба од политичките елити. Но, додека тоа не се случи, високообразованите и невработените својот пат ќе го гледаат надвор од Египет, во некои од високоразвиените земји.

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. Abdelhak Bassou (June 2016) OCP Policy center: Publications - The geopolitics of Egypt: Strengths, Opportunities, Constraints and Vulnerabilities, in cooperation with World Bank http://www.ocppc.ma/publications/geopolitics-egypt-strengths-opportunities-constraints-and-vulnerabilities
2. Arash Beidollah; „Egyptian–Israeli Relations, History, Progress, Challenges and Prospects in the Middle East“ http://www.mesi.shisu.edu.cn/_upload/article/71/cf/e7e731dc4b948dad8285d988bbd7/09601a46-3756-4fc6-8638-a8b0efa1d51c.pdf
3. Ashok Swain - Ethiopia, Sudan, Egypt: The Nile River Dispute- https://www.researchgate.net/publication/232011013_Ethiopia_the_Sudan_and_Egypt_The_Nile_River_Dispute (p 679-681;684-686)
4. Center for Middle East Policy at BROOKINGS: SINAI SECURITY: Opportunities for Unlikely Cooperation Among Egypt, Israel, and Hamas https://www.brookings.edu/wp-content/uploads/2016/06/22-sinai-hamas-egypt-israel-gold.pdf
5. Central intelligence agency, Publications, The world Factbook – Country comparison https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/rankorder/2147rank.html
6. Cohen, S. B. (1994), Geopolitics in the New World Era: A New Perspective on an Old Discipline, во: Demko, G. J. (ed.), Wood, W. B. (ed.), Reordering the World: Geopolitical Perspectives for the Twenty-first Century, Westview Press, Boulder, Colorado;
7. Comparative Geopolitics – A Geopolitical Analysis of Egypt http://www.peterplatan.com/other/files/egypt.pdf
8. Dov Lipman ; The Breakthrough: How Israel and Egypt Made Peace in 1979 https://honestreporting.com/israeli-egyptian-peace-deal-camp-david-accords/
9. Egypt's International Migration after the Revolution: Is There Any Change? https://www.cairn.info/revue-confluences-mediterranee-2013-4-page-47.htm
10. Elfatih A. Abdel Sala;Intellectual Discourse, Online Review Article-The Arab spring: „Its origins, evolution and consequences… four years on“- Professor in the Department of Political Science International Islamic University Malaysia (IIUM) https://www.researchgate.net/publication/284181844_The_Arab_spring_Its_origins_evolution_and_consequences_four_years_on
11. Eman Ragab- A Formative Stage: Relations between GCC and North African Countries after the Arab Spring https://www.academia.edu/10605464/A_Formative_Stage_Relations_between_GCC_and_North_African_Countries_after_the_Arab_Spring
12. Emilio Sanchez de Rojas Diaz (2015) Geopolitical overview of conflicts - Spanish Institute of Strategie Studies- Egypt pivotal in the new regional geopolitics 123-176
13. Emre Demir; „The Arab Spring: an Anti-systemic Movement? The Case Of Egypt“ PhD Assistant Professor at TED University, Ankara, Turkey https://www.academia.edu/3847097/The_Arab_Spring_an_Anti-systemic_Movement_The_Case_Of_Egypt

14. Erzsébet N. Rózsa „Geo-Strategic Consequences of the Arab Spring“ https://www.academia.edu/3761145/Geo-Strategic_Consequences_of_the_Arab_Spring_papersiemed19
15. Gamal M Selim - The International Dimensions of Democratization in Egypt https://books.google.mk/books?id=WzsPCgAAQBAJ&pg=PA42&lpg=PA42&dq=first+of+april+save+the+revolution+egypt&source=bl&ots=oSFX89Tdui&sig=ACfU3U0Ta0gwLb9QTdgeX_qbAX25s5VVsw&hl=en&sa=X&ved=2ahUKEwjSx_efr_LnAhWttIsKHSk_D7cQ6AEwCnoECAoQAQ#v=onepage&q&f=false
16. Georgios Riggas; Hamas-Egypt Relations: The Geopolitical Perspective https://www.academia.edu/21626586/Hamas-Egypt_Relations_The_Geopolitical_Perspective_-_March_2013_IMES_Seminar_Talk_
17. Bashir Saade „Hamas-Egypt Relations during Morsi's Presidency“ – BRAIS Conference Talk https://www.academia.edu/21626526/Hamas-Egypt_Relations_during_Morsi_s_Presidency_-_BRAIS_CONFERENCE_2015_TALK_Presented_by_Dr._Bashir_Saade_
18. Hatem Maher and Wael Eskandar, 24th January (2012), Timeline: Egypt's year of revolution - presents a timeline of events since the eruption of January 2011 popular uprising that ended the 30-year autocratic rule of Hosni Mubarak; Ahram Online http://english.ahram.org.eg/NewsContent/1/114/32352/Egypt/-January-Revolution-continues/Timeline-Egypts-year-of-revolution.aspx
19. Housam Darwisheh - Egyptian-Sudanese relations amidst power struggles in the Middle East and Horn of Africa https://www.ide.go.jp/library/English/Publish/Download/Report/2018/2018_2_40_008_ch01.pdf (p3-11)
20. Humanities › Geography - The Halayeb Triangle https://www.thoughtco.com/halayeb-triangle-1435449
21. IMFA: Declaration of Establishment of State of Israel https://www.mfa.gov.il/mfa/foreignpolicy/peace/guide/pages/declaration%20of%20establishment%20of%20state%20of%20israel.aspx
22. International Crisis Group – Middle East and North Africa; Keeping Egypt's Politics on the Agenda https://www.crisisgroup.org/middle-east-north-africa/north-africa/egypt/keeping-egypts-politics-agenda
23. Istituto affari internazionali (IAI)- From Morsi to El Sisi - Foreign Policy at the Service of Domestic Policy 03.2015 (p 2-4) http://www.iai.it/sites/default/files/inegypt_08.pdf
24. Jeremy M. Sharp - Egypt: Background and U.S. Relations Specialist in Middle Eastern Affairs https://www.refworld.org/pdfid/58e240464.pdf
25. Klaus Dodds (2005) Global Geopolitics: A Critical Introduction (Pearson Education)
26. Klaus Dodds Geopolitics: A very short introduction
27. Kobi Michael and Omer Dostri ; Strategic Assessment (2018) | Volume 21 | No. 3 | October 2018 The Hamas Tightrope: Between Political Institutionalization and Armed Struggle https://www.researchgate.net/publication/330359113_The_Hamas_Tightrope_Between_Political_Institutionalization_and_Armed_Struggle

28. M. Serkan TAFLIOĞLU ; From Burden To Strategic Asset; The Relationship Between The Government of Hamas and Mubarak's Egypt https://dergipark.org.tr/tr/download/article-file/185045
29. Mahmoud Karem NATO Foundation Defense College – Arab Geopolitics in Turmoil; Perceptions, Unknown and Policies - REBUILDING POLITICAL CONSENSUS AND SOCIAL DEVELOPMENT: THE EGYPTIAN CASE http://www.natofoundation.org/wp-content/uploads/2016/07/NDCF-Arab-Geopolitics-Feb-2016.pdf
30. MFA- Israel's War of Independence https://mfa.gov.il/mfa/aboutisrael/history/pages/israels%20war%20of%20independence%20-%201947%20-%201949.aspx
31. Middle East Eye Rabaa: The massacre that ended the Arab Spring https://www.middleeasteye.net/news/rabaa-massacre-ended-arab-spring
32. Mohamed Abd El Ghany , Reuters „Egyptian court sentences Muslim Brotherhood leader to life in prison"; July 5th, 2014 Cairo https://af.reuters.com/article/topNews/idAFKBN0FA0BL20140705
33. Mohammad Yaghi; Oslo Accords: The Text, The Intentions and the Question Of Peace https://www.academia.edu/20667371/Oslo_Accords_The_Text_The_Intentions_And_The_Question_Of_Peace
34. Mostafa Kamal Madbouly Prof. Dr.; Minister of Housing, Utilities and Urban Communities; Arab Republic of Egypt – National Report http://habitat3.org/wp-content/uploads/Egypt-Final-in-English.compressed-1.pdf
35. Peter Hessler -The new yorker, негова издадена книга "The Buried: An Archaeology of the Egyptian Revolution." Mohamed Morsi, Who Brought the Muslim Brotherhood to the Egyptian Presidency - published on 19.06.2019 https://www.newyorker.com/news/news-desk/mohamed-morsi-who-brought-the-muslim-brotherhood-to-the-egyptian-presidency
36. Philippe Fargues ; The Graduate Institute of Geneva: Mass Migration and Uprisings in Arab Countries https://journals.openedition.org/poldev/2275
37. Revue européenne des migrations internationales - The Arab Spring: A Revolution for Egyptian Emigration? https://journals.openedition.org/remi/8481
38. Robert F. Worth A Rage for Order: The Middle East in Turmoil, from Tahrir Square to ISIS
39. Sargon S. Poulis The Post-Arab Spring Geopolitical Instability And Its Effects On Middle East And North Africa - Fort Hays State University https://scholars.fhsu.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1049&context=theses
40. Shinta Puspitasari (2011) Arab Spring: A Case Study of Egyptian Revolution https://www.researchgate.net/publication/324688042_Arab_Spring_A_Case_Study_of_Egyptian_Revolution_2011 (p 162-163)
41. Stratfor (April 2012) The Geopolitics of Egypt: From eternal stability to turmoil,( 17th in a series of monographs on the geopolitics of countries influential in world affairs) https://worldview.stratfor.com/article/geopolitics-egypt-eternal-stability-turmoil

42. Tammam Omer Abdulsattar ; A Critical analysis of the Arab Spring: Case studies of Tunisia and Egypt – Political Science and International Relations Program http://etd.lib.metu.edu.tr/upload/12619524/index.pdf
43. World Bank-ARAB REPUBLIC OF EGYPT: Cost of Environmental Degradation - Air and Water Pollution http://documents.worldbank.org/curated/en/619601570048073811/pdf/Egypt-Cost-of-Environmental-Degradation-Air-and-Water-Pollution.pdf
44. Zoltan Barany (October 2011) Comparing the Arab Revolts- the role of the military - https://www.journalofdemocracy.org/wp-content/uploads/2011/12/Barany-22-4.pdf (p28-33)
45. Ahmad Alahmad; „THE CHANGES OF AMERICAN FOREIGN POLICY TOWARD EGYPT DURING ARAB SPRING2011-2016" https://www.academia.edu/36529174/THE_CHANGES_OF_AMERICAN_FOREIGN_POLICY_TOWARD_EGYPT_DURING_ARAB_SPRING_2011-2016.pdf (p 61-65)
46. Ахмед Адам, соработник за истражување на Правниот факултет СОАС, Универзитет во Лондон- Автор во Al Jazeera – „Што се случува помеѓу Египет и Судан" https://www.aljazeera.com/indepth/opinion/egypt-sudan-crisis-180110134022602.html
47. Бојан Блажевски , „The process of democratization and the military rule after the revolution in Egypt" p136-138, Безбедносни Дијалози Vol. 5 no.2, 2014 ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ- СКОПЈЕ Институт за Безбедност, Одбрана и Мир;
48. Желтов, В.В. Желтов, М.В. (2012) Геополитика: история и теория. Москва: Вузовский учебник
49. Израелско Министерство за Надворешни Работи (10.09.2011) https://mfa.gov.il/MFA/PressRoom/2011/Pages/Statement_PM_Netanyahu_events_Cairo_10-Sep-2011.aspx
50. Килибарда, З. (2008) Основе геополитике. Београд: Универзитет у Београду – Факултет безбедности
51. Котовчевски Митко (2010) „Национална безбедност", Филозофски факултет, Скопје
52. Котовчевски Митко (2011) Менаџирање на терористички закани , Филозофски факултет Скопје
53. Милески Тони (2010) „Концепти на светски геополитички поредоци",Филозофски факултет, Скопје
54. Милески Тони (2015) „Политичка географија и геополитика", Скопје: Филозофски факултет

**Користени интернет страници**

55. A timeline of key events in Egypt since 2011 uprising https://apnews.com/9d6a051ba57b4ca8b0633dd8e1bcb81f/A-timeline-of-key-events-in-Egypt-since-the-2011-uprising
56. Ancient Egypthttps://www.ancient.eu/egypt/
57. a1on- Ердоган: Морси не почина од природна смрт https://a1on.mk/region1/erdogan-morsi-ne-pochina-od-prirodna-smrt/
58. Africa- Egypt: Climate https://www.nationsencyclopedia.com/Africa/Egypt-CLIMATE.html

59. Amnesty International UK – Egypt after 2011 revolution 04.08.2014 https://www.amnesty.org.uk/egypt-after-2011-revolution
60. Anadolu Agency : The Muslim Brotherhood: A history of (alleged) violence https://www.aa.com.tr/en/middle-east/the-muslim-brotherhood-a-history-of-alleged-violence/1478963
61. BBC Egypt: Abdul Fattah al-Sisi profile https://www.bbc.com/news/world-middle-east-19256730
62. BBC News Gaza: Egypt 'to open Rafah crossing to Palestinians' 25.05.2011 https://www.bbc.com/news/world-middle-east-13552685
63. Britannica Egypt – People ( Ethnic composition) https://www.britannica.com/place/Egypt/People#ref43466
64. CARNEGIE- Endowment for international peace - Overview of Egypt's Constitutional Referendum 16.03.201 https://carnegieendowment.org/2011/03/16/overview-of-egypt-s-constitutional-referendum-pub-43095
65. CIA Публикации- The Word Factbook - This page was last updated on December 7, 2019 https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/print_eg.html
66. CNN-Egypt cracks down on mass protests as Mubarak dissolves government http://edition.cnn.com/2011/WORLD/africa/01/28/egypt.protests/index.html
67. Counter Extremism Project- Muslim Brotherhood https://www.counterextremism.com/threat/muslim-brotherhood
68. DW: Ethiopian Grand Renaissance Dam manager Simegnew Bekele found dead https://www.dw.com/en/ethiopian-grand-renaissance-dam-manager-simegnew-bekele-found-dead/a-44842141
69. Egypt & Russia Relations https://www.globalsecurity.org/military/world/egypt/forrel-ru.htm
70. Egypt in the Aftermath of the Arab Spring https://www.accord.org.za/conflict-trends/egypt-aftermath-arab-spring/
71. Egypt Independent - Obama asks Egypt to protect Israeli embassy 10.09.2011 https://www.egyptindependent.com/obama-asks-egypt-protect-israeli-embassy/
72. Egypt: 2012 Presidential election results https://www.eisa.org.za/wep/egy2012results.htm
73. Egyptian court declares Hamas a 'terrorist' group https://www.aljazeera.com/news/2015/02/egyptian-court-declares-hamas-terrorist-group-150228122454458.html
74. Egyptian emigration to Georgia: Promised land or fool's paradise? http://english.ahram.org.eg/NewsContent/1/151/73088/Egypt/Features/Egyptian-emigration-to-Georgia-Promised-land-or-fo.aspx
75. Encyclopedia Britannica, Adam Zeidan, Assistant Editor https://www.britannica.com/biography/Mohamed-Morsi#ref343146
76. Encyclopedia of the Nations-Africa-Egypt https://www.nationsencyclopedia.com/Africa/Egypt.html

77. Haaretz- Hamas: „Morsi victory in Egypt will help Palestinian cause” https://www.haaretz.com/hamas-morsi-victory-will-help-palestinians-1.5186603
78. HASAN AL-BANNA AND HIS POLITICAL THOUGHT OF ISLAMIC BROTHERHOOD https://www.ikhwanweb.com/article.php?id=17065
79. Hillary Clinton meets Egypt leader Mohammed Morsi https://www.bbc.com/news/world-middle-east-18840168
80. History: Camp David Accords https://www.history.com/topics/middle-east/camp-david-accords
81. History: Jimmy Carter wins Nobel Peace Prize https://www.history.com/this-day-in-history/jimmy-carter-wins-nobel-prize
82. http://www.capmas.gov.eg/HomePage.aspx
83. https://tradingeconomics.com/egypt/gdp-growth
84. https://www.worldvision.org/child-protection-news-stories/female-genital-mutilation-fgm-facts
85. Jerusalem Post- UK's Cameron condemns attack on Israeli Embassy in Cairo 10.09.2020 https://www.jpost.com/Breaking-News/UKs-Cameron-condemns-attack-on-Israeli-Embassy-in-Cairo
86. Jessi Kempel (26.01.16 )„Wired- Social Media Made the Arab Spring, But Couldn't Save It“ - https://www.wired.com/2016/01/social-media-made-the-arab-spring-but-couldnt-save-it/
87. La Times: In Egypt, Hillary Clinton offers support for Islamist president https://www.latimes.com/world/la-xpm-2012-jul-15-la-fg-egypt-clinton-20120715-story.html
88. Middle East Institute, Libya-Egypt Relations: Bad Neighbor, Good Neighbor https://www.mei.edu/publications/bad-neighbor-good-neighbor-libya-egypt-relations
89. Middle East Policy Council - Israeli Embassy Attack Raises https://mepc.org/commentary/israeli-embassy-attack-raises-questions
90. Middle East Policy Council Egypt and Iran: The 30-year Estrangement https://mepc.org/journal/egypt-and-iran-30-year-estrangement
91. Monde Diplomatique English, Nael Shama, “Understanding Cairo,” https://mondediplo.com/outsidein/understanding-cairo
92. NY Times - Named Egypt’s Winner, Islamist Makes History https://www.nytimes.com/2012/06/25/world/middleeast/mohamed-morsi-of-muslim-brotherhood-declared-as-egypts-president.html
93. Population of Cities in Egypt – 2020 http://worldpopulationreview.com/
94. Rania Abouzeid;„Bouazizi: The Man Who Set Himself and Tunisia on Fire“ http://content.time.com/time/magazine/article/0,9171,2044723,00.html
95. Reuters: Egypt gas pipeline to Israel, Jordan attacked 27.04.2011 https://www.reuters.com/article/us-egypt-attack/egypt-gas-pipeline-to-israel-jordan-attacked-source-idUSTRE73Q0RR20110427

96. The Arab Spring in Egypt https://rlp.hds.harvard.edu/faq/arab-spring-egypt
97. The Economic Complexity Observatory: An Analytical Tool for Understanding the Dynamics of Economic Development https://oec.world/en/profile/country/egy/
98. The Global Economy- Egypt https://www.theglobaleconomy.com/Egypt/
99. The Guardian „Hosni Mubarak vows to stand down at next election – but not now Jack Shenker and Peter Beaumont in Cairo, Ian Black and Chris McGreal Wed 2 Feb 2011 https://www.theguardian.com/world/2011/feb/01/hosni-mubarak-egypt-president
100. The Guardian Hosni Mubarak's speech: full text published on Wed 2 Feb 2011 https://www.theguardian.com/world/2011/feb/02/president-hosni-mubarak-egypt-speech
101. The Guardian-Brian Whitaker ( First published on Tue 28 Dec 2010) - „How a man setting fire to himself sparked an uprising in Tunisia“ https://www.theguardian.com/commentisfree/2010/dec/28/tunisia-ben-ali
102. The Nobel Prize 1978 https://www.nobelprize.org/prizes/peace/1978/summary/
103. The Washington post- Egypt cracks down after Israeli embassy attack 10.09.2011 https://www.washingtonpost.com/world/middle-east/egypt-cracks-down-after-israeli-embassy-attack/2011/09/10/gIQA78JIIK_story.html
104. The White House-Remarks by the President on the Situation in Egypt ; August 15, 2013 https://obamawhitehouse.archives.gov/the-press-office/2013/08/15/remarks-president-situation-egypt
105. U.S. Bill Has Egypt's Copts Squirming by Youssef M. Ibrahim https://www.nytimes.com/1998/04/12/world/us-bill-has-egypt-s-copts-squirming.html
106. UNHCR Syria Regional Refugee Response – Egypt https://data2.unhcr.org/en/situations/syria/location/1
107. US Department of State Bureau of Counterterrorism "Foreign Terrorist Organizations," https://2009-2017.state.gov/j/ct/rls/other/des/143210.htm
108. VOA Middle East-Egypt's Mubarak Grooming Son for Presidency? September 06, 2010 08:00 PM https://www.voanews.com/middle-east/egypts-mubarak-grooming-son-presidency
109. VOA: Ethiopia Won't Bend to US Pressure on Dam, Foreign Minister Says By Associated Press https://www.voanews.com/africa/ethiopia-wont-bend-us-pressure-dam-foreign-minister-says
110. Voice of America - Thousands Protest to 'Save the Revolution' In Egypt 31.03.2011 https://www.voanews.com/world-news/middle-east-dont-use/thousands-protest-save-revolution-egypt
111. VOX: Egypt's dictator murdered 800 people today in 2013 https://www.vox.com/2015/8/14/9153967/rabaa-sisi